МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“ –
БИТОЛА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ



Магистерски труд по предметот
Заедничка надворешна и безбедносна политика

Тема: Современа одбранбена политика на ЕУ со посебен осврт на влијанието на „француско-германскиот мотор“

Ментор: **Изработил:**

проф. Оливера Крстевска **Сотир Габелоски**

Битола, 2021

ИЗЈАВА

Изјавувам дека при изработката на магистерскиот труд ги почитував позитивните законски прописи на Република Северна Македонија од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди и соодветниот стил на цитирање. Изјавата ја давам под полна морална, материјална и кривична одговорност.

Изјавил:

Сотир Габелоски

_____

Апстракт

Одбранбената политика на ЕУ е дел од иднината на Европската Унија. Што ќе се обработи во оваа област ќе влијае на целокупното работење на Унијата и функционирањето на државите во рамки на организацијата.

Франција и Германија ја имаат лидерската улога во креирањето, менаџирањето и имплементацијата на одредбите од овој сектор дел од „секојдневието“ на ЕУ. Но, удел во одбраната имаат сите држави – членки на ЕУ, но и на оние кои се стремат кон членство во Заедницата.

Самите извештаи и стратегиите за одбраната на ЕУ детерминираат дека развојот на одбраната е на незадоволително ниско ниво и истите документи определуваат поамбициозни чекори за да се постигнат целите. Од Франција секојдневно се зголемуваат амбициите кои често завршуваат со создавање на европска армија.

Во одбраната удел има и САД. Сите релевантни документи заклучуваат дека соработката со САД мора да продолжи, а паралелно ЕУ да се надоградува за да може да парира на своите партнери.

Целта да се надмине зависноста од НАТО е исто така едногласен став и на државите-членки и на сите западни партнери.

Клучни зборови: одбранбена политика, заедничка надворешна и безбедносна политика, ЕУ, француско-германски мотор, европска армија, САД, НАТО.

Abstract

The defence of EU is part of the European Union's future. What can and will be done in this area will have consequences in the work of EU as a whole, and the function of the states in the organisation.

France and Germany are the liders in the creation, managing, and implementation of the acts part of this sector part of the "everyday life" of EU. However, all countries members of EU, and also those who aspire to become a part of the EU have their own influence on the defence.

The reports and defence EU strategies determine that the level of development of the defence is both low and inssuficient. Also, they determine more ambitious steps in fulfilling the goals. The ambitions form France are growing all the time and they finish with the creation of European Army.

Regarding the defence the USA has its own influence, also. All the relevant documents say that the cooperation with the United States of America has to continue, and, in the same time, EU to continue to upgrade its capacities so it can be an equal partner.

The goal is for the dependence upon NATO to be overcome and that is a unilateral attitude of the countries members and all of the west partners.

Key words: Defence policy, common foreign and security policy, EU, French-German engine, European army, USA, NATO

СОДРЖИНА

Вовед.....1

Формулација на проблем.....3

Предмет на истражување.....4

Цел на истражување.....5

Оправданост на истражувањето.....6

Хипотетска рамка.....7

Методолошка постапка.....8

Франција на иницијативата за нова одбранбена и безбедносна политика.....9

Категории на надворешната политика на Европската Унија.....17

Извештаите на Европската комисија и безбедносна и одбранбена политика.....23

САД и заедничката европска одбранбена политика.....32

Практични чекори во рамки на европската одбранбена политика.....40

Иднината на НАТО.....45

Односите меѓу НАТО и ЕУ.....49

Иднина на долги патеки.....55

Глобални предизвици.....56

По или со Трамп?.....63

Инфраструктура.....66

Определбите на ЕУ според Одбранбената стратегија од 2013.....75

Коронавирусот и одбранбената политика на ЕУ.....80

Стратешка автономија на ЕУ.....87

Заклучок.....90

Користена литература.....92

Вовед

Потребата од поинтегрирана, поцврста и посигурна безбедносна и одбранбена надворешна политика е во нагорна линија во изминатите десетина години. Иако, ЕУ уште од самите свои почетоци кога носела друго име работи на своја надворешна и безбедносна политика, одбранбената политика е во фокусот изминатите години. Ова се случува во време кога во ЕУ растат екстремиситичките сили, Унијата повеќе се дезинтегрира отколку што се интегрира. Интеграцијата на нови земји сериозно забавува и довербата во европските институции се намалува. Оттука покрај поголема демократизација на ЕУ, создавање на една унија која ќе биде многу повеќе интегрирачка неформалните лидери на Заедницата ја креираат идејата за создавање на поцврста одбранбена унија која ќе ги анулира сите несигурности и опасности по земјите-членки, унијата како целина и европските институции.

Идејата за поцврста одбранбена и безбедносна политика е особено засилена со претседателот на Франција Емануел Макрон придружуван од Гермнаската канцеларка Ангела Меркел. Фокусот се повеќе се става на воените сили, решавање на конфликти и промовирање на вредноста мир. Се' ова се случува кога ЕУ доживува дезинтеграција со излегувањето на Велика Британија на ЕУ и период на тешка интеграција на нови земји. Интеграцијата на Северна Македонија и Албанија оди тешко и несигурно и сите релевантни извори велат дека причината за тоа се заканите за влијание кои доаѓаат од Истокот. Ова е тесно поврзано со одбраната и безбедноста на земјите. Влијание на ЕУ треба да се воспостави одново на Балканот и Унијата треба да обезбедни поголема сигурност на земјите и нивните граѓани, помош за зацврстување на институциите, владеење на правото, почитување на човековите права и арбитража при решавање на меѓународни спорови, доколку се случуваат, секако. Така што, потребите за поинтегрирана Европска Унија се зголемуваат со барањата за поголема безбедност и заедничка одбранбена политика со надградени капацитети кои ќе бидат подготвени да ги реализираат барањата на модерното време и да ги адресираат сите закани од надвор и внатре.

Но, во ова време на пандемија на коронавирусот дополнителни вложувања во одбраната се чинат малку далечни. ЕУ се соочува со голем пад на економијата, а пакетот кој Европската комисија го одделува за помош на Унијата и земјите членки е во трилиони. Оние апелирања од Емануел Макрон за поголеми вложувања на земјите-членки во армијата пред се' и генерално одбраната пред коронавирусот изгледаа реални, но денес, веќе неколку месеци како корона кризата се развива главните вложување се во здравството, помош на приватниот сектор и најранливите групи на граѓани. Вложувањето во одбраната и безбедноста сега не се приоритет, а заканите кон Унијата од соседството се зголемуваат секој ден, иако, како што ќе видиме во магистерскиот труд, воените капацитети играат сериозна улога во справувањето со Ковид-19.

Во заканите кои ја демнат Унијата можеме да ги вброиме подемите на десничарите, несигурната околина на државите членки, Косово и Србија, па и внатрешните проблеми како во Унгарија, Полска и други. Унијата на долг рок мора да обрне поголемо внимание на ова и да ја зајакне безбедноста на граѓаните и државите, а со тоа ќе обезбеди поголема верба во институциите на системот и во иднината на ЕУ. Тоа пак

ќе придонесе за поголема интеграција, понатамошно проширување на Унијата и анулирање на сите внатрешни закани кои придонесуваат за дезинтеграција. Проектот за мир опфаќа се поголемо значење, а одбраната дефинитивно треба да биде на повисока позиција на институциите и државите за да се постигне повисоката цел на ЕУ.

Неколку извештаи и стратегии не ЕУ ги потврдуваат овие ставови и потреби на Унијата за нејзино зацврснување, зголемување на довербата во институциите и создавање чувство дека Заедницата ги адресира вистинските проблеми. Исто така, и секојдневната пракса, односно од следењето на вестите поврзани со меѓународната политика и ЕУ се забележува обрнување особено внимание на одбранбената политика и тоа доаѓа како иницијатива на Францускиот претседател. Одбранбената и безбедносна политика е можеби за нијанса повреднувана откако тоа излезе како отворено барање и визија на Макрон како еден од идните неформални лидери на ЕУ. Изминатите години одбранбената политика има високо и привлекува еднакво, а некогаш и зголемено внимание кај меѓународната јавност, државите во и надвор од ЕУ и самите институции на системот на Заедницата.

Одбраната на ЕУ и состојбата со безбедносната политика се едни од најголемите предизвици на Унијата заедно со економијата, владеење на правото, интеграција и обединување на оваа заедница. Од Франција и со поддршка од Германија доаѓаат повици за промена на ЕУ. Тоа го увиде и Република Северна Македонија која за влез во ЕУ беше условена со новата преговарачка рамка иницирана токму од Франција. Ваквите чекори иако делуваат како борба за влијание и некогаш внимание, сепак тие индицираат дека институциите на ЕУ бараат нови политики, нови стратегии кои на долг рок ќе ја преобразат Унијата на внатрешен и надворешен план. Одбраната и безбедносната политика доаѓа на врвот на потреби од таа преобразба која се очекува да се случи.

Формулација на проблем

ЕУ се соочува со големи закани по безбедноста на европските државјани од неколку страни, од внатре и од надвор. На ЕУ повеќе од било кога и е потребен сериозен одбранбен механизам кој ќе биде партнер во економскиот успех на Унијата. Сепак, и покрај ова едногласно согласување за состојбите на терен во структурите на ЕУ се забележуваат низа неусогласености кој развојот на одбранбената политика го прават бавен и делува неефикасно. Самите лидери на одбранбената и безбедносна политика Франција и Германија се разединуваат по ова прашање по многу основи, додека истовремено овие две држави се тој „Мотор“ на одбранбената политика.

Предмет на истражување

Предмет на истражување на овој семинарски труд ќе биде современата одбранбена политика на ЕУ, визијата за иднината на оваа област, влијанието врз севкупното уредување на Заедницата и ќе биде направен преглед на сите релевантни документи, како стратегии и извештаи, за развојот на одбраната. Трудот ќе даде еден преглед на состојбата со одбранбениот систем на ЕУ и што тоа значи за целокупниот развој.

Цел на истражување

Целта на ова истражување е да даде јасна слика за состојбата со одбраната и да ја претстави визијата за иднината на одбранбениот систем на ЕУ. Трудот ќе покаже и зошто е важен овој дел од ЕУ.

Оправданост на истражувањето

Научната оправданост на истражувањето на темата се отсликува во се поголемиот интерес да се истражува ова поле, но и се поголемиот фокус на ЕУ на одбраната. Стратегиите кои се создаваат, извештаите на Комисијата и други важни документи даваат оправданост на оваа тема како валидна за истражување од научен аспект.

Општествената оправданост произлегува од се погласните „крици“ на безбедноста на ЕУ. Заради деградирачкото ниво на безбедност вербата во системот на ЕУ се намалува, а полето добиваат екстремнтие сили на политичката сцена. Темата е актуелна во секојдневниот живот на граѓаните на земјите од ЕУ и затоа неопходно е нејзино истражување.

Хипотетска рамка

1. Безбедноста на ЕУ зависи од имплементацијата на Стратегиите за одбранбена и безбедносна политика
2. Безбедноста на ЕУ зависи од заложбата на француско-германскиот „мотор“
3. Одбранбената политика на ЕУ зависи од поставените начела во извештаите на Комисијата
4. Одбранбената политика зависи од заедничкиот пристап на земјтие-членки
5. Одбранбената и безбедносна политика зависи од променливите процеси на глобално ниво.
6. Одбранбената политика на ЕУ зависи од поддршка на ЕУ и НАТО
7. Развојот на одбраната на ЕУ зависи од вложувањето на државите

Методолошка постапка

При изработката на семинарскиот труд ќе се користат Стратегиите за одбранбена и безбедносна политика, европсктие извештаи и националнтие документи засегајќи ја оваа област. Како извор на информации ќе биде и самата пракса пренесена преку најпознатите европски медиуми.

Франција и иницијативата за нова одбранбена и безбедносна политика

Како што беше наведено погоре со доаѓањето на Емануел Макрон на функцијата Претседател на државата повиците за реформа и создавање на поцврста одбранбена и безбедносна политика се засилени. Дури и се чини како таа идеја да доаѓа токму од оваа држава и овој претседател, а не дека на нив им претходат многу стратегии, делови од извештаи на Комисијата и јавни изјави. Процесот на зајакнување на овој дел од ЕУ е отворено поддржан од Германија. Тоа значи дека одбранбената политика конечно го добива вистинското внимание со оглед на тоа дека двете најголеми држави по влијание во ЕУ на голема врата ја носат идејата за овие политики.

Во едно свое соопштение на француската дипломатска мрежа иницијативата за промени во одбранбената политика се толку како лична иницијатива на претседателот Макрон. Самото соопштение тргнува со заклучокот дека ЕУ не може да продолжи да се развива на ист начин, со исти вложувања, исти политики, исти навики, исти процедури со ист буџет. За суверена, демократска и обединета Европа се потребни промени. Повиците за промени поаѓаат токму од одбранбената и безбедносната политика на ЕУ која треба да го понесе новиот развој и да донесе една нова Европа.

Првото начело на создавањето на Европа со сите епитети погоре напишани е посветено на одбраната и тоа е потврда за нашата констатација дека европската промена се гледа низ призмата на зацврстување на безбедноста на државите и граѓаните на ЕУ. Оттука, првото начело ја воспоставува и првата цел на Унијата, а тоа е заедница која на највисоко ниво ќе гарантира безбедност и сигурност, односно секој аспект на безбедноста на граѓаните дел од Унијата.

ЕУ мора да воспостави цврста одбранбена структура, е дел од иницијативата на Макрон. За ова да се оствари се предлагаат неколку чекори:

1. Заеднички сили за воена интервенција

Со ваков акт зависноста од НАТО и САД би се минимизирала, а државите на ЕУ би имале уште нешто заедничко. Ваква воена поставеност би била на готовс при секоја закана која доаѓа од надвор, а чекори можат да бидат преземени и при евентуално внатрешни воени закани. Овие сили би го адресирале директно и тероризмот. Само Франција беше жртва на многу терористички напади кои создадоа несигурност за граѓаните, а одговорот на истите тие закани се чини дека не беше соодветен за можноста да се повтори во иднина да биде минимизиран.

Пропратни елементи на овие воспоставени заеднички сили на сите земјли-членки од ЕУ би биле посебен одбранбен или воен буџет и заедничка доктрина за активност или цела стратегија за делување на овој план. На тој начин би се создал засебен воен фонд кој ќе биде заеднички за сите држави дел од ЕУ и она што ќе произлезе од овој фонд ќе биде постојана, на долг рок воспоставена соработка на ова поле.

Дополнително, се предлага креирање на иницијатива за интервенција и делување во секој момент за побрзо и поефикасно да се интегрира во воените и вооружените сили. Со овие мерки ЕУ ќе стане светска сила и од аспект на одбраната и ќе го надмине оној впечаток за Унијата дека таа е само економска унија и ништо друго, односно она што им го нуди на своите, но и на новите граѓани е економски придобивки и економска

сигурност, но е некој друг тип на сигурност и заштита. Тоа не е доволно и тоа се покажа години наназад, дека ЕУ се дезинтегрира и покрај големите економски придобивки кои ги нуди на постоечките и новите членки. ЕУ мора да се ребрендира затоа што не само државите туку самиот систем со своите институциите бараат повеќе, барааат промени, бараат наново обединување од овој аспект на Заедницата.

Подетално во однос на заканите од тероризам за што укажавме погоре дека Франција има „богато“ скорешно минато. Како одговор на тоа, а да се однесува на целата Унија, Франција и Макрон предлагаат создавање на Европска академија за разузнавање. Оваа Академија се очекува да резултира со зацврстени врски меѓу службите за разузнавање на земјите-членки поединечно. Ова ќе овозможи повисоко ниво на заштита од терористички напади и пресретнување на слични терористички наради кои се случуваа во поголемите градови на континентот.

Адресирањето на заканите од тероризам се вториот аспект од зацврстување на безбедносната и одбранбена политика. Тоа треба да донесе безбедносна заштита од секој аспект. Оттука, констатира Франција, ЕУ треба да создаде заеднички сили за цивилна заштита. Тие сили би го адресирале секој аспект на безбедноста на државите, а ќе произлезе од погоре наведените чекори кои се предлага да бидат преземени. Сето ова, пак, ќе влијае на заштита на граѓаните, државите и Унијата генерално и создавање на Заедница со сите „нишани“ за постоечките и новите членки и партнери. Ќе се ребрендира во меѓународни рамки и ќе стане безбедносен фактор со помала зависност од НАТО и САД, но со повиско ниво на заштита од сите, пред се’, надворешни закани.

Кога се зборува за надворешната и безбедносна политика и подигнување на нивото на безбедност на европските државјани политиките не се сведуваат само на зацврстување на одбранбениот систем, армијата и разузнавањето. Тоа е еден поширок и сеопфатен процес кој опфаќи многу области, сите од нив нудат поглед кон надворешната политика во целост имајќи ги во предвид сите опасности кои доаѓаат однадвор. Ова се потврдува во самата стручна литература и во праксата, како што е овој предмет на истражување преку француската дипломатија, ставовите на Германија и прагмата кога се работи за ЕУ.

Миграционата политика, односно адресирање на потенцијалните закани што ги носи светскиот тренд на миграција се дел од зацврстувањето на безбедносната политика на Унијата. Европа мора да го адресира проблемот заради неколку причини:

1) Првата причина е што ова е еден обемен процес кој веќе со години не запира. Бегалци од Блискиот исток, од земјите како Сирија, Либија, до скоро Египет и многу други со години наназад и во големи бранови доаѓаат во Европа. Многу од нив веќе „се сместија“ во поголемите европски држави и се интегрираат во европското општество. Германија е една од земјите која беше центар на внимание и кај бегалците и кај граѓаните и кај аналитичарите. Германија е најпривлечна земја од економски аспект за бегалците и за сите оние граѓани кои бараат подобар живот. Порелаксираната политика во однос на миграцијата поттикна уште поголем бран на миграција во Европа, многу од мигрантите надевајќи се на лесен прием во оваа држава и продолжување со животот како странски државјанин во оваа европска земја.

2) Миграцијата предизвика два типа на закани: внатрешни и надворешни. Миграцијата отвори поширок простор и полесен пристап на екстремистички и терористички групи. Ова е надворешниот аспект на проблемот. Внатрешниот е што самата миграција предизвика несогласувања и негирања на европските граѓани, а даде полет на внатрешните екстремистички и десничарско-националистички сили изразени преку политичките партии. Миграцијата, се верува, имаше свој удел и во процесот на Брегзит. Овие два аспекти даваат поширока слика за процесот на миграцијата и зошто истиот станува загрижувачки процес во Европа. Континентот мора да го адресира посериозно затоа што граѓаните очигледно не се чувствуваат доволно безбедно. Понатаму, ЕУ не смее да дозволи ова чувство на несигурност да расте затоа што тоа ќе оди во прилог на екстремистички политички партии и националистичките идеолози кои се дел и од Европските парламент. Цели држави денес се застанати против миграцијата и демонстрираат национал-шовинизам отворено кон ЕУ, нешто што не е одлика на Заедницата уште од времето кога се формирала.

   Причините за адресирање на миграцијата се големи и затоа во поново време таа игра голема улога во надворешната политика на ЕУ од аспект на анулирање на сите надворешни закани. Впрочем, самиот Макрон за свој противник не само на претседателските, туку и на локалните избори ја имаше Мари Ле Пен која е претставник на националистички и екстремеистички сили. Ле Пен е сериозен противник на Макрон, а со самото тоа Ле Пен е противник на цела ЕУ со оглед на тоа дека Франција е еден од неформалните лидери на Унијата. Доколку таа беше избрана за претседател на минатите избори, тогаш силен полет ќе се дадеше на овие сили ширум Унијата и континентот.

2. Европа која го адресира проблемот на миграцијата

ЕУ и земјите-членки мора да имаат заеднички пристап во миграцијата. Франција предлага заедништво во контролирањето на границите и заеднички политики за давање азил и самата миграција. Овој предлог е со цел границите да бидат подеднакво ефикасно контролирани и да се создаде заеднички систем за интегрирање на бегалците во системот и создавање механизам за враќање на оние кои не можат да се интегрираат во некоја од ЕУ-државите и генерално Унијата. Овде гледаме дека Франција не е против азилот и миграцијата, туку создавање на една заедничка политика која заеднички и интегрирано ќе го адресира проблемот. На тој начин, цела ЕУ ќе има еден унифициран систем посветен на миграцијата. Така, проблемите би се адресирале поефикасно и посуштински.

Погледите на Франција се радикални и можеби со право затоа што адресираат проблем кој веќе се развива и трае. Се предлага создавање на посебна канцеларија за азил која ќе издава биометриски документи, ќе ја следи работата на границите и ќе располага со база на податоци создадена од базите на сите земји-членки. Во блиска иднина ова треба да одведе до создавање на посебна европска гранична полиција. Европската гранична полиција ќе овозможи ригорозно контролирање на границите, прием на азиланти и враќање на оние кои не соодвествуваат за барањата на ЕУ. Згора на ова, Франција и претседателот се за создавање на една програма на европско ниво за

тренинг и интеграција на азиланти. Оваа програма треба да има сериозно финансирање за да се создаде и опстои.

И покрај тоа што гледиштата на Франција се чинат радикални тие сепак завршуваат со почитување на човековите права и бранењето на интегритетот на ЕУ. Франција е за интеграција и прием на бегалци, но тоа да оди по строго контролиран пат со цел да се обезбеди пристап на бегалците на кои тоа им е вистинска потреба и, истовремено да се обезбеди, сигурност кај граѓаните на Унијата. Овој пристап на Франција делува и како против одговор на пристапот на Германија кој беше поотворен, но и алудира на создавање заеднички пристап на Унијата кон овој проблем. Денес имаме држави како Унгарија кои не сакаат да прифатат бегалци ниту како транзит, па се до отворени држави како Германија. Оваа дискрепанца зборува за дезинтеграцијата на ЕУ што дополнително го разгорува огнот на несигурноста кај европските државјани.

Потребен е заеднички пристап за бегалците да добијат еднаков третман, но и создавање на еден мерит систем и систем на казнување на оние држави кои нема да се придржуваат до усогласените политики на ЕУ за миграцијата. Верувањето на Франција и претседателот Макрон е дека на овој начин, со овие мерки ќе се создаде еден добар менаџмент систем за миграцијата, која игра се поголем удел во надворешната и безбедносна политика на Заедницата.

Заради дискрепанцата која постои во односот кон миграцијата овие препораки на Франција изгледаат обемни, но не и премногу радикални. Радикалната дискрепанца последично бара порадикален пристап и сериозни политики да се имплементираат за да се надминат утврдените проблеми.

3. Европската Унија треба повеќе да се насочи кон Африка и Медитеранот

Според Франција, ЕУ мора да се осврне посериозно кон Африка и Медитеранот. Овие области не се помалку важни од миграцијата и односите со САД, Кина и другите држави. Впрочем, суштината на ЕУ е комплетирана со односот кон Африка во кој ЕУ нема ниту директен интерес за да оствари одредена цел, ниту пак опасност за своите граѓани кои би дошол од земјите на континентот. Осврнувањето кон трети земји зборува за мирнодопската основа на постоењето на ЕУ и придонесот кон светскиот мир.

Оттука, Франција и претседателот Макрон бараат засилување на соработката меѓу двата континенти на економски, здравствен и енергенсен план. Тоа ќе ја зацврсне соработката меѓу двете земји и на тој начин таа ќе ја започне традицијата од донор/реципиент до одржлива меѓусебна соработка која ќе донесе придобивки не само за двата партнери, туку за светот.

Но, во што се состои и зошто е воспоставена оваа соработка меѓу Африка и ЕУ која во моментов е на база на помош од страна на ЕУ кон овој контенент?

Соработката е воспоставена уште во 2000-та година на заедничкиот самит во Каиро, а потоа продолжена во Лисабон и заедничката стратегија. Целта на ЕУ и Африка да работат поблиску и да соработуваат на политички и други начини со цел придобивки за двете страни. Соработката треба да ги доближи двете страни и да поттикне поголема, пред се', економска соработка, а потоа и одржлив развој, опстанок и

соработка во мир, безбедност, сигурност демократија, просперитет, солидарност и човечко достоинство. Дополнителни заеднички интереси се климатските промени, глобалниот мир и одржлив развој.

Како што наведовме погоре, соработката меѓу ЕУ и Африка треба да ги однесе двете страни до едно повисоко ниво, особено Африка, во кое и континентот ќе има приближно еднаква улога како Унијата. Тоа значи дека соработката нема да биде во форма на донации и помош од економски и политички посилната ЕУ, туку Африка да биде глобално помоќен играч кој и на своите граѓани ќе им обезбеди повисоки животни стандарди. Во едно такво идно сценарио Африка би бил еднаков партнер кој покрај тоа што добива, може и да дава. Тоа би била соработка рамна на соработка меѓу големите држави, како САД и Кина. На тој начин улогите донор и реципиент ќе транзитираат во парнерство кое ќе работи на заеднички цели и во добри и лоши моменти ќе се разменуваат разновидни „пакети“.[1]

Видовме дека Африка е особено важна за Франција, но во истиот кош е и Медитеранот со кој соработката датира од порано, уште од 1995-та година. И ова е важна област за ЕУ.

Програмата ЕУРОМЕД се воспоставила во Барселона со одлука на Европскиот совет и целта било да се постават основите на една нова соработка, едни нови меѓународни односи кои исто така ќе донесат придобивки и за околината околу овие две страни.

Соработката треба да резултира со мир, стабилност и развој на медитеранските партнер земји. Со оглед на ова, опфаќање политички, економски и социјални видови на соработка е императив.

Во 2018-та соработката била унапредена преку „Унија за Медитеранот“ која ја прошири соработката. Истата оттогаш се заснова на повисоки цели како економија, енергија, заштита на животната средина, здравство, миграција и култура. Оваа унија делува како под-унија на ЕУ и во неа членуваат земји кои не мора да се дел од Унијата.[2]

Овие области се важни за Унијата историски, а денес стануваат се поактуелни во рамки надворешната безбедносна и одбранбена политика. Франција и Макрон во својата визија за зацврснување на безбедносната политика како еден од приоритетите ги стават и односите кон овие две области и соработките кои се остваруваат во рамки на воспоставените соработки. Овие се стратешки области кои се важни за ЕУ во овие моменти и тие се на пиедесталот на надворешните работи на Унијата. Заедно со преостанатите две кои беа образложени се дел од слагалката наречена европска безбедносна и одбранбена политика без која не може да се постигнат сите цели.

---

[1] *Партнерство и заедничката стратегија на ЕУ и Африка.* Извадено од: https://africa-eu-partnership.org/en/partnership-and-joint-africa-eu-strategy

[2] *Евромедитеранско партнерство (ЕУРОМЕД).* Извадено од: https://www.ilo.org/brussels/ilo-and-eu/euro-mediterranean-partnership/lang--en/index.htm

4. Европа пример во одржлив развој

ЕУ треба да го зголеми инвестирањето во екологијата, во заштитата на животната средина и во искористување на природните ресурси. Европа мора да стане пример во одржливиот развој, а тоа ќе донесе многу придобивки за европските граѓаните. Европа мора да прерасне во еко континент и во таа транзиција Унијата мора да инвестира.

Франција предлага инвестиција во оваа транзиција во областите на индустријата, земјоделието, транспорт и друго. Европа треба да биде ефикасна и преку разни инвестиции да го намали производување на јаглерод не само преку соодветната такса која е на сила, туку и со други порадикални мерки.

Европа треба да одигра и поголема улога во производството на храна. Тоа значи дека преку реформирање на Заедничката земјоделска политика ЕУ ќе обезбедува поголема сигурност за Европјаните во однос на храната. ЕУ треба да биде суверена кога се работи за овој аспект на безбедноста на граѓаните.

Поддршката во индустријализацијата треба да продолжи да се интензивира. Во овој дел Франција и Макрон конкретно реферираат на инвестирање во т.н. „зелени“ возила и на инфраструктура за одржување и функционирање на механизацијата. Како што се соодветни, доволни и модерни станици за полнење на електрични возила. Ова е целосна индустриска програма која се очекува да донесе зелена индустријализација на Европа, која потоа ќе ги обезбеди и другите цели, како делот со инвестирањето во храната, намаленото загадување и создавање на т.н. „зелена“ иднина за континентот. Овој суверенитет ќе и обезбеди на ЕУ дополнителна сигурност и овие мерки се дел од заштитата на секојдневието на граѓаните на ЕУ и подигнување на нивото на безбедност.

Гледаме дека адресирањето на овие аспекти кои навидум не се класични делови од надворешната политика на ЕУ, како што се односите со Африка, миграцијата и создавање на една европска армија, сепак тие играат значајна улога во безбедноста на граѓаните на ЕУ. Заканата од овој тип може да дојде и од внатре и од надвор и затоа Франција се залага Заедницата да ги уредува и овие области и да инвестира во „зелена“ индустрија, заштита на храната и создавање на континент кој ќе биде извозник на обновлива енергија. Ова е заедничка надворешна и безбедносна политика која треба да го подготви континентот за индината. Во ек на развој на вештачката интелигенција, се’ поголемите заложби за инвестирање во обновливи извори на енергија и постиундустриската модернизација на општеството, ЕУ треба да посвети сериозно внимание на заштита на секојдневието на граѓаните. И тоа не се однесува само на заштита од терористички напади, ширењето на политичкиот екстремизам и сл. Туку и преку снабдувањето со храна, изнаоѓање поекономични и „свесни“ за животната средина решенија за луѓето.

Со ова што беше кажано досега и заедно со она што следи ќе заклучиме дека надворешната безбедносна политика на ЕУ е едно широко поле кое опфаќа многу сфери и истите спаѓаат во безбедноста на државите, граѓаните и ЕУ. Тоа не се сведува само на армијата, туку на широко утврдена и прифатена политика која на долг рок не само што ќе го подигне нивото на сигурност и безбедност, туку и ќе го менува европското општество на подобро.

5. Иновација и регулација приспособена на дигитализацијата на Светот

Иновацијата, пронајдоците и регулацијата мора да се приспособат на брзо растечкиот дигитален Свет. Сите регулативи треба да одат во таа насока на дигитализација, односно да бидат компатибилни со дигиталниот свет. Дигитализацијата во Европа треба да оди рамо до рамо со светската, а секојдневниот живот да се приспособува и да биде едукативно подготвен за секој напредок кој е видлив на дневна основа.

Една од првите пораки кои француската дипломатија ги испраќа од овој аспект е дека ЕУ треба да прерасне во предводник во процесот на дигитализација, а не да биде сопатник на задните седишта. Секојдневната регулатива исто така треба да биде напредна и да одговара на сите промени кои се случуваат. Заедно со иновацијата која треба исто така да биде во насока на овие модерни текови тесно поврзани со процесите во дигитално растечкиот свет.

За ова, Франција предлага создавање на заедничка Агенција за пронајдоци и иновација во областа на вештачката интелигенција. Оваа Агенција би го поттикнувала секој обид за и конкретна иновација. Преку Агенцијата се очекува да се зголеми иновацијата во таа модерна насока на дигитализација и така да го регулира секојдневниот живот и да се продре во делови од вештачката интелигенција кои се' уште не се истражени за оттаму да произлезат новитети. Ваквата Агенција ќе отвори простор и за поттикнување на многу нови млади поединци и групи на млади за забрзување на процесот на дигитализацијата, со очекуван краен резултат Унијата да биде предводник во светот на дигитализација.

Франција предвидува и посебен однос кон компаниите кои работат во областа на дигитализацијата и платформите за дигитални решенија и производи. Најпрво треба детално да се разгледа системот на оданочување и истиот да се реформира со што ќе се даде некоја поприлегирана позиција, во однос на даноците, на компаниите од оваа област. Понатаму, дигиталната трансформација треба да донесе доверба во системот за граѓаните. Дигиталните платформи треба да бидат безбедни, со иновации на високо ниво и подготвени да одговорат на барањата и предизвиците. Во моментов се чини дека нивото на доверба во дигитализацијата не е на многу високо ниво и оттука е потребата за дигитална трансформација. Трансформацијата заедно со посебната Агенција наведена погоре ќе придонесе за целосно функционален, напреден и иновативен систем на Европа, безбеден за граѓаните и подготвен за евентуални сајбер напади.

6. Европа како економска и монетарна сила

Во овој дел, а подоцна и со преглед на литературата ќе увидиме дека и економските и монетарни политики на ЕУ се дел од надворешната безбедносна политика. Во ова поглавје ќе разработиме како и зошто ЕУ треба да прерасне во економска и монетарна сила во светски рамки, додека заради истите причини е најпрвилечна за земјите-кандидати за ЕУ интеграција.

Претседателот на Франција главен фокус става на еврозоната која треба да стане центарот на Европа и оттука да се развива понатаму како фактор во светски рамки. Еврозоната покрај тоа што ќе биде уште попривлечна за земјите аспиранти за влез во

ЕУ, со соодветни мерки се очекува да стане центар на Светот и преку неа Унијата да влече доминантни потези во светски рамки.

Развојот и менувањето на еврозоната ќе оди паралелно со национални реформи во однос на буџетите и генерално економските политики. Потоа, на ЕУ и се потребни инструмени за Унијата да стане синоним и простор за стабилност и развој. Исто така, заедничките политики предвидуваат буџет за финансирање на заеднички инвестиции и преземање конкретни мерки и развивање стратегии за справување со економски шокови и дестабилизација.

Силната економија ќе го направи европскиот граѓанин посигурен, побезбеден и самоуверен во светски рамки. Преку поттикнување на бизнисот ЕУ повторно ќе се факторизира на светскиот пазар и конечно ќе биде силна и конкурентна економија.

Зборувајќи за овие официјални ставови на Франција ќе обрнеме кратко внимание и на т.н. француско-германски мотор.

Јасно е дека покрај Франција неформален лидер на ЕУ е и Германија и двете земји ја предводат иницијативата за поконцизна, појасна и поконкретна заедничка безбедносна и одбранбена политика. Овие две земји се навистина моторот на промените кои позади себе водат уште 26 земји и тие се први на удар при Брегзит, терористички напади, ширењето на десниот екстремизам, ковид-19 и друго. Нивната улога е особено важна и затоа накратко ќе стане збор и за тоа.

За почеток, овој француско-германски мотор зборува за целосна интеграција и припојување на пазарите на земјите членки. Ова значи дека навистина пазарот ќе биде еден и еден ист закон ќе го регулира овој пазар како целина, а не делумно одделно на национално ниво. Со ова ќе се зајакне економската и монетарна унија. Ова значи дека ќе се упоребуваат исти, заеднички усогласени правила за бизнисот, почнувајќи од бизнис законите се до законот за банкрот. Слободниот пазар на овој начин до 2024 ќе стане навистина единствен пазар, а монетарната унија, еврозоната и генералните економски политики ќе бидат зајакнати.

Овие предлози или амбиции се во насока на „Елизе договорот“ (Elysee Treaty), со тоа што ќе бидат ревидирани одредбите и ќе бидат преземени поамбициозни чекори за постигнување на уште поамбициозни цели. Овие амбиции треба да бидат заеднички. Тие ќе тргаат од Франција и Германија, но ќе се очекува да бидат прифатени на ниво на унија.[3]

Во овој дел опфативме повеќе области за кои утврдивме преку примери дека се дел од надворешната безбедносна политика. Пред да продолжиме уште попрактично да гледаме на развојот на Унијата преку примери и конкретни политики кои се преземаат ќе се осврнеме на стручната литература која ги класифицира областите кои се дел од

[3] *Иницијативата на претседателот Макрон за Европа: Суверено, обединета и демократска.* Извадено од: https://www.diplomatie.gouv.fr/en/french-foreign-policy/europe/president-macron-s-initiative-for-europe-a-sovereign-united-democratic-europe/

надворешната политика на Заедницата. Така ќе видиме што се' по дефиниција спаѓа во надворешната политика на ЕУ.

Категории на надворешната политика на Европската Унија

a) Трговија и трговски односи

Трговијата и надворешните трговски односи се една од најстарите категории на ЕУ. Врз основа на оваа категорија е базирана царинската унија како и сите договори и определби во рамки на економската политика на Заедницата. Оваа категорија подразбира заеднички пристап на земјите-членки за прашања како утврдување и прилагодување на царински тарифи, евентуални договори со трети земји во рамки на царината и трговијата, регулирање на извозот, субвенционирање и др. Според член 206 од Договорот за функционирање на Европската Унија трговијата во рамки на надворешната политика подразбира хармоничен развој на светската трговија, прогресивно укинување на ограничувањата на меѓународната трговија и на странското директно инвестирање и намалување на цариниte, како и други пречки од оваа област. Трговската политика е раководена од Европската комисија, а истата се базира на низа договори уште од 60-тите години на минатиот век кои до ден денешен опфаќаат многу широк опсег. Тој опсег опфаќа и заштита на трудот, почитување на работнички права и слично. Се' на се', трговската политика е еден сеопфатен дел на надворешната политика на ЕУ кој се однесува на секој аспект директно и индиректно поврзан со трговијата не меѓународно ниво, во и надвор од границите на државите-членки и Заедницата.

b) Безбедносна и одбранбена политика

Ако категоријата на трговија и трговски односи функционира на принципот на супранационалност, категоријата за одбранбена и безбедносна политика чиј почеток е означен во 1975-та преку Европската политичка соработка се карактеризира со исклучиво меѓудржавен карактер. Сите односи и проекти во рамки на одбранбената политика се случуваат со директен контакт меѓу државите и затоа оваа втора категорија се карактеризира со интерговернментално функционирање.

Оваа категорија е дел од Членот 5 на Договорот за функционирање на ЕУ кој вели дека за Унијата важни се сите безбедносни и одбранбени прашања вклучувајќи го дефинирањето на заедничка политика во оваа насока. Во Членот се предвидува и прераснвување од одбранбена политика, што претставува поопшт и поапстрактен термин, кон создавање на заедничка одбрана за Унијата и за сите држави-членки.

Во однос на одбранбената и безбедносната политика надлежностите се поделени и тие иако се повеќе интерговернментални не се со ексклузивна надлежност на државите, туку тие функцинираат во соработка со инситуциите на Заедницата.

Надворешната безбедносна и одбранбена политика настанува по големите конфликти од 90-тите години и се насочува кон создавање на мир и активна работа во областа на одбраната и обезбедување на безбедност за своите граѓани. Преку користење на цивилни и воени средства Договорот за функционирање на ЕУ и овозможува на Унијата да работи на мир, зајакнување на безбедноста, решавање на меѓународни конфликти во согласност со поделбата на Обединетите Нации. ЕУ во рамки на

категоријата има надлежност да делува внатре надвор во насока на погоренаведените начела.

c) Надворешни односи во областа на развојот

Оваа категорија ги има највисоките и најдоблесните цели и затоа заедно со трговијата и трговските односи се примарните категории на надворешната политика на ЕУ. Со Договорот се предвидуваат активности на глобални нивоа за намалување и укинување на сиромаштијата, исполнување на заложбите на ОН и сите меѓународни договори од областа на подигнување на животниот стандард и заштита на луѓето. Во насока на оваа категорија ЕУ се истакнува во помошта која ја дава на трети земји и позицијата на донатор и добродетел што ја има. Но, оваа улога не се ограничува само на економскиот дел, туку се однесува и на решавање на конфликти, заштита на здравјето, хуманитарна помош при природни катастрофи, спроведување различни видови на проекти за земјите во развој и др.

Создаден е и функционира Европски фонд за развој кој функционира на меѓудржавно ниво, но генерално работата во оваа област е поделена меѓу земјите-членки и институциите на системот.

d) Надворешна димензија на внатрешните политики

Оваа категорија се однесува на внатрешните политики кои се креираат да делуваат надвор од границите на унијата. Се работи на внатрешни политики со надворешен ефект. Ова значи дека во рамки на политиките на Унијата институциите имаат овластување да склучуваат договори со трети страни на надворешен план. Тука спаѓаат договори и политики за климатски промени, транспорт, енергија, заштита на животна енергија, имиграција, земјоделство и др.

Една од внатрешните политики со најголемо влијание на надворешен план ги опфаќа климатските промени и заштитата на животна средина. Преку намалување на емитирање на јаглерод диоксид и водење на генерални политики за намалување на загадувањето кое е предизвикувач на климатските промени ЕУ делува и влијае надворешно. Во рамки на оваа област ЕУ потпишува низ меѓународни договори со кои работи на ова поле.

e) Надворешната политика на секоја земја-членка одделно

Заради своето големо влијание и посебни политики на надворешен план на членките на ЕУ создава потреба истите да се дел од категориите на надворешната и безбедносна политика на ЕУ. Надворешните политики на државите влијаат на генералната надворешна политика на Унијата и тоа не е еднонасочен процес, туку процес во кој двата типа на надворешни политики делуваат една на други. На тој начин она што се создава како конечна политика е производ на соработката меѓу институциите на ЕУ и институциите на самите држави.

Кога зборуваме за големото влијание кој посебните надворешни политики го имаат врз надворешната на ЕУ мора да се наведе дека истото зависи од 3 групи на елементи.

i. Системската поставеност и природата на механизмите на надворешната политика на земјите-членки и влијанието што го имаат врз политиката на европско ниво,

ii. Конститутивните елементи на земјите-членки како што се моќта, интересите и нивниот идентитет,

iii. Различните димензии на процесот на европеизација на одделните земји-членки.

Првиот елемент се однесува на уставната и законска поставеност во една земја-членка и врз основа на тоа се мери влијанието врз надворешната политика на Унијата. Ако државата има мнозински изборен систем, тогаш земјата се очекува да има разработено свои ставови и е на готовс да одговори на било какви прашања од областа на надворешната политика. Во ваквите системи во принцип има усогласеност и единственост по однос на прашања од надворешната политика и затоа се вели дека земјите ја имаат автономијата да донесуваат брзи и ефикасни одлуки. Ова повлекува дека државата има цврсти преговарачки капацитети.

Во спротивно, во еден пропорционален систем преговарачките капацитети се на пониско ниво на спремност и автономијата која ја имаше во претходниот случај тука ја нема. Ваквите држави не се способни за брзи реакција и респонзивност затоа што им недостига координација и организираност.

Доаѓаме до вториот елемент кој врз основа на моќта, интересите и идентитетот на државите ги определува националните позиции по прашања од надворешен план. Најпрво да го разгледаме влијанието на моќта.

Моќта опфаќа аспекти како географска положба, природни ресурси, односи со соседите и другите земји, внатрешниот развој и сл. На пример земји како Германија, Англија и Франција располагаат со голема воена моќ, имаат голем удел во економијата на ЕУ, располагаат со моќ на вето во Советот на безбедност се очекува да имаат и поголем удел во надворешните политики на ЕУ. И, не само тоа, овие три земји кои ги зедовме како пример се придвижувачи на надворешната политика, не само што имаат влијание.

И интересите исто така имаат удел од креирањето на надворешната политика. Тие интереси влијаат на политиката и се модифицираат, меѓу другото, и под влијание на посебните интереси. Во овој дел можеме да зборуваме за неколку вида на интереси, и тоа:

- Колективни интереси, во кои спаѓаат оние општи добра за кои се залагаат речиси сите држави – мир, благосостојба и стабилност,

- Заеднички интереси, кои се поспецифични и се однесуваат на доброто владеење на државите,

- Конкурентни интереси, кога интереси од повеќе страни се поклопуваат и тоа поттикнува конкуренција за истите да бидат остварени,

- Спротивставени интереси, кои се однесуваат на водење дијаметрално различни политики на една држава. На пример помовирање на заштита на човекови права

преку санкционирање, од една страна, и промоција на соработка за остварување на геостратешки интереси, од друга страна и

- Недостаток на интереси, што значи дека одредена држава нема никакви интереси за сопствената, но и за надворешната политика на Унијата. Со тоа, таа на никаков начин не влијае како што тоа го прават останатите држави со различни типови на интереси.

Идентитетот како последен елемент ги опфаќа погледите кон развојот на светот на една држава, политичка волја, нивната култура и слично. Така, многу држави се контра употреба на сила, потоа можат да имаат различно размислување за регулација на пазарот, дали се свртени кон една или кон друга страна и слично. Идентитетот има еднакво важно влијание како и претходните два елементи за кој образложуваме.

На крајот од овој дел ќе поразговараме за процесите на европеизација и бриселизација кои се присутни меѓу земјите-членки и врз основа на нивното ниво во овие процеси зависи и улогата и влијанието на надворешната политика. Отука, европеизацијата се состои од следните 4 димензии:

- ***Национално приспособување кон Европската Унија***. Приспособувањето се состои во промена на механизмите на водењето на политики на национално ниво, потоа на промена на вредностите и погледите кон меѓународните односи на конкретната држава, улогата на идентитетот и други аспекти од овој процес. Како за илустрација, политичарите во Северна Македонија зборуваат за „европски вредности“ и под тоа мислат на менување на националните вредности и приспособување кон оние начелни вредности на ЕУ.

- ***Проекција на домашните цели и пристапи на надворешната политика во однос на Европската унија***. Ова подразбира имплементација и ширење на целите на државите со финансиска и дипломатска поддршка на ЕУ. И овој процес на европеизација ни е познат од земјите од Балканот кои користат асистенција од ЕУ за остварување на своите цели, секако со оние цели кои се во насока на она што ЕУ го промовира.

- ***Зголемено спроведување на надворешната политика на ЕУ во мултилатерални организации***. Спроведување на политиките во меѓународни организации се однесува на нивна операционализација во организации како НАТО, ОБСЕ, ООН. Овие политики се испреплетуваат и тие стануваат заеднички во процесот на европеизација.

- ***„Извезување“ на европските вредности и структури надвор од границите на ЕУ.*** Ова главно се однесува на пренесување на елементи од ЕУ кон третите земји и нивно промовирање таму. Она што го нарекуваме ние на Балканот како носење на Европа дома важи и за земјтие од третиот свет, а видовме ека тоа се остварува преку низа проекти и односите на ЕУ кон Африка.

После овие елаборации може да се заклучи дека земјите како национални актери можат да делуваат обединувачки или разединувачки на меѓународно ниво преку реализација на нивната моќ, исполнување на нивните интереси и остварување на идентитетот.

После сето ова, разбираме дека надворешната безбедносна политика е многу широк поим од она што можеби интуитивно ќе се подразбира како одбрана или армија. Видовме дека надворешната политика на ЕУ има повеќе аспекти и сите се со приближно еднакво влијание, сите се подеднакво важни. Надворешната политика на ЕУ не значи само воена одбрана и оттука и Франција и претседателот Макрон зборуваат за повеќето аспекти на безбедносната политика, за што увидовме дека опфаќаат и процеси како миграција, дигитализација, економските состојба и развој и слично. Надворешната политика е комплексна област и таа иако примарно се истражува и имплементира преку воената заштита, воената сигурност, не помала важност имаат и сајбер безбедноста, регулацијата на миграцијата и сл.

Оттука, можеме да продолжиме и практично да зборуваме за иднината на безбедносната и одбранбена политика на ЕУ, како што беше случај на почетокот од овој семинарски труд.

Заканите кон ЕУ

Истражувањето направено од Меѓународниот институт за стратешки истражување и Фондацијата Ханс Сидел детерминира закани на ЕУ кои доаѓаат од повеќе страни. Во оваа истражување заканите од соседите на Унијата не се адресираат директно, туку се работи за потенцијални закани од глобални размери. Во оваа истражување се одредува и однесувањето на САД како одредена закана. Ќе ги разгледаме овие настани кои детално се анализирани во извештајот од истражувањето.

Развојот на Кина и како економска и како воена сила е една од растечките глобални закани. Во однос на оваа држава САД се поставува како вистински конкурент и однесувањето на Државите алудира на тоа дека тие нема да можат да водат две паралелни битки. Едната која ќе ја води во свое име со Кина, а другата како „асистент“ на ЕУ и НАТО. Тоа кажува дека САД одбива да биде вечен поголем брат на ЕУ, а инвестициите во одбраната се намалуваат. Еден податок како поддршка на ова тврдење е дека големото мнозинство на држави на ЕУ не вложуваат во одбраната ни приближно според НАТО стандардите. Дополнително, со излегувањето на Обединетото кралство од ЕУ воените капацитети значително се намалуваат. Оттука, ќе видиме подоцна во овој труд, дека Велика Британија останува дел од програмите на ЕУ за зајакнување на одбранбената политика заради нејзиниот капацитет за значаен придонес, и генерално, големата воена способност.

Во изминатите 10-тина година Кина се соочи со забавен раст на економијата кој сепак не падна подолу од 6 проценти. Но, ова забавување не влијаеше на вложувањето во одбраната. Се претпоставува дека Кина одделува близу 2 проценти од БДП за одбраната, иако државата вели дека одделила околу 1 процент. Овие инвестиции се очекува да растат до 2024-та година.

Кина воено со модернизира и носи многу иновации. Напредокот на овој план ги достигнува способностите на САД и покрај надворешните проблеми како Тајван државата се покажува како одлучна да делува многу пошироко. Оттука, и самата Европска комисија во март 2019-та година ја адресира Кина како нешто многу повеќе од регионална закана или држава која може да делува во нејзиниот близок регион.

Според тогашните заклучоци на Комисијата Кина промовира нов вид на управување, а моќта која ја поседува може да влијае на другите држави.

За Европа Кина делува како далечен проблем. А, соработката која државите од Унијата ја имаат се уште не е во толку напредна фаза. Но, Кина полека се пробива на пазарот на Заедницата, особено во блиското минато искористувајќи ги слабостите и засилените потреби на Европа. Кина напредува и во Африка каде што ЕУ има свој удел, а односите на линија САД – Кина ќе бидат водени исклучиво од интересите на САД. Тоа значи дека ЕУ ќе мора на маса да го стави прашањето на одбраната и да ги адресира овие закани.

Русија

Русија пред само 6 години покажа дека е подготвена и активно работи на промена на границите на Европа. Ова е активно влијание на воен план кога преку војната во Крими Русија наруши низа европски правила и декларации на мирот за кои и самата се нафатила да ги почитува. Преку Крим Русија го повреди едно од највисоките права на ЕУ, а тоа е за самоопределба и заштита на државните граници. Русија ја наруши суверености на Украина и, истовремено, ја наруши безбедноста на граѓаните и создаде опасности за ЕУ, па и континентот. Ова е само еден пример на одлучноста и моќта на Русија.

Особено после Крим ЕУ ги ревидира односите со Русија и за државата вели дека е непријател на мирот во Европа. Со отвореното пречекорување многу регулативи Русија се воспостави себе си како пркосна сила на која ЕУ особено треба да внимава. Денес во оваа 2020-та година Кина и Русија служат како закана за суверенитетот на ЕУ и иако делува поповлечено поголемата опасност доаѓа од Русија. Барем така покажа конфликтот од пред 6 години.[4]

Во однос на инвестициите во одбраната кај Русија сликата не е сјајна, иако видовме дека е една од најголемите закани за Унијата. Што велат податоците во последните 10-тина година? По 2008 година кога Русија заради светската економска криза го редуцира буџетот за одбраната, од 2010-та до 2013-та забележа зголемување од над 60 проценти во средствата кои се одделуваат за одбраната. Сепак, кршливоста на Русија доаѓа токму заради економијата. Санкциите на САД во 2014-та и 2015-та година, производството на нафтата и слабиот курс на Рубљата кажуваат многу за инвестициите во одбраната. Се очекува во периодот до 2024-та одделувањето пари од бруто домашниот производ да расте, барем според плановите на самата држава, но проценките се дека заради слабиот курс на руската валута тоа зголемување ќе биде мало и без малку незначително.

Но, напишаното во последниот пасус може да не' наведе кон погрешен заклучок. Имено, Русија е пример како со релативно мало зголемување на инвестициите во одбраната можат да се постигнат забележливи резултати. Главниот приоритет на

[4] Крук, К. (2019) *Факторот Крим: Како ЕУ одговори на инвазијата на Русија над Крим.* Извадено од: https://warsawinstitute.org/crimean-factor-european-union-reacted-russias-annexation-crimea/.

државата е модернизација на војската преку инвестирање во модерна опрема, заедно со истражувања и пронајдоци за подобро и поефикасно опремување. Да бидеме поконкретни. Дури 35 до 40 проценти од целиот буџет за одбрана се одделуваат за оваа модернизација.

Имајќи го во предвид овој факт, Русија добива многу повеќе од очекуваното за парите што ги одделува. Ова е вистински пример за паметно и стратешко инвестирање преку детектирање на главните проблеми и што е она што бара самиот воен систем на државата, но и типот на закани кои доаѓаат заедно со националните амбиции.

Исто, и нуклеарните сили остануваат силен адут за Русија. По 1990-та државата бележи постојана модернизација и вложување во овој аспект. Така што, Русија постојано ги модернизира копнените и воените сили, а секако не ја заборава и вселенската програма. Константно Русија работи на унапредување на одбраната и покрај поредуцираните инвестиции најважниот аспект кој придонесува за успешен напредок е модернизацијата на армијата и генерално на политиките на одбрана.

Со години Русија вложуваше во постоечките пронајдоци и технологија и ова „повлечено“ инвестирање и носеше раст и развој. Како резултат денес има капацитет да делува веднаш во своето блиско соседство и да претставува отворено и недвосмислена закана по безбедноста.[5]

Извештаите на Европската комисија и безбедносната и одбранбена политика

Во продолжение на магистерскиот труд ќе направиме и еден осврт на извештаите на Европската комисија кои се однесуваат на безбедносна и одбранбена политика. Напоменавме дека поактивно ЕУ работи на овој дел со посебната стратегија од почетокот на овој милениум, а подоцна определбите се утврдени и преку работата на Комисијата.

Според извештајот од 2013-та година ЕУ се определува повнимателно да продолжи да работи на одбраната и безбедноста и за тоа да ја извести јавноста на ЕУ дека овие прашања се дотолку важни. Во овој извештај ЕУ дава големо внимание на овој аспект од политиките на ЕУ оценувајќи ги безбедноста и одбраната како поважни од кога било. Целта на ЕУ е да обезбеди и да го подигне нивото на сигурност на европските граѓани. Заштитата не застанува тука и истата се проширува на европските вредности и остварување на заложбата на ЕУ за воспоставување на светски мир во кои Унијата ќе предничи со своите активности и улога. На крајот, во овој дел од извештајот ЕУ ја потврдува определбата за обрнување на внимание и заштита од немирното околие на земјите-членки со што се насочува на она што Макрон денес го зборува за заштита на земјите од своите комшии и таргетирање на критични области кои се надвор од границите на Заедницата.

Една од примарните вредности на ЕУ е мирот. Таа е една висока цел која се провлекува од самото воспоставување и е присутен во стратешките документи и во процесот на интеграција. Но, не само во стратешките документи, туку и во праксата се

[5] Барие, Д. Беро-Судро, Л. Бојд, Х. Чајлдс, Н. Гигериш, Б. Хакет, Ц. Нуенс, М. (2020) *Европската одбранбена политика во време на возобновена моќ на големите сили.* Стр.: 4, 5, 7, 10, 11.

забележуваа оваа вредност која истовремено е и цел. ЕУ во праксата решава конфликти, се грижи за меѓународната безбедност и работи за унапредување на човековите прави и владеење на правото. Сите овие елементи се суштински за подигнување на нивото на безбедност кај европските граѓани. Таа заштита не значи само заштита од војна, туку заштита на личните човекови и трудови права, владеење на правото за обезбедување високо ниво на правда и праведност, следење и преземање чекори за мирно решавање на спорови во околината на ЕУ, во држави кои би можеле да ја нарушат безбедноста на европскиот државјанин и на крајот е работа на проекти, лобирање и други акти кои ќе придонесат за развој на демократијата, демократизација на помалите земји и продолжување на развојот на Унијата со демократски алатки.

Од овој дел на извештајот гледаме дека определбата на ЕУ е да ја подигне безбедноста преку низа чекори и процеси кои попластично беа наведени погоре. Иако, дел од процесите изгледаат како да не се директно поврзани со секојдневните безбедност и сигурност на луѓето, тие се дел од „големата слика“ која треба да обезбеди едно сеопфатно ниво на безбедност за граѓаните, притоа опфаќајќи ги сите елементи кои можат на еден или на друг начин да влијаат на тоа. Така што, на овој начин се зајакнува безбедноста и тоа е една од приоритетните цели на Унијата.

Извештајот продолжува со своевиден повик до институциите на ЕУ и до земјите-членки да дадат повисоко место на важност на одбраната и безбедноста и самостојно, земајќи ги во предвид стратешките определби на ЕУ, да вложуваат во оваа област од државното уредување. Институциите на ЕУ, преку Европскиот совет, треба да преземат чекори за да го поттикнат процесот на преглед и измена на главните стратешки документи во однос на одбраната и безбедноста. Поконкретно се повикува на креирање на т.н. „бели документи“ кои всушност ќе направат еден сериозен преглед на ова важно прашање од функционирањето на ЕУ. По ова гледаме дека ЕУ бара ревизија на стратегијата за одбраната и безбедноста. Тоа го прави на супранационално ниво, но ја спушта оваа тема и на интерговернментално за самите земји-членки да дадат приоритет на одбраната преку нивните национални политики. Подоцна сите тие вложувања и национални политики ќе се вклопат во ревидираните стратешки документи.

Извештајот на кој реферираме во овој дел од семинарскиот труд се осврнува и на околината на ЕУ, односно на соседните земји кои не се дел од Унијата. Според детектираната состојба она што се случува во околината е загрижувачко, а кога велиме загрижувачко тоа значи дека таква слична состојба може да се пренесе на некоја од земјите географски блиски кои се дел од Унијата. Тоа, пак, ќе значи проблем за Заедницата и нарушување на безбедноста на нејзините граѓани.

Извештајот детектира дека ресурсите со кои располага ЕУ во однос на одбраната и вложувањата во оваа област се недоволни и не можат да одговорат на онаа состојба надвор од Заедницата која ја утврдивме погоре. Капацитети на ЕУ се несоодветни за да одговорат на случувањата кои можат да ја загрозат безбедноста на делови на Унијата.

Во овој дел од извештајот се утврдува и бавната респонзивност на институциите кога се работи за прашања од безбедноста. Бавниот процес на донесување на одлуки и одговор на случувањата надвор кои можат да влијаат внатре е уште една детектирана

состојба која спаѓа во таа група на несоодветна екипираност за да се одговори за заканите по безбедноста на граѓаните на ЕУ.

Покрај утврдените состојби во извештајот се даваат и неколку сугестии за во иднина.

1. Да се надгледува состојбата во Источна Европа, но и сите подрачја кои можат неповолно да влијаат на безбедносната слика. Во овој дел извештајот констатира дека напредок е направен, но мониторингот мора да продолжи заедно со будното око на следење на сите области кои би можеле да го потресат регионот;

2. Во иднина да се размислува на поамбициозни мисии од областа на заедничката надворешна и безбедносна политика. Ова да се направи врз основа на извештајот од 2013-та година и процесот на учење на лекции од минатото. Извештајот од 15 октомври 2013 година е добра основа за заедничката надворешна и безбедносна политика да стане проактивна и поефикасна. Уште од 2013-та присутна е заложбата за порадикално менување на безбедносната политика која треба да одговори на предизвиците. Тој, но и овој извештај од 2016-та година само ги потврдуваат потребите на Унијата од оваа област.

Европскиот парламент преку овој извештај утврдува дека заеднички кризен менаџмент кој ќе биде ефикасен и функционален се' уште не е постигнат. Заедничкиот пристап во овој дел е особено важен за Парламентот за да обезбеди успешно менаџирање на кризи и целосна подготвеност на претпоставените кризи во иднината. Капацитетот на ваквиот заеднички пристап треба допрва да се унапредува. Понатаму во извештајот се заклучува дека заедничкиот пристап е особено важен за на проблемите да се пристапува стратешки и капацитетите да бидат подготвени за секаков потрес. Заедничкиот кризен менаџмент е во секој случај посилен од еден неинтегриран пристап на државите кој се утврдува со овој извештај.

Е сега, во извештајот од 2016-та доаѓаме до делот за кој Емануел Макрон зборува отворено од неговото стапување на функцијата претседател на Франција, а тоа е создавањето на сопствена армија на ЕУ. Покрај апелот на Макрон за одделување на повеќе средства за националните армии, негова визија е ЕУ да има сопствени борбени сили и да не зависи од НАТО или САД при евентуална потреба.

Такво нешто предвидува и овој извештај од 2016-та. Тој вели дека Унијата треба да има борбени сили на готовс во секое време и тие сили да се во надлежност на институциите на Унијата. Тие сили да бидат заеднички подготвувани и тренирани и да делуваат како една армија.

Овие сили покрај борбени во смисла на војска се предвидува да опфаќаат повеќе области. Така, Унијата да располага со земјени, воздушни, водени, сајбер и специјални сили со, како што во извештајот стои, „високо ниво на амбиција". Тие сили, како што беше наведено и погоре треба да бидат на готовс постојано со голема моќ за брзо распоредување. Што всушност значи ова е дека тие треба бидат исклучиво флексибилни и тренирани за секоја неопходност на Унијата и земјите-членки. Оваа „опција" се однесува на секаков вид на кризи, како климатски и хуманитарни меѓу другите.

Во делот под точка 27 од извештајот во однос на заедничката надворешна и безбедносна политика повторно се навраќаме на апелот на Макрон дека државите треба да одделуваат повеќе средства за националната армија. Тоа не е лесно да се оствари. ЕУ ја прати економски криза која во услови на пандемија, како што се случува во моментот, тешко е да се одделуваат средства за ова поле. Полето на одбрана се смета за второстепено во период на криза и кога сите акции се насочени кон олесување на животите и подобрување на социјалната состојба на граѓаните.

Но, и покрај тоа, извештајот алудира да се преземат поголеми инвестиции за националната одбрана, која, пак, треба да ја надгради заедничка одбрана на земјите-членки. Исто така, извештајот констатира дека навистина е тешко ова за државите, но мора да се овозможи. Поголем дел на финансирање мора да оди за националната одбрана, затоа што се' поголем приоритет се дава на полеток на одбрана и безбедност.

За да се покрие овој дел и истовремено да се помогне на земјите-членки и да се остварат амбициите на ЕУ ќе се формира т.н. „старт ап" фонд кој ќе ги обезбеди неопходните финансии за оваа намена. На тој начин, вложувањето и развојот на одбраната и безбедносната политика нема да заостануваат и Унијата ќе продолжи да ги развива насочени кон целите.

Се повеќе внимание се посветува на сајбер безбедноста. Напуштањето на Велика Британија на ЕУ чија кампања беше засилена на интернет и преку електронските направи, па победата на Доналд Трамп на претседателските избори во 2016 година со силен импакт на лажни вести и манипулантски „онлајн" платформи ја поттикнува Унијата сериозно да размислува за сајбер безбедноста. Оттука, извештајот заклучува дека е потребно да се креира соодветна стратегија за овој тип на безбедност која ќе ги постави основите за разој на ова поле на долг рок, а со тоа да обезбеди и ваков вид на безбедност на граѓаните.

Сајбер безбедноста игра се поголема улога во животот на луѓето. Тоа знае да претставува голема опасност, оти многу терористички напади, процеси кои наштетуваат на демократијата, залажување на јавноста и слично се случуваат се почесто со помош на сајбер предностите. Една севкупна заедничка одбранбена и безбедносна политика мора сериозно да се осврне и на оваа област и со тоа да го обезбеди и овој дел кој може да претставува канал за закана кон безбедноста и сигурноста. Сајбер безбедноста станува неопходен дел од стратегиите и праксата на многу држави, не само во ЕУ туку и секаде пошироко во доменот на развиените земји. Неутрализирањето на опасностите, што значи поголема безбедност, не може да се постигне без конкретна политика и на овој дел од сигурноста.

На крајот, извештајот предвидува продолжување со интензивиран развој на план за градење на капацитетите и способностите во одбраната. Парламентот имајќи ги во предвид опасностите од понатамошно кратење на буџетите кои се однесуваат на одбраната инсистира да се продолжи со развој на погоре наведениот План и постојано да се работи на подигнување на нивото на одбраната, размена на технологии, константен раст и развој и сеопфатна развојна политика во одбраната и безбедноста.

Овој План всушност претставува заедничка трансформација на градење на капацитетите во областите кои беа наведени и илустрирани погоре.[6]

Зголемување на буџетот за одбрана што треба да резултира со ефикасна одбранбена политика е дел од 10-годишната визија на Макрон. Во контекст на погоре реферираниот извештај се забележува дека една од централните улоги ја игра буџетот за одбрана кој го „форсира“ ЕУ, а подолу ќе видиме дека истото игра централна улога во визијата на Францускиот претседател. Од оваа, уште на почетокот, може да се заклучи дека буџетот на државите и средствата со кои располага ЕУ мора да се менува. Значително поголем процент треба да се одделува за одбрана за да се постигнат погоре образложените цели и буџетот за одбрана се очекува да биде појдовната точка и главниот двигател за развој на овие политики.

ЕУ и државите мора многу повеќе да инвестираат во одбраната и со тоа да ја обезбедат безбедноста за своите граѓани. Со тоа, ќе се обезбеди поголема сигурност што, пак, значи дека целиот систем и секојдневен живот на луѓето ќе се одвива порелаксирано. На овој начин, на долг рок всушност се заштедуваат средства кои при задоволително ниво на безбедност ќе се отстапуваат повеќе средства за образование, здравство, инфраструктура и друго. Безбедна и сигурна ЕУ ќе значи поголем развој, кој ќе има подолготрајни последици со поубав живот во самите држави и генерално во Европската Унија.

Вложувањето во безбедноста и одбраната е процес на долг рок од кој долгорочен бенефит ќе имаат речиси сите други области. Се’ функционира поедноставно во безбедна држава. Безбедна на воен, економски, сајбер и секаков друг план. Таа безбедност ќе овозможи попросперитетна Европска Унија која ќе може пофокусирано да се насочи со работа кон остварување на целите и практикување на изворните вредности. ЕУ ќе може активно да се посвети на реформи на пазарот, инвестирање во образованието и младите, развој на здравство компатибилно да одговори на сите предизвици, па дури и вака обемни како светската пандемија на коронавирус. Безбедните држави ќе бидат способни да одделуваат повеќе средства за развој на ЕУ, на ширење на Унијата и обезбедување на еден просперитетен континент кој ќе ги опфаќа сите држави. Интеграцијата ќе биде на повисоко ниво и нема истата да се случува токму заради опасностите од нестабилност и нарушување на безбедноста. Сигурноста и одбраната ќе отворат простор за поголеми партнерства на ЕУ со третиот свет, парирање на САД, Кина и други светски сили во повеќе области. Сигурната иднина и безбедната животна средина се појдовната точка за исполнување на овие цели.

Потврда дека економијата, благосостојбата и секојдневниот живот ќе се подобрат со ефикасна одбранбена политика е излагањето на Емануел Макрон кое е придружено од официјални претставници на Германија. Меѓу другото, овде ќе се осврнеме повторно тој т.н. француско германски мотор на кој реферираме на почетокот. Проектот за Унија со зајакната одбранбена политика која ќе донесе интеграција, заживување на ЕУ

[6] (2016) *Имплементација на заедничка безбедност и одбрана.* Членови: 3,9,12,15,17, 24, 27, 32, 39, 41

и суштински дијалот со големите сили е проект на Франција и Германија, старо-новите лидери на ЕУ.

Анализата на еминентниот Д Гардијан (The Guardian) го свртува фокусот на средната класа во државите од ЕУ која е центар на сите политики кои се водат во однос на одбраната, пазарот и дијалогот со соседните земји во однос на постоечките конфликти. Важен дел во подобрување на состојбата на средната класа игра и интеграцијата, нешто што беше унапредено со имплементацијата на новата методологија како преговарачка рамка.

Секако, централно место во 10-годишната визија на Францускиот претседател игра одбраната. Од одбраната тргнува се' како основа за безбедна Европа што е предуслов за унапредување на условите за живот на средната класа. Заедно со сите земји-членки, но и Велика Британија Макрон и Германија ќе ја креираат одбранбената политика и создавање на капацитети кои ќе бидат рамо до рамо со НАТО и САД. Одбранбениот систем ќе претставува партнер на НАТО и самата ЕУ нема да претставува голема одговорност и товар за Алијансата при мисиите и евентуалната потреба од воено делување.

Во насока на одбраната е и предлогот на Макрон отворено да се дискутира со Русија за да се реши прашањето на Украина. Всушност, овој предлог или визија го адресира сиот овој период во кој односите меѓу ЕУ и Русија наликуваат на студена војна на која не и се гледа крајот. Воспоставен дијалог со Русија би значело намалување на безбедносните прашања, односно заканите кон ЕУ, а самата Унија ќе забележи решавање на нови конфликти и носење на мир. Русија е само еден илустративен пример како ЕУ на овој начин на отворање на дијалози ќе го засили исполнувањето на примарните цели и практикувањето на вредност – тоа е мирот. Решавањето на конфликти е дел од секој извештај и тоа Унијата треба да го прошири на глобално ниво, во односите со сите поголеми држави. Истовремено, ЕУ ќе го продолжи патот на зацврстување на безбедноста и подигнување на нивото на сигурност за сите европски државјани.

На овој начин, според Макрон, ќе се зацврстува и суверенитетот на ЕУ и затоа институциите мора да одлучуваат брзо и ефикасно за отворање на нови дијалози. Дијалози кои ќе овозможат премин од студена војна кон соработка и решени проблеми кои нема да претставуваат товар за државите и Унијата од аспект на секојдневната безбедност. Дијалогот воден од ЕУ во име на нејзините граѓани ќе го зајакне тој заеднички европски суверенитет кој го имаат земјите-членки, а кон кој уште пзоасилено ќе се стремат кандидатите за интеграција во ЕУ.

Суверенитетот ќе придонесе и во уште едно поле, а тоа е интеграцијата. Решените конфликти и суверенитетот на ЕУ ќе овозможат, од една страна надминување на сите конфликти и интеграција со вистински реформи од економијата, правото, животната средина на кандидатите и од друга страна, волјата на земјите за интеграција ќе се зголемува и унијата ќе делува поприлечно со зајакнат суверенитет. ЕУ зајакната и стабилна, со свој суверенитет ќе биде привлечна за сите држави, а ќе биде проазителна за екстремизмот и анти ЕУ силите. Суверената унија, претходно сето тоа овозможена со јасна одбранбена политика која ќе решава дециниски и вековни проблеми, ќе го

отвори целосниот потенцијал на Унијата, оној потенцијал за кој уште од Роберт Шуман се зборува. Тоа е највисоката цел за ЕУ.

Во однос на дијалогот, Макрон става голем акцент на ова поле за кое смета дека уназадува низ години. Според него, додека се помалку се разговара, толку повеќе се зголемуваат конфликтите кои ја засегаат Унијата. Со воспоставувањето односно рестартот на дијалогот всушност се отпочнува еден стратешки дијалог, а самиот епитет на зборот дијалог кажува дека ЕУ треба на долг рок со фокус на големите прашања да продолжи да функционира. Низ призмата на демократијата да создаде поголема функционалност и решавање на конфликти, а со крајна цел подигнување на нивото на безбедност преку зајакнување на одбранбениот систем.

Ова барање за стратешки дијалог сепак наиде на разбирање и восприемање. Вториот важен дел од европскиот „мотор“, а тоа е Германија одговори отворено на овој повик со прифаќање на зададената цела и предложените чекори.

Министерот за надворешни работи Хеико Мас дава надеж за овој дијалог да продолжи во поголема мера и тоа да биде во насока на зајакнување на безбедносната и одбранбената политика. Тој вели дека Германија е подготвена да отвори едно ново поглавје и да вложи целосно во новите политики кои ги предлага Франција. Тоа вклучува поголем удел и воено и преземање конкретни, усогласени преку дијалог чекори за одбранбената политика. На тој начин, Германија се обврзува на создавање на една силна надворешна безбедносна политика која ќе биде еднаков партнер на НАТО алијансата. Со ова и Германија пристапува отворено за зацврстување на одбраната и безбедноста и тоа значи дека ја задржуваат лидерската позиција по што овој т.н. француско-германски „мотор“ ќе треба да ги повлече и останатите држави заедно со институциите на Заедницата.

Оваа определба на СР Германија доаѓа по заклучокот дека ЕУ не одговорила соодветно на многу геостратешки настани. Дополнително, постепеното затворање на САД кон Светот, како нов правец на политиката на Белата куќа, веќе на светската сцена го нема светскиот полицаец. Со ова дотолку повеќе е обврзана Европа да работи на полето на одбранбената и надворешната политика. Да одговара и да биде активен придонесувач во геостратешките случувања во светот, а себе си да се поставува како главен играч на меѓународната сцена.

Како пример во анализата на познатиот англиски весник се ставаат случувањата на Блискиот исток. Весникот констатира дека поголема улога во овој дел од светот имале држави кои не ги споделуваат европските вредности и тука ЕУ потфрлила со тоа што не влегла отворено и одлучно во конфликтите на Истокот и со тоа оставила простор на недемократски земји да вршат влијание.

За загрижувачката состојба во околината на ЕУ која влијае на нејзината безбедност зборува и претседателот на Германија Франк Волтер Стајмер. Тој вели дека светот се движи кон се повеќе деструктивни акти, а во меѓувреме ЕУ не успеала да ги имплементира своите вредности на воспоставување мир. Тој како и Макрон застанува позади идејата за поголемо финансиско вложување во воената одбрана, а ЕУ мора посериозно да се позанимава со безбедноста на стратешки план. Со тоа што ќе осигура

безбедност за себе Унијата ќе помогне на НАТО и во одржувањето на мирот преку решавање на конфликти.[7]

Но, овие определби не се само од 2020 година. Од 2013-та, потоа преку Стратегијата за надворешната и безбедносна политика на ЕУ, па заедничкиот извештај на Комисијата и Парламентот за унапредување на воената мобилност на ЕУ се провлекуваат јасни определби за надворешната безбедносна и одбранбена политика. Овие официјални документи ги поставуваат основите на нова ера на политиките која треба да донесе поголема безбедност за граѓаните.

Извештајот за напредокот на надворешната безбедносна и одбранбена политика од 2017 година како водилка во процесот на зајакнување на оваа област го поставува мирот и зачувувањето на безбедноста на европските граѓани. Тоа е приоритет и тоа е цел во овој извештај кој треба да направи еден преглед и да даде сугестии за иднината на безбедносната и одбранбена политика.

Европскиот совет преку овој документ констатира дека значителен напредок е постигнат, особено од создавањето на Стратегијата од 2013 година. Но заштитата на граѓаните е врвен приоритет чие ниво на сигурност мора да се зголемува. За да се заштитат европските државјани ЕУ мора да биде спремна да одговори во секое време на постојано променливите кризи кои се се почести во современото време. Во таа насока, се продлабочува соработката на земјите-членки во областа на одбраната, соработка која покрај интензивираното вложување во одбранбените механизми ќе произведе поголема мобилност на воен основ меѓу државите. Тоа уште подразбира размена на технологии за да се обебеди развој, што, пак, ќе значи зајакната одбрана на Унијата во целина.

Преку водење на политиките за одбраната пред се на интерговернментално ниво ЕУ ги гради и унапредува воените капацитети на земјите-членки, а преку стратегиите кои ги развива што треба да произведат постапки во насока на подобрување на безбедноста ЕУ гради еден цврст систем на одбрана, со безбедни темели. На тој начи, на отстапување на целосен суверенитет на државите да одлучуваат дали при криза ќе овозможат влез и излез на страни воени сили и размена на информации и технологија ќе се зајакнува одбранбениот систем. Таа продлабочена соработка меѓу земјите-членки треба да ги подготви и државите за брзо и ефикасно носење одлуки кое е толку важно за одбранбената политика. Одлучноста на владите ќе значи брзо и ефикасно движење на воените сили, размена на технологија, меѓусебно опслужување на информации. Ова значи деак безбедноста ќе се подигне, а ЕУ ќе овозможи заеднички пристап, еден единствен пристап кој ќе овозможи заедништво во таргетирањето на проблемите од оваа област.

Погорниот пасус е напишан со причини. Врз основа на констатацијата дека при евентуална размена и движење на странски воени сили државата е потребно да спроведе низа внатрешни постапки за да го овозможи тоа. Но тие процеси внатре во

[7] Винтор, П. (2020) *Макрон ја образложува 10-годишната визија за ЕУ и повикува на поголема интеграција.* Извадено од: https://www.theguardian.com/world/2020/feb/15/emmanuel-macron-sets-out-10-year-vision-for-eu-with-call-for-more-integration

државата, придружени од оние на ЕУ и НАТО често пати водат до бавна и неефикасна рамка за да се овозможи процесот на размена и слободно движење. Врз основа на оваа констатација на итнерговернментално ниво треба да се работи за да се надминат овие проблеми со што ќе се овозможи ефикасно функционирање на внатрешно ниво на државите и на меѓународно. Тоа значи и дека ЕУ ќе може да располага со силите во секое време и да ги распоредува брзо на полињата каде што институциите процениле дека е потребно. Следствено, тоа значи и брз одговор со ефикасни сили за постигнување на посакуваниот ефект.

Како што напоменавме, најголемиот дел од улогите ќе ги играат државите, сепак преку овие документи, стратегиите и повикувањата на Макрон и Германија ќе се помогне на државите за да се придонесе во процесот. Процесот е најмногу интерговернментален, но комплементарноста на Унијата не смее да изостане.

За да се обезбеди ефикасен пристап на ЕУ кон воената мобилност најпрво треба да се разгледаат потребите и барањата. Извештајот од 2017-та ги дефинира следните потреби:

- Достапност на физички ресурси од аспект на транспортот. Овие физички ресурси треба да се придружени со техничка поддршка,
- Правна регулираност на размената на воени ресурси во форма на транспорт меѓу државите. Треба да бидат надминати сите правни пречки за да се овозможи брз транспорт без негативни последици,
- Соработка меѓу државите со асистенција на ЕУ за безбедност на воените ресурси. Тоа вклучува персонал, неопходна опрема и податоци. Во оваа потреба гледаме дека се опфаќа и сајбер безбедноста. Сајбер безбедноста спаѓа во оваа група на воени сили кои треба да бидат ефикасно мобилни, односно да се практикува безбедна и ефикасна размена на податоци која ќе поттикне дополнителна меѓусебна помош меѓу земјите-членки,
- Целосна транспарентност и одговорност воените сили и статусот на истите,
- Повисоко ниво на менаџмент од аспект на одредување на приоритетни барања, доставување односно размена на приоритетни и неопходни информации, известување, тајминг и цивилна соработка,
- Поддршка за земјите домаќини при еден процес на пристигнување на воени сили. Државата која ги прима силите на друга држава треба да биде помогната со секаков вид на техничка поддршка – гориво, сместување, логистичка поддршка, одржување, набавка на потребни елементи, медикаменти и генерално здавствена поддршка и др.,
- Ефикасен менаџмент на човечките ресурси на линијата на комуникација на воените сили на државите меѓусебно и со цивилните претставници на меѓународните сили,
- Ефикасна и брза размена на информации на линии како претходната.

Врз основа на констатираните барања и потреби овој документ од 2017-та кој е посветен на мобилната одбрана како елемент за поголема безбедност одредува неколу активности кои треба да се преземат за да се адресираат проблемите. Ова се однесува на интерговернментално и супранационално ниво. Државите и ЕУ треба да преземат низа чекори кои припаѓаат на повеќе области за да се овозможи мобилните воени сили да решаваат проблеми.

САД и заедничката европска одбранбена политика

Досега го разгледувавме придвижувањето на европската одбранбена политика низ призмата на поттикот од страна на Франција и Германија. Но, овој аспект на развој на одбраната го опфаќа доскорешното минато, односно се опфаќа периодот некаде по 2013-та година и особен фокус од 2016-та па наваму како најдоминантен кога се работи за влијанието на овие две држави. Материјалите и изворите низ кои поминавме генерално се фокусираат на внатрешните напори за развој на оваа „зона“ на Унијата, а многу малку се зборува за улогата на НАТО и интересите и влијанието на САД. Без оглед на ова, низ сите испишани редови се чувствува влијанието на САД, а НАТО Алијансата не може да биде одмината затоа што се работи за стратешки партнер во одржувањето на мирот. Присуството на овие две страни се чувствува особено кога се разработува периодот од 2016-та до денес. Тоа е период кога новиот претседател Доналд Трамп драстично ја менува улогата на Државите и со тоа секојдневно, од месец во месец, од година во година предизвикува глобални потреси. Тие потреси ги чувствува целиот свет, а најмногу НАТО и особено ЕУ. ЕУ, како што ќе видиме, без малку останува сама на себе губејќи го стратешкиот помоќен партнер кој всушност беше поддршка на НАТО, пред се’. На страна од тоа, Трамп ги повлече Државите од Иранскиот договор, го „пресече“ финансирањето на Светската здравствена организација, за што подоцна ќе видиме дека и тоа е дел од одбранбената политика на Унијата, и многу други чекори кои одеа во спротивна насока на она што Америка стратешки го работеше. Заради ова важно влијание на овој светски играч понатаму во магистерскиот труд ќе го разгледаме влијание на САД во создавањето на силна и самостојна одбрана на ЕУ уште од нејзиното официјално именување со денешниот назив.

Уште од 1993-та година САД дава поддршка за создавање на еден посебен т.н. „столб“ на европската одбрана. Овој столб не мора да е во рамки на НАТО, но стратешката соработка меѓу Унијата и Алијансата да продолжи со тоа што ЕУ ќе ги користи ресурсите на НАТО во изградбата на својот систем на одбрана. Подолу ќе видиме дека од стратешки интерес за САД е во Унијата да има партнер кој можеби не еднакво, но ќе биде приближно подготвен од одбранбен аспект за да може да „парира“ во случај на потреба.

Овој одделен столб треба повторно да биде дел од Северноатлантската алијанса и делив од НАТО, но не целосно, како што беше и наведено погоре.

Иницијалната идеја за овој „столб“ поставен вака како што накратко опишавме погоре потекнува од идејата ЕУ не само да биде воен партнер, туку и да може да адресира различен тип на проблеми и глобални кризи кои директно или индиректно влијаат на определбите на Европа. Тука се мисли на хуманитарни кризи, мисии за создавање мир

и економски акции. Потребите за ваквите активности е ЕУ да може и самостојно да делува, ако НАТО преку САД одбијат да бидат дел од активности како што наведовме погоре.

Во овој дел, уште на почетокот, се зборува, за автономија на ЕУ и овие заложби се отсликуваат и денес. ЕУ е компетентна да се справи со ваквите мисии, но впечатокот е дека зависноста од НАТО и САД се' уште постои.

На иницијативата и веќе воспоставените структури отворено се приклучија и лидерите на Европа – Франција и Велика Британија, која и денес иако на пат за излез од ЕУ има важна улога во европската одбрана. Лидерите Ширак и Блер се усогласија за воспоставување на посебна единица која треба да ја подготви унијата автономно и самостојно да делува во остварувањето на погоре наведените цели. Од 2003-та година со работа започна Европската единицата за брзо делување која ќе ги адресира т.н. „Петерсбурките задачи", односно оние активности наведени од претходно и замислени како определби на Америка. Во тоа време ова беше еден позитивен одговор на иницијативата на Државите и претставува одење чекор понапред што само значи дека европските лидери ја воспиремаат оваа идеја и подготвени се да работат на унапредување на одбранбените капацитети на ЕУ.

Цела оваа работа доведе денес да се водат многу дебати за улогата на ЕУ, одбранбената политика, односот со НАТО и дали одбраната на ЕУ треба да е дупликат или да произлегува од НАТО. Овие теми се разработуваат подетално понатаму во овој труд, а сега ќе погледнеме кои се 11-те клучни поенти кои произлегуваат од овие дебати, а се реултат на работата на одбраната од 1993-та година со иницијативата на САД, прифаќањето од страна на европскитие лидери, па се до денешната состојба.

Кои се централните цели и намери во рамки на заедничката одбранбена политика:

1. Придивижување на процесот на интеграција

Ова е едно од најистакнатите работи на ЕУ во изминатата деценија, а веројатно и подолго. Интеграцијата сериозно влијае на одбраната, а делува и доминантно во насока на обележување на територија пред непријателите и конкурентите. Овој процес денес продолжува и внатрешно и надворешно и тоа е еден од приоритетните теми на секој состанок, во секој извештај и во секојдневната комуникација која произлегува од институциите на Унијата.

2. Поставување на основите за европска надворешна политика во вистинска смисла на зборот.

Ова покажува дека ЕУ има уште многу да работи на надворешната политика под што спаѓа одбраната и безбедноста, но целта е јасна и затоа на основите мора да се работи веднаш и ефективно.

3. Воспставување на уникатна и заедничка платформа за адресирање на политичкото влијание внатре во Унијата.

Влијанието кое доаѓа од надвор, а делува внатре и се шири на земјите-членки го гледаме можеби најмногу денес и тоа се зголемува. Ова е една од главните закани за

ЕУ, кога земји-членки преземаат и шират влијание спротивно на определбите на ЕУ. Ваквата платформа треба да обезбеди усогласен пристап за справување со истото.

4. Обезбедување на капацитети на воена сила при евентуално неучество и несоработка од САД и НАТО.

Ова е еден од главните елементи и веројатно долгорочна цел на ЕУ која се провлекува до ден денешен. Зависноста од НАТО и САД е и денес присутна, особено се истакнува во период кога Америка глобално ја менува својата улога. Исто така, размислувања уште пред многу години биле дека во одредени ситуации стратешките интереси можат да се разидат и во еден таков случај Унијата да може сама воено да реагира.

Градбата на овие капацитети продолжува и во сегашноста и целта е далеку од исполнета.

5. Да се адресира постојаното прашање на „споделување на товарот“ од кое Заедницата се повлекува.

ЕУ нема доволно учество во работите кои заедно со САД ги адресираат. Со ова се предвидува Унијата да ги зајакне капацитетите, пред се’ од одбраната секако, и да биде способна да ги адресира заедничките проблеми. Со други зборови Европа треба да стане партнер кој ќе биде компетентен и рамо до рамо со САД ќе адресираат проблеми и од поширока природа.

Во овој магистерски труд ова прашање се адресира подетално. Главната заложба на САД е да придонесува во зајакнувањето на своите партнери и да има посилен „грб“ при борбата на отворен терен во многу области со другите фактори на глобалната сцена.

6. Да се обезбеди политичка поддршка за модернизација на воените капацитети паралелно со модернизацијата во САД

Ова е уште една долгорочна цел која се провлекува до моментот на пишување на овие редови. Оваа 6-та точка е тесно поврзана со претходната и целта е:

- Да се обезбеди самостојност, автономност и независност од партнерите,
- ЕУ да има своја одбранбена политика со развиени воени капацитети кои ќе одговараат на директните закани на ЕУ, а ќе асистираат и на потребите на стратешките партнери.

Важен елемент тука е темпото на модернизација постојано да се подигнува и да го достигне она на Државите. Ова е навистина амбициозна определба, но Заедницата мора да ја преземе ако сака да ги оствари своите цели брзо и ефективно.

7. Да се отвори поголем простор за гласот на Европјаните за одлуките кои се донесуваат во НАТО.

И ова прашање се разгледува подетално во трудот. НАТО и ЕУ имаат различни видови на постапки за донесување на одлуки и едната страна мора да се прилагоди на другата затоа што двете заеднички не се применливи. Оттука, граѓаните на Европа и државите треба да имаат поголема улога во донесувањето на одлуки. Тука мора да се напомене и

дека некомпатибилност постои и во страните учеснички затоа што НАТО и ЕУ не бројат исти членки, а со Брегзит тој јаз дополнително се зголемува.

Токму затоа се бара поголема демократија и репрезентативност. НАТО е тип на организација која нема една централна „влада“, ниту пак има институции во кои се бара постојано гласање и застапништво. Оваа заложба ќе ја подобри транспарентноста и чувството на припадност кај државите и граѓаните во спроведувањето на различни видови на одлуки. Впрочем, и Европа така функционира – со репрезентативна демократија и споделено донесување на одлуки.

8. Да се даде можност за поголемо учество на државите во правните аспекти на воените активности.

Секоја воена активност мора да биде правно издржана и оправдана, а нејзиното одобрување ако е одобрена тогаш истата ќе има легитимитет и тежина. САД е пример кога тврдоглавоста во донесувањето вакви одлуки често води до грешки и некогаш нарушување на парламентарната демократија. ЕУ застанува да ги брани правните принципи за кои се залага уште од своето постоење.

9. Товарот на проширувањето на ЕУ да биде поставен во централна Европа

Процесот на проширување е особено важен за одбранбената политика и генерално на надворешна на ЕУ. Изминатите 15-тина години овој процес се забрза и се засили и како што рековме истиот е еден од инструментите за стратешка позиционираност на Заедницата.

10. Консолидација на европските индустрии за производство на оружје и воена опрема, зголемување на барањето за поголемо производство и опремување, создавање на политичка рамка за изедначување со САД во воена смисла

Уште една цел тесно поврзана со долгорочните планови на ЕУ во рамки на одбранбената политика. Гледаме дека ова не е присутно само во последните години под иницијатива на Емануел Макрон и Ангела Меркел, туку зголемувањето на воените капацитети е присутно многу порано. Зајакнување на индустријата е еден од клучни елементи затоа што и видување на САД е дека индустријата треба да се зајакне и поддржи, иако истовремено Државите поседуваат широк пазар за производство на ваква опрема.

Во овој дел исто така важен елемент е „конкурентноста“ со САД, односно на долги рокови ЕУ да го достигнува нивото на подготвеност и опременост со САД. Ова е еден потесен концепт, а генерално Унијата се стреми во одбраната да биде компатибилна со Државите. Ова, исто така, се поврзува и со заложбата на САД за зајакнување на своите партнери до ниво приближно на своето.

11. Да се адресира прашањето на влијание ширум Северноатланската зона.

Ова е едно прашање кое долго виси во воздух и преку овие 11 намери или цели се обидува да го адресира конечно. Тоа исто така значи Унијата да го зголемува своето влијание, да се справува со надворешните закани и сето тоа преку зајакната одбранбена политика која постојано ќе ги зголемува капацитетите.

Сите овие заложби се очекува да бидат прифатени од САД затоа што истите се во линија на нивните интереси и се' она што го пропаѓираат уште од 1993-та година. САД отворено, уште од тогаш, се залага за интеграција на ЕУ и развој на одделна европска одбранбена политика со капацитети кои ќе биде „интероперативни" со Државите. Исто така, се очекува поддршка за овие заложби затоа што САД од една страна во ЕУ сака да гледа како на партнер кој има приближно развиени капацитети како и нив и, од друга страна, да може да делува самостојно за Државите да не мора да учествуваат во секоја „битка" на Унијата.

Од воен аспект, за САД треба да е добредојдена и идејата за формирање на Единица за брза реакција која треба да биде надополнение на Алијансата. Исто така, во интерес на Државите е Заедницата да биде подготвена да делува надвор од европскиот континент и ова е во линија на погоре кажаното – Америка да добие вистински партнер со кој ќе делува глобално.

Понатаму, покрај тоа што се очекува поддршка во остварувањето на целите за САД постојат одредени ризици на кои мора интензивно да се работи за да не прераснат во ефективна закана за интересите. На што се мисли ќе погледнеме подолу.

Првиот ризик се однесува на зголеменото вложување во воени капацитети кое до денес се бара отворено. Ова произведува неколку опасности:

1) Зголеменото буџетско учество на државите може да се искористи за набавка на опрема со каква што веќе располага НАТО. Тоа би значело дуплирање и со самото тоа САД не добива подготвен партнер, туку дупликат на НАТО. Целта не е оваа, туку ЕУ да стане алтернатива и да може самостојно да се подготвува за со Алијансата да се надополнуваат во мисиите кои би се воделе на глобално ниво,

2) Инвестирањето во воено опремување може да доведе до намалување на работата на американската индустрија за производство на оружје. Ова значи дека европската индустрија би продолжила да се развива и би поттикнала поголема трговија внатре во Европа, на сметка на американската воена индустрија. Ова е голем „сетбек" за САД затоа што самата индустрија е дел од воената подготвеност на Државите и тоа би значело дека Америка ќе ослабува на воен и одбранбен план со тоа што ќе изгубат дел од пазарот во Европа, и,

3) Последниот под-ризик од овој аспект е вложувањето во воените капацитети да не се ефектуира на терен, односно да не бидат постигнати резултатите кои се очекуваат. Неопходна е јасна стратегија, канализирано инвестирање и контрола и евалуација на ефектите за средствата кои се одделуваат за надградување на капацитетите. Ова е реален ризик за Америка затоа што парите ќе ги има, но воените капацитети нема да се надградуваат.

Вториот ризик кој се јавува е фактот што ЕУ може да остави впечаток дека може да ги исполни барањата во рамки на Единицата за брзо делување, а во реалноста да не е така. Зошто? Затоа што и вака барањата на НАТО кон државите, земји-членки на ЕУ пред се, се големи и имајќи го тоа во предвид тешко дека ќе можат да одговорат на барањата во рамки на оваа Единица.

Тука спаѓа регуларното учество во НАТО, но и зголемените потреби преку Иницијативата за одбранбени капацитети. Ова може да ги наведе партнерите дека Унијата навистина го може тоа, но Заендицата е далеку од таква подготвеност. Сето ова се случува во време на забрзана модернизација на САД и тоа повлекува забрзано инвестирање од страна на Европа, но не мора да резултира со позитивни работи.

Развојот на одбранбената политика на ЕУ може да предизвика одредено ривалство со НАТО. Ова е третата работа важна за САД од аспект на развој на одбраната на Европа. Претходно укажавме дека од одбранбената политика и нејзиниот развој може да произлезе дупликат на НАТО, што не е интенција на никој, а најмалку на САД, или развојот да не ги даде посакуваните резултати – одвоена посебност на одбраната и ЕУ да е надополнение на Алијансата. Така што, оправдан ризик е ваквата релација да предизвика ривалство и некогашни партнери сега со унапредени и приближно еднакви капацитети да се натпреваруваат еден со друг. Натпреварот меѓу овие два партнери може да биде намерен, но може да се случи и спонтано без самите страни да се свесни и во еден таков случај ваквиот проблем би бил покомплексен да се адресира.

Ова е едно од најмалку посакуваните сценарија затоа што на САД и е неопходна обединета Европа од одбанбен и воен аспект, а не меѓусебно натпреварување и поделби кај партнерите на Америка. Во развојот на европската одбрана треба да се внимава на овој аспект и на тоа укажува оваа книга во делот на кој реферираме.

Различности меѓу Алијансата и ЕУ заедницата можат да настанат и при планирањето на операциите и мисиите. Оттука, ќе се осврнеме на два аспекти:

- Првиот аспект е дека оперирањето и планирањето можат да се случуваат на различни локации и на различен вид на мисии. Оттука произлегува проблем околу надлежностите на НАТО и ЕУ. Од една страна, инволвирање на НАТО во мисии како во делови од Африка не е потребно и веројатно нема да се случува, но постојат операции кои бараат НАТО да ги префрли обврските и надлежностите на Унијата.

  Едно од решенијата за овие различности е да се користат националните „стационари“, на пример на Франција и Велика Британија, и да се користат ресурси на овие држави во моменти кога Алијансата ќе треба да одлучува каде, кога, кој и што треба да упати на одбраната на ЕУ.

  Секако, и онаму каде што нема да има потреба за инволвирање на НАТО и тогаш ЕУ преку одбраната треба да остане целосно транспарентна кон организацијата заради очигледниот факт дека сепак се работи за заеднички и партнерски пристапи.

- Голема опасност претставува ако планирањето се раздвои, особено во делот на определување на структурата на сила, тогаш можат да настанат многу недоследности, некомпатибилности, а недостатоците од ресурси можат да се зголемат. Така што, треба да се разбере дека пристапот е заединички партнерски и тој пристап треба да се задржи за да се намалат ризиците од вакви несакани резултати. НАТО и ЕУ преку одбраната не се непријатели ниту конкуренти туку партнери кои заедно со САД треба работат на многу глобални ситуации.

Барањата и потребите за внатрешна кохезија, во рамки на одбранбената политика што директно ја вклучува и Алијансата, можат да наидат на пречка кај земјите кои не се дел од овие организации. Таков е случајот со Турција каде што регулативите на ЕУ не можат да се применат со оглед на фактот дека државата не членува во Заедницата. Ова може да доведе до нарушување на кохезиајта меѓу партнерите и да ги разиде партнерите во нивните мисии заради вакви навидум несериозни ризици.

За да биде ефективна усогласената одбранбена политика на Европа може да се протурка моделот на работа на ЕУ кој што не е компатибилен со НАТО стандардите. Ова е во насока на почитување на Договорот за ЕУ и е проблем на кој овој магистерски труд се осврнува подетално, а во овој дела само се запознаваме со ризиците.

Ваков евентуален исход може да ја наруши работата на Северноатланската Алијанса и да наштети на капацитетите, а да нема директен и јасен кривец за истото. Ова е ризик за САД затоа што ваквата практика би го зауздала напредокот во одбраната.

Сето ова, уште еднаш, произлегува од стимулот и императивот за ефективна одбранбена политика која ќе ги исполни очекувањата и го трасира патот кон посакуваните резултати.

Важен е и процесот на поврзување меѓу менаџирање на кризи со употребата на сила. Ова може да стане проблематично при ситуации кога учеството на Алијансата не е потребно и ЕУ преку одбраната ќе добие своевидно одбивање за учество. Иако, јасно е дека НАТО е тука повеќе за вториот дел од процесот – употреба на сила – сепак овој дел мора да се изменаџира добро за да не ги наруши кревките односи меѓу партнерите, особено на почетокот. Многу е важно како на ова „одбивање“ ќе гледа САД, а како ЕУ и јасно е дека нивните впечатоци нема да бидат исти во многу случаеви и затоа овој процес е претставен како едно прашање на кое треба да се обрне внимание.

„Одбивањето“ на НАТО може да значи и моментална неподготвеност за влез во процесот, што би било „прво“ одбивање, но не финално. Затоа овој процес е толку комплексен.

Реториката кон одбранбената политика со време може да се сврти кон тоа експерти од САД да ја перцепираат како страна која ќе презема поголем дел од товарот во заедничките настапи. Ова може да е претерано и преувеличено и да не ја отсликува фактичката сосојба на терен. Ваквата состојба ќе создаде погрешен впечаток кај двете страни и може да влијае на меѓусебните односи.

Намерите на одбраната на ЕУ може различно да се толкуваат од земјите-членки. Тие можат да се карактеризираат на различен начин што, пак, може да доведе до создавање на ривалство меѓу НАТО и ЕУ. Одредени страни во Европа можат на НАТО во иднина да гледаат повеќе како конкурент, а не соработник и да не ја перцепираат целосната слика дека трите страни – ЕУ, преку одбраната, НАТО и САД – се на една страна и целта е да се надополнуваат едни со други.

На крајот на денот демократијата возможува различни толкувања и амбиции и оттука овој потенцијален ризик може да е израз на зголемените амбиции на одбраната на ЕУ со тоа што како што ќе напредува ЕУ во овие рамки така и амбициите за самостојност

и натпревар да растат. Сепак, олеснување е што ова би доаѓало од страни кои се учесници во процесот, но не илустрираат официјален став на Унијата.

Еден така наречен „повратен“ проблем може да биде „поделбата на работите“ меѓу ЕУ и НАТО и како во тоа ќе се вклопи САД. Оваа поделба се однесува главно при употребата на развојната технологија, а онаму каде што САД ќе учествува како партнер на НАТО може да предизвика проблеми. Поделбата на обврски може да претставува фрактура за заедничко сфатеното уверување дека мирот во Европа е заеднички интерес.

Понатаму, учеството на САД во конфликтот во Македонија во 2001-ва година имаше сериозно влијание на перцепцијата за тоа која е улогата на Државите во односот меѓу Алијансата и Заедницата и во глобалната цел за воспоставување мир преку партнерство. Кога сме кај овој конфликт, ставањето на американските трупи на ризик предизвика не толку „убедливи“ впечатоци и реакции кај одредени други партнери на САД и генерално трите страни за кои зборуваме.

Имајќи го погоре кажаното во предвид таа „поделба на работите“ може да се употребува и практикува во ситуации кога учеството на САД во одреден процес не е потребно. Оваа поделба мора да биде од ограничен карактер за да не предизвика судир на надлежностите. Вакво нешто може да се примени во мисиите во Европа каде што, како што видовме, учеството на НАТО не е големо и тоа е една автономна активност на ЕУ иако е во рамки на водењето на одбранбени политики.

Различните влијанија или евентуален судир на истите од страна на САД и дел или сите од државите во Европа е тесно поврзано со структурата и спроведувањето на одбранбената политика на Унијата. Овие помешани влијанија ќе делуваат врз основните елементи на политиките на ЕУ усогласени со САД и со НАТО. Тоа подразбира:

- заедничко вложување и учество на сите партнери во безбедносните политики и во сите процеси поврзани со оваа област;
- Заедничко и широко споделување на ризици;
- И почитување на погоренаведени определби и процеси како баланс на политичките елити и фактори во работата на попрактични теми за да се исполни целта поставена во рамки на одбранбената и безбедносната политика.

Во овој дел зборувавме за односот меѓу НАТО и ЕУ и како тоа може да влијае на САД, но увидовме дека сите овие процеси де факто делуваат на „европскиот“ проект и глобалната идеја на мир. Сите овие околности и ризици кои ги претставивиме се полиња на кои треба да се работи, особено од страна на САД во засилено темпо. Сите овие работи треба да се поклопат за партнерите, САД, ЕУ и НАТО, да продолжат со работа без некои особени опструкции. Истовремено, преку надминување на пречките и погоренаведените можни ризици САД да ги исполни своите цели кога се работи за односот со партнерите. Одбранбената политика на ЕУ е важен елемент затоа што Европа е „интересен“ простор за непријателските сили на Државите во однос на нивното делување и влијаниа.

Практични чекори во рамки на европската одбранбена политика

Одбранбената политика на ЕУ има големи придобивки за САД и секако тоа во иднина ќе прераснува во еден позитивен процес кој ќе помогне во остварувањето на стратешките определби и процесите кои ќе се водат за остварување на високо поставените цели.

Подолу ќе разгледаме кои се тие практични чекори кои во рамки на одбранбената политика се применуваат.

НАТО прв

Мора да се прифати и практикува начелото дека Единицата за брза реакција ќе делува само тогаш кога НАТО нема да биде вклучена во одредена акција. Ова подразбира „пред се'“ начело на кое членките на ЕУ може нема лесно да го прифатат. Сепак, ракувањето со Единицата е јасно усогласено, а видовме дека учеството на НАТО не мора да е секаде присутно затоа што и нема секогаш потреба, но ЕУ мора да биде способна да ја преземе улогата на Алијансата преку наведената Единица.

Споделени ризици/без споделување на работите

Потребна е реафирмација на заложбата за заедничко делење и преземање на ризикот и да се ограничи поделбата на обврските на исклучително маргинални ситуации.

Во минатото учеството на САД на Балканот често пати било поразлично и одделно од пристапот на ЕУ и НАТО. Тие политики гледаме дека и денес во одредена мера се разидуваат, особено има несогласувања меѓу Државите и Франција што беше видено во случајот со евро интеграцијата на Албанија и Северна Македонија, сепак тоа не треба да влијае на имплементацијата на одбранбената политика преку блиско „партнерување“ со Америка. Ова навидум одделно делување на САД и одбивањето да се сподели ризикот, што е едно од основните начела, може да доведе до деинтеграција на европската одбранбена политика. Исто така, ова е некомпатибилно со уверувањето дека одбраната на ЕУ е втора опција за делување. Тука се работи за Единицата за брза реакција која се употребува само ако НАТО е отсутен од терен.

Од ова можеме да заклучиме дека е нопходна поголема интеграција на партнерството меѓу ЕУ и САД и двете страни да бидат дел од заеднички усогласени решенија во мисиите, вклучувајќи го и Балканот. Тоа некогаш може да значи понесување отстапки и „пазарење“, но особено важно е да се пристапува заеднички затоа што и самата САД смета дека ЕУ преку одбранбените политики треба да делува и надвор од континетот.

„Кооперативно“ планирање

Планирањето на одбранбените политики мора да биде секогаш заедничко. Треба да биде усогласено, спроведено на демократски начин и со учество на сите засегнати страни. Тука се става акцент воени претставници да бидат вклучени.

Дополнително, треба да се користи само еден начин, една единствена и усогласена технологија за командување, контрола, комуникации и разузнавање.

Вака поставените работи навистина доликуваат на една единствена унија која делува под начелата на една усогласена одбранбена политика. Разидувањата треба да се решаваат внатре на отворен начин и не смеат да се преточат во пракса.

Сите овие работи треба да бидат усогласени и со повисокиот партнер – Соединетите Американски Држави.

Вложување во одбраната и надградување на капацитети

Европските влади мора сериозно да се посветат на продолжување на трендот на вложување во одбраната, односно одделување на буџетски средства за европската одбрана. Таму каде што трендот на вложување е во опаѓање да се запре и во оваа смисла изминатите години често се реферираше на Германија која ги намалуваше парите за одбраната на ЕУ.

Со ова вложување фокусот треба да се стави на резултатите, на вложување во интероперативноста и адресирање на изградба и надградба на капацитети врз основа на добро анализирани идни барања и потреби на глобалната сцена.

Исто така, не смее да се изгуби фокусот на Иницијативата за одбранбени капацитети која произлегува од НАТО. Барањата на Алијансата треба да ги движат процесите во рамки на оваа Иницијатива, затоа што тие се основните барања како тренинг, стил на оперирање, структуирање на силите и опремување. Ова не смее никако, и ова беше наведено веќе неколку пати, да доведе до дуплирање на одредени капацитети, туку истите треба да се надополнуваат со оние на НАТО.

За да се избегне дуплирање, европските влади мора да бидат осигурани дека опремата на САД и НАТО ќе биде на располагање и на ЕУ во рамки на одбраната, за самата Унија да вложува во други полиња и онаму каде има недостатоци за ефективно да ги надградува своите капацитети.

Интероперативност

ЕУ мора да ја развива технологијата во насока на интеропертивност со НАТО. Сите свои капацитети треба да бидат во конектст на Иницијативата за одбранбени капацитети за истите да можат заеднички да употребуваат и надополнуваат.

Од друга страна, важно е и да не се развијат два вида на интероперативности. Едната би била во насока на релацијата САД со Обединетото кралство, додека другата на сите останати партнери, односно останатите земји-членки. Ова може особено да дојде до израз во овој период кога ОК е на излезна врата од ЕУ. Исто така, различните видувања на Франција и Германија на развојот на одбраната ќе делуваат секако. Франција е за вклучување на ОК во процесот на „изградба“ на одбраната и ставање фокус на посилните земји-членки. Од друга страна, Германија е за споделено и пропорционално инвестирање во одбраната на сите земји-членки. Така што, овие разидувања може да предизвикаат несакан ефект и ваква двојна интероперативност. Таквата ситуација би значела помал ефект и забавен развој на одбранбената политика во целина, како и исполнувањето на барањата на НАТО во рами на Иницијативата.

Доколку ова се случи, ќе значи вистинска поделеност и тоа од неколку аспекти.

Прво, имплицитна или експлицитна поделба на обврските. Второ, корозија на идејата за кохезија која ќе биде сериозно нарушена со еден ваков процес.

Приоритет за да се спречи ова е САД да споделува дел од својата технологија со партнерите.

Кризен менаџмент на НАТО

Како што и претходно беше наведено НАТО и ЕУ преку одбраната треба да се две паралели кои ќе се надополнуваат. За таа цела двете страни мора да се погрижат дека постојана дискусија ќе се одржува меѓу нив која истовремено ќе биде длабока суштинска и ефикасна во насока на обезбедување на структура за кризен менаџмент. НАТО мора паралелно да делува и на стратешки план и во соработка со ЕУ на долги патеки се подготвуваат за справување со сите кризи кои ќе надоаѓаат. Овој кризен менаџмет треба да биде паралела на оној на одбранбената политика на ЕУ. Така системот на Европа ќе биде усогласен на долги патеки за да предвидува и следствено да се справува со секоја криза.

Ваков кризен менаџмент ќе биде уште еден напредок во насока на развој на надворешната и безбедносна политика на Европа и со тоа да се исполнат условите кои се бараат од САД, но и истовремено во насока на придвижување на процесите отпочнати од страна на француско-германскиот „мотор“. Целосната слика ќе биде навистина заокружена и ЕУ и НАТО на долг рок ќе бидат подготвени за да се справуваат со предизвиците воспоставени во рамки на целите на европската заеднична одбранбена политика.

Политички фокус: ЕУ (преку усогласената одбранбена политика) и НАТО

Долго време фокусот на унапредување на одбранбената политика на ЕУ и унапредување на структурата за соработка и надополнување со НАТО беше сосредоточена на изградба на бирократските „алатки“ на овој систем. Изградбата на бирократијата беше пренагласена, а останатите работи кои се попрактични беа оставени во втор.

Имајќи го во предвид погоре кажаното ЕУ преку одбраната треба да се сврти повеќе кон тоа што, како и колку европските ресурси се развиени и колку од потенцијалот може и мора да се развива. На овој начин ЕУ ќе размислува практично и одбраната ќе се развива со забрзано темпо. Тоа значи дека и бирократските меѓусебни структури ќе продолжат да се развиваат, но истите нема да го забавуваат растот на суштината, односно на генералниот потенцијал на безбедноста.

Тука одбраната добива и пошироко и поцелосно значење, односно безбедноста како целина ќе се развива преку одбраната и граѓаните на Европа ќе добијат повисоко ниво на заштита и сигурност. Овие суштински чекори во насока на безбедноста ќе ја унапредуваат одбраната и структурите кои треба да се развиваат меѓу ЕУ и НАТО, а се дел од погоре поставените цели за развој на овој толку важен дел од секојдневниот живот, но и стратешкото планирање на контитенентот. Поместување на тој политички

фокус ќе ги насочи сите ресурси во насока на развој, раст и безбедност преку развиена одбрана која е подготвена да одговори и на другите предизвици за кои зборувавме.

Политички и стратешки дијалог

Во насока на дискусиите за кои велиме дека се толку суштински треба да се опфатат и елементите на така наречениот политички и стратешки дијалог. Овој дијалог мора да биде кавлитативно насочуван за да ги опфаќа материите кои се суштински и истовремено ефективни и транспарентни заради чувството на припадност и придонес од сите страни. За овој процес да биде отворен и транспарентен не треба да се води само на линија меѓу институциите на Заедницата и Алијансата, туку и на ниво на влади на држави. Ова значи дека тука ќе биде опфатена и комуникацијата меѓу држави кои не се членки на НАТО и ЕУ и обратно. Така ќе се обезбеди повисоко ниво на квалитетен дијалог и споделување на товарот од сите засегнати страни.

Она што на овој дијалог му задаваше проблем е придонесот на сите страни, кој е различен, и главно се однесува на споделување на товарот и признавање на придонесот на секоја од страните. Секако, и овој процес е иницира и најмногу користи на САД, но клучните фактори во истиот се ЕУ и НАТО Алијансата.

Поконкретно преку дискусиите ЕУ се труди да го изедначи својот придонес кон одбраната и безбедноста преку цивилни активности, додека од другата страна придонесот на НАТО со САД е генерално воен. Оваа дискусија не смее да се сведе на обвинување, но и истовремено не смее да се потцени придонесот на едната или другата страна. Големата слика мора да обезбеди унапредување на овие активности и да се креираат планови за „споделување на товарот“.

Суштинскиот дијалог мора да продолжи за овој процес на споделување на товарот за да не прерасне во товар на спроведување на стратешките планови и еден иритантен процес кој само ќе повлече забавување и дистракција на дијалогот. Тука клучна улога ќе има САД која треба да го вреднува придонесот на двете страни и да ги пренасочува слабостите кон унапредување, а не ставање под тепих.

Менаџмент на реториката и амбициите

ЕУ треба да внимава на реториката која ја користи за одбраната и тековниот развој. Унијата мора да продолжи да ја унапредува оваа област, но амбициите, кои барем засега делуваат многу далечно, не треба да бидат искажувани многу гласно, особено кога се однесуваат на САД. Тоа може да повлече критицизам за одбраната на Заедницата како во овие моменти кога државите на Европа, меѓу кои и Германија, го намалуваат буџетското финансирање на одбранбените капацитети.

Еу мора да биде многу внимателна и да не ги наруши односите со поддржувач како САД. Реториката треба да биде во насока на подобрување на соработката со НАТО и Државите и да не го потенцира својот придонес толку често, особено во време кога ЕУ нема свои капацитети во воен контекст. Преку таа опасна реториката фокусот може повторно да се сврти кон НАТО како единствен фактор на стабилизација во Европа и партнер во работата за глобален мир и безбедност на граѓаните.

Од друга страната, сугестиите за САД се во насока на поддршка, но и критика на одбранбената политика на ЕУ. Поддршката мора да продолжи, но секоја наредна администрација во Белата куќа мора да го вреднува придонесот еднакво.

„Код на однесување“ во одбранбената соработка

Покрај дијалогот релацијата ЕУ – НАТО треба да биде базирана врз основа на конкретен „код на однесување“. Тоа подразбира одредени правила и ниво на комуникација кои треба да го донесат посакуваниот развој, а унапредената комуникација преку т.н. код да придонесе за долгорочна работа на стратешките цели. Да не заборавиме, овој метод е дел од генералната комуникација меѓу двете страни

Овој код на однесување е заснован на 5 приницпи:

i. Воените пазари на ЕУ и САД да бидат отворени едни кон други.

Претходно видовме дека евентуалното намалување на соработката со американската индустрија за производство на воена опрема заради поттикнувањето за развој на европската може да донесе проблеми во комуникацијата меѓу Европа и САД. Со ова начело дел од „кодот“ се води грижа индустриите да бидат отворени и да комуницираат меѓусебно. Да делуваат како едно и се’ што ќе се преземе да биде во заеднички интерес и да не наштетува никому.

ii. Споделување на технологијата колку што е можно повеќе, во рамки на Алијансата

И ова е една од темите за кои се зборува многу. Технологијата може да послужи како обединување на партнерите во Северноатланската алијанса но и истовремено ако погрешни чекори бидат преземени да послужи како разединување. Затоа, ова начело предвидува споделување на високата и напредна технологија. Тука главно се мисли на САД која за да поттикне развој во Европа треба да сподели дел од својата иновација. Тоа треба да биде исклучиво во насока на развојот на технологијата на Континетот, но не и злоупотреба преку исклучиво потпирање на оваа веќе развиена технологија.

Дијалогот треба да го даде вистинскиот правец за споделување на технологија за истата да се искористи правилно и во насока на споделување на товарот и, секако, за унапредување на целата технолошка структура на ЕУ. ЕУ се’ уште е далеку назад во овој поглед, но несподелувањето може да донесе само уште поголеми уназадувања за оваа алијанса од ЕУ, НАТО и САД.

iii. Да се развијат заеднички стандарди за заштита на споделената технологија

Ова е во насока на погоре кажаното. Заедничките стандарди треба да обезбедат ефикасно користење на технологија, нејзина употреба како пример за да се развие самостојна европска висока технологија и ослободување од злоупотреба. Ваквата заштита не е во насока на оној од каде што потекнува исклучиво, туку во интерес на цела алијанса. Оттука, неопходноста е голема од создавање на вакви стандарди кои ќе бидат усогласени и меѓусебно прифатени, за одговорноста за имплементирањето и користењето на технологија да биде заедничка и споделена.

iv. Да се потенцира интероперативноста на ниво на соработка во алијансата

Интероперативноста е важен елемент од развој на одбранбените сили на ЕУ и тоа беше потенцирано во неколку наврати.

Оваа интероперативност подразбира, пред се', хармонизирана соработка. Но, овој термин не застанува тука. Тој опфаќа соработка на ниво на држави и еден усогласен систем за заеднички пристап и адресирање на целите преку тековни активности од заеднички интерес.

v. Фокус на „отворена архитектура"

Модерните технологии играат важна улога во одбраната и во надградувањето на воените капацитети. Напоредната технологија на партнерите во Северноатлатската алијанса треба да биде еднакво или приближно еднакво развиена и да не постои диспаритет. Развојот треба да биде на високо ниво кај сите партнери.

Во спротивно, доколку се создаде тој диспаритет може да партнерите да се доведат во состојба на дуплирана алијанса. Ваквата алијанса ќе поседува различни воени капацитети со нееднаква и несразмерна сила и подготвеност и ќе делуваат одделно. Разноликоста во технологијата ќе доведе до дезинтеграција на Алијансата.

Идната соработна меѓу НАТО и ЕУ преку одбранбената политика во областа на планирана надградба треба да ги надмине овие разноликости и да помогне во хармонизација на побарувањата и фактичката работа на ова поле.[8]

Иднината на НАТО

Уште во периодот по студената војна на државите членки на НАТО алијансата им беше јасно дека опстанокот на оваа организација несомнено ќе продолжи. Но, за да може да одговори на предизвиците кои постојат во овој период, пост-Студената војна, мора да се модернизира, а државите да одделуваат повеќе од националниот буџетски „колач" за оваа намена.

Во однос на ова модернизирање и, генерално, вложување на НАТО големо влијание имаше САД, кој е деценски партнер на Алијансата, а со тоа и на самата Унија. Влијанието на САД по Студената војна се однесува на три области во кои на различни начини свои размислување и делување имаат Државите.

1. *Одлуката на НАТО да се шири и да прима нови земји-членки.*

Овој дел од развојот на Алијансата се покажа како најмалку важен, но сепак САД има своја стратегија за овој аспект, особено скоро по епилогот од Студената војна. НАТО проширувањето, сепак, се покажа како еден од стратешките определби на организацијата и како алатка за спротивставување на несаканите влијанија од непријателски страна. Така, приемот на Северна Македонија во Алијансата е повеќе чин на обележување на територија во која Русија и други сили не смеат да се доберат, отколку награда за особен напредок во областа или пак задоволување на воените

[8] Хантер, Р. Одбранбени капацитети и Иницијативата за одбранбени капацитети. *Европска безбедносна политика: Партнер или непријател на НАТО*

капацитети на НАТО. Во тоа време овој чекор не силно поддржан од САД, но денес главен придвижувач на опстанокот и развојот на овој меѓународен фактор.

Но, зошто оваа определба на НАТО покрена толку прашања во конгресот на Америка? Едно од нив е дали Алијансата ќе може да одговори на потребите кои се зголемуваат при доаѓањето на новите членки. Дали капацитетите на НАТО нема да страдаат со приемот на нови, најчесто недоволно подготвени држави? Исто така, прашањето на кое САД сметаше дека НАТО треба да одговори е која е иднината на долг рок со влезот на новите членки и што тоа значи за самата организација и за земјите припаднички? Овие се круцијални прашања кои и денес можат да се постават. САД како главен партнер на НАТО го има целосното право да биде загрижена за овие аспекти од иднината на воената организација. НАТО има свои капацитети, но асистенцијата на Државите секогаш ја правела посилна и помоќна. Тоа доаѓа до израз најмногу сега кога на чело со Доналд Трамп САД се повлекува од многу глобални процеси во кои имаш или лидерска или, во најмала рака, исклучително важна улога. Важно за овој контекст е да се напомене и она што беше претходно кажано, дека САД се повеќе се насочува кон Кина и нема да има доволен капацитет ниту волја да води битки на два фронта, вториот е оној на НАТО и ЕУ.

Вториот фактор на кој што инсистира САД е постојаното и засилено надградување на НАТО во воен контекст. Секако, се работи за воен сојуз, но тука тоа е потенцирано затоа што се очекува во иднина НАТО да биде по потребна на терен и да делува. Оваа иницијатива на САД доаѓа од констатацијата дека НАТО во иднина ќе треба да делува засилено и надвор од своите граници. Тоа значи може да има работа на Балканот, но и надвор од Европа. Од оваа констатација произлегува и ова барање или како што го нарекуваме факторот за делување на НАТО.

Поранешниот генерален секретар Меделин Олбрајт во свое обраќање алудира на ова „предвидување“ на САД и порачува дека НАТО не смее да се фокусира исклучиво на своите граници, туку сите постапки треба да бидат од глобален карактер. Олбрајт констатира дека државите, мислејќи на членките на Алијансата, споделуваат и застапуваат глобални интереси.

Одбраната на НАТО, понатаму констатирано на самитот во Вашингтон, во своите активности мора секогаш да го има во предвид глобалниот контекст. Тоа е така заради тоа што интересите можат да бидат под влијание од многу поширока природа. На овој начин, САД иницира на модификација и надградување на улогата на НАТО Алијансата. Нејзината улога отсекогаш била глобална, но нејзините детални активности дури сега се бараат како неопходни во глобален контекст. Природата на НАТО се менува и со ослабената ЕУ мора да се посвети многу пошироко и да ја менува својата иницијална цел и причина за постоењето. Од НАТО се бара да стане глобален фактор кој извира од државите во Европа, но да делува насекаде низ светот.

Третиот аспект се однесува на одредена доза на претпазливост и страв дека темпото на развој на НАТО ќе биде поттикнато на толку високо и забрзано ниво што ќе ги надмине во своите капацитети своите партнери. Вакво нешто беше забележано во кризите во Босна и Херцеговина и нешто подоцна на Косово. НАТО нема соодветно компетентен партнер во овие борби и капацитети кои што ги има се далеку понапредни

од своите партнери. НАТО по Студената војна инвестира многу во развој на технологијата и пронајдоците. Истовремено, кај своите соработници тоа не е случај и нивните капацитети се значително послаби од оние на НАТО. Затоа денес имаме ситуација кога НАТО освен САД нема друга позадина која би служела како надоградба при евентуална потреба. Целта на Унијата преку одбранбената политика е токму тоа да постане, но тоа во моментов се чини многу далеку. ЕУ е се' далеку од изградба на било какви посериозни воени капацитети за да може да делува рамо до рамо со НАТО и да може да пркоси на големите сили. Стравот на САД се оствари, а Алијансата денес е без малку оставена сама на себе. Од една страна е САД кој се дистанцира и од друга е песимизмот во развојот на одбранбената политика не ЕУ.

Имајќи го во предвид погоре напишаното во иднина, при поголеми конфликти и посериозни ситуации, мора да се развие поширока и поефикасна мрежа на координација меѓу воените сили на сите засегнати страни. Зошто е тоа така? Затоа што при нерамномерност во капацитети воените сили на НАТО или САД имаат повеќе што да изгубат, односно многу поголеми се заканите кон нив. Тоа создава нееднаковст и различен третман на силите на терен. Тоа е тешко одржливо на долг рок и тоа, повторно, се гледа во скорешниот однос меѓу САД и ЕУ. ЕУ е послабата страна која не може да парира и тој меѓусебен однос создава еден вакум во кој Америка ги преиспитува своите интереси и се става себе си прва.

Затоа ваквата кординација е потребна заради неколку работи, а тоа е одржувањето на мирот во Европа и при заедничкиот пристап на мисии надвор од овие граници.

Кога сме кај НАТО, идејата за меѓусебна зависност и зголемување на оперативноста на ниво на Алијанса е идеја која постои уште од 1998-ма година. Тогаш, на иницијатива на САД на состанокот на министри за одбрана се воспостави план и усогласеност да се делува во оваа насока. Тоа всушност значи дека државите се „нафаќаат" да работат заедно со НАТО на унапредување на меѓусебната оперативност и со тоа зголемувајќи ја меѓусебната платформа за одбрана. Ова е дел од повисоката иницијатива на САД т.н. „обранбени капацитети".

Иницијативата е усвоена една година подоцна и е создадено тело наречено Високо забрзувачка група со цел да се поддржат овие планови и да се постигнат поголеми резултати.

Подолу ќе разгледаме што подетално опфаќа оваа програма која е слична со целите кои си ги поставува ЕУ повеќе од една деценија подоцна со намера да создаде своја одбранбена инфраструктура.

- Мобилност и позиционирање на трупи;

Земјите – членки и НАТО во секое време да можат и тоа на високо ниво на ефикасност да ги позиционираат трупите онаму каде што е потребно. Овој аспект се однесува на инвестирање во подвижноста на трупите и намалување на сите пречки кои стојат на патот. Резултатот од оваа цел треба да биде брз и ефикасен одговор на одбраната на НАТО на секоја закана и потреба.

- Одржливост;

Овие акции треба да бидат одржливи. Односно, и далеку од дома НАТО и државите треба да располагаат со свежи сили кои, како што наведовме погоре, треба да бидат со капацитет да одговорат на секоја закана. Ова не е лесен процес со оглед на фактот дека во една претпоставена ситуација трупите би биле далеку од „дома“.

- Ефективно учество;

Овој дел се однесува на ефективно учество и ефективно практикување на сите активности од висок и низок интензитет. Тука се опфатени бројни типови на операции и главно се мисли на целиот пристап кој треба да го има ваквата одбрана во пристапувањето кон операциите и проблемите.

- „Преживување“;

Вака поставениот термин се однесува на заштита на силите и зајакнување на нивните капацитети за сопствена заштита и издржливост. Војската и сите сили треба да бидат подготвени и постојано да се надградуваат.

- Интероперативни комуникации

Команда, кординација, контрола и информирање – создавање на една ваква инфраструктура на информационен систем кој ќе биде единствен за сите и ќе и овозможи на силите од различни држави да комуницираат ефикасно. Ова е суштината на зајакнување на одбраната на НАТО. Истото може да се аплицира и на ЕУ во нејзините аспирации за сопствен одбранбен систем.

Иницијативата за одбранбени капацитети е всушност проект на САД. САД водејќи се од своите интересе ја покрена оваа иницијатива која треба да донесе бенефит и за целиот систем на одбрана на Европа, кој е се’ уште во развој ако се гледа пошироко од НАТО. Целта на оваа Иницијатива е Америка да добие компетен соработник. НАТО преку европската заедничка одбранбена политика да станат блиски по моќ соработници на САД. Се’ ова се случува во време на брз технолошки развој и свет кој од ден во ден се менува и покрај придобивки носи и многу закани. САД мора да одговори на сите овие текови и еден од начините на кои тоа го прави е токму со оваа Иницијатива. Истовремено, самите Држави прават долгорочен план да се заштитат и во време кога големите сили се доближуваат до САД, од аспект на воена моќ, неопходно е создавање на што пошироко партнерсво кое е подготвено да одговори на предизвиците.

За САД оваа иницијатива е подобро решение отколку да се помога на ЕУ преку интеграција да го зајакнува одбранбениот систем. ЕУ и во моментот на пишување на овој труд е далеку од заедница која ќе има силен одбранбен систем и нема да е зависен од САД и НАТО. Заради „летаргијата“ на Европа Америка ја воспоставува оваа иницијатива и се осврнува кон НАТО како еден веќе развиен до одредена мера систем на одбрана кој е стратешки партнер. Зајакнувањето на НАТО значи и зајакнување на партнерството, но и на самата одбрана на САД.

По погоре напишаното гледаме дека партнерството меѓу САД и НАТО е од стратешко значење не само за страните директно вмешани, туку и за светскиот мир. Ова

партнерство е од големо значење и за ЕУ кое служи како асистенција, пред се', при евентуална закана, а уште повеќе за градење на самите позиции на Унијата. Кога на своја страна го имате НАТО со безрезервна поддршка од САД тогаш вашата позиција е една од главните во светски рамки.

Денес ова се менува. Позициите на светската сцена се менуваат, политиките на САД се менуваат, а постојат и одредени несогласувања меѓу ЕУ и НАТО. Сите овие поделби придонесоа за побрз напредок на Русија и Кина, а во последно време гледаме и факторизирање на Турција која преку поттикнување на немири чекори кон влијание. Во 2016-та година односите меѓу Државите и Алијансата започнаа да се менуваат, за денес да се дефинираат многу поинаку од во 2000-та година. Денес потребата од заедничка одбранбена политика на Европа е од исклучително значење затоа што со Доналд Трамп САД се повеќе се насочува кон ИРАН и Кина и води свои лични битки со овие големи сили. Истовремено, гради тајна врска со Русија, а ја намалува потребата за соработка со НАТО и ЕУ. Денес ЕУ е оставена на НАТО, а не располага со своја ефикасна одбранбена политика. Улогите се менуваат и многу поверојатно е денес Европа да соработува со Кина и да дозволува нејзино ширење на економски план на континентот и на тој начин да гради врски за мир.[9]

Односите меѓу НАТО и ЕУ

По Хелсинки зголемен фокус бил ставен на односот меѓу НАТО и ЕУ. Секако, под големо влијание на Соединетите Американски Држави, но и заради зголемената свест дека ЕУ мора да развие поцврста и поструктуирана одбранбена надворешна политика. Претходно видовме дека ЕУ и НАТО соработуваат уште од самиот почеток, а тоа е од особено значење и за САД како страна која сака да има силен партнер на своја страна. Исто така заклучивме и дека од 2016-та година тековите се менуваат и САД се помалку обрнува внимание на овој дел од светот од аспект на одбраната. Оттука, овие две причини иако се судруваат меѓу себе сепак тие влијаат да се разгледа и ревидира односот меѓу овие две организации. На ЕУ се' уште му е потребен партнер како НАТО, а Алијансата сака оваа територија да ја обележи како своја и со тоа да биде уште посилна организација и како меѓународен фактор и како партнер на Државите.

Покрај овие два заклучоци погоре, ќе разгледаме уште неколку други причини за важноста и врската меѓу НАТО и Унијата кои во иднина ќе ги дефинираат заедничките тековите за двете страни.

По Хелсинки идејата за цврста одбранбена политика на ЕУ се зајакнува, а Алијансата се смета себе си како дел од тоа. Иако, тука спаѓаат и идеи за создавање на сопствена војска, сепак НАТО како дециниски фактор за стабилност има свои удел и збор во целата „приказна". На крајот, кои се причините за разгледување на односите ќе видиме подолу:

[9] Хантер, Р. Одбранбени капацитети и Иницијативата за одбранбени капацитети. *Европска безбедносна политика: Партнер или непријател на НАТО* (45-50).

1. Може да се создаде закана за НАТО од аспект на факторизирање на друга страна која повеќе или помалку ќе ја замени неговата улога;
2. Да се развие европска заедничка одбранбена и безбедносна политика без учество на НАТО во креирањето и фактичко партиципирање во таа идна структура на политиките на одбрана;
3. Впечатокот дека Европа и државите ќе ја развиваа одбранбената политика низ призмата на „непотребност“ и „дупликат“ со референца кон НАТО.

Но, за овој процес на ревизија по Хелсинки се јавуваат уште најмалку 5 фактори кои се однесуваат на односот на САД. Како што кажавме и претходно, променливото влијание на САД во последните неколку година ја менуваа глобалната политика, а со тоа и на ЕУ и НАТО и нивните меѓусебни односи. Еве кои фактори се презентирани во книгата „ Европска безбедносна политика: Партнер или непријател на НАТО“.

1) Воена и економска „култура“ на НАТО и ЕУ,
2) Односите меѓу НАТО и ЕУ на дистанца,
3) Европски претставници во ЕУ,
4) Производство и трговија во одбраната и
5) Менаџирање на кризи.[10]

Во однос на првиот фактор кој се однесува на воената и економска „култури“ авторот главно се осврнува на еден дел од Европа кој носел несогласувања и недореченост меѓу Унијата и НАТО. Западно европската унија служи како „бафер“ зона меѓу двете организации и создава една дупка во односите меѓу Алијансата и ЕУ. Овој дел од Европа самата ЕУ мора да го интегрира во својот бриократски систем во Брисел и на тој начин Унијата сите прашања да ги разрешува од еден центар. Оваа Западно европска унија донесе и некои бенефити за НАТО кои се од политичко економска или политичко воена природа. Но, ваквите бафер односи ќе исчезнуваат со текот на време заради целта која ја поставивме погоре. Порано или покасно НАТО ќе биде принудена да одржува врска со една високо бирократска унија. На овој начин НАТО целосно ќе се справува со прашањата од интерес на централно ниво, со „чудната“ бирократија во Брисел, а се помалку со Западно европската унија.

Во однос на вториот ризик периодот по Студената војна, и покрај заедничката работа на НАТО и ЕУ во Босна и Херцеговина и Косово, се произведоа две опасности за односите меѓу двете држави.

- Најпрво, ЕУ ја држи на растојание соработката со НАТО, читај: САД, за истата да не навлезе премногу во сувереноста на одлуките,
- Од друга страна, НАТО држи своја дистанца за да не дозволи одлуките од заеднички интерес да бидат носени на супранционално ниво, односно преку

[10] Хантер, Р. По Хелсинки: Воспоставување на односот меѓу ЕУ и НАТО. *Европска безбедносна политика: Партнер или непријател на НАТО* (71,72).

Европската комисија. Едно такво сценарио би оставило многу мал простор на влијание на Алијансата.

Заклучокот е дека и НАТО и ЕУ комуницираа многу малку и минимално ја унапредија работата на многу клучни полиња во периодот по 90-тите години. Тука се мисли на области како: интегрирање на централна Европа, процесите на двете страни за прем на нови членки, односите со Русија и влијанието на Балканот. За овие клучни политики, организациите не комуницираа доволно и често пати делуваат самостојно, без координација и, нормално како резултат, со помал ефект.

Имајќи го во предвид ова НАТО започна да работи на зајакнување на капацитетите и работење на предвидени сценарија со Западно европската унија врз база на податоците и расположливите средства кои државите од овој дел ги имаат. Ова доаѓа како еден приоритет по иницијативата на Франција за посебна и зајакната надворешна одбранбена и безбедносна политика на ЕУ. Но, од другата страна, овој процес донесе мала збунетост кај САД како партнери на НАТО. Имено, се сметаше дека НАТО треба да располага со сите информации за тековни активности, но и за предвидени во иднина во рамки на одбранбената политика. НАТО започна со инсистирање на висока транспарентност од ЕУ за да поседува пред знаење и врз основа на тоа предзнаење за активностите од одбраната да знае која е улогата, во кои области недостигаат ресурси и за да ја детерминира својата улога во секоја постапка.

Проблем претставува и начинот на носење на одлуки, но и постапување по нив. Како земјите-членки најпрво ќе ги носат одлуките? Дали тоа ќе биде во рамки на инсистуциите во Брисел и ако да, како по истите ќе се постапува? Ова е една од демократските и репрезентативни закани затоа што ги јавуваат стравовите за кои претходно зборувавме – од една страна стравот за супранационализација на одлуките доколку истите се носат во ЕК и мешањето во делувањето на ЕУ од страна на САД и НАТО. Овие проблеми делумно се решени преку неколку самити, потпишани договори и постапни координации.

Според Мастришкиот, а подоцна потврдено и преку Договорот од Амстердам, сите одлуки се носат на ниво на Советот и истите се апликабилни во пракса од страна на Унијата како заедница и на земјите-членки во име на ЕУ.

Ваквиот начин на работа со НАТО и Северно атлантскиот совет може да донесе проблеми. Имено, НАТО и Советот функционираат на принципот на консензус и без било каков тип на гласање, дали тоа било формално или неформално. Земјите-членки и САД разговараат меѓу себе и делуваат една на друга. Се случувало и САД, како најмоќна, да биде под влијание на некои земји-членки и врз основа на тоа да го креира својот став и учество во консензусот. Потоа, Амбсадорот како претставник на државата влегува во нова мисија, а тоа е убедување на владата која го делегирала дека решението кое е прифатено со консензус е најдоброто можно решение и ги брани интересите на државата.

Оттука, она што е предвидено со Мастрихт и Амстердам е проблематично и се судира со „понеформалното“ делување на ЕУ. Овие два преферирани начини на донесување одлуки во пракса значат дека ЕУ и НАТО тешко би се снашле со оглед на фактот дека Унијата има пропишана регулатива за тоа како да донесува одлуки и да постапува.

Ако Мастрихт и Амстердам бидат употребени во пракса тоа ќе судри дел од членките на НАТО и нема да биде постигнат консензус. Тоа начело ќе донесе и проблеми меѓу државите од аспект на оние кои не се членки на Алијасната и Унијата. Така што овие договори иако се правна база за ЕУ ти не можат да бидат пренесени на НАТО и Советот во меѓусебното делување.

Во овој дел можеме да заклучиме дека овие демократски несогласувања носат проблеми за односот меѓу НАТО и ЕУ, но истовремено можат да донесат поголема придобивка за целиот процес на зајакнување на нивниот однос. Со подигнување на нивото на демократија и постигнување на консензус за начинот на работа заедничките одлуки кои се носат ќе бидат илустрација на размислувањата на поширок круг на страни. Тоа ќе значи и поинтегрирана европска одбранбена политика која ги соединува и државите кои не мора да се членки дали на НАТО Алијансата дали на ЕУ. Секој ризик може да претставува можност и големата слика може да биде унапредена за да одговори на сите предизвици. Односите би биле унапредени, а постапките покооридинари. Со усогласување на овие различности односот меѓу НАТО и ЕУ ќе ги таргетира погоре наведените ризици и ќе ги надмине проблемите кои се провлекуваат и носат лоши оценки за делувањето на овие сили. Надминувањето на различностите ќе значи дека ќе се подобрат и внатрешните структури на двете организации и, истовремено, и двете страни ќе имаат свои придобивки. Од една страна ќе се унапредува заедничката одбранбена политика на ЕУ, а од друга НАТО ќе продолжи да биде фактор со учеството во таа одбранбена политика.

Производството и трговијата во рамки на одбраната зазема голема улога особено во пост Студената војна. Тогаш станува јасно дека Европа ќе работи на зацврстување на заедничката одбранбена политика и самото тоа го повлекува тргувањето и производството во оваа област. Капацитети на одбраната се градат со квалитетна воена опрема и изнаоѓање на најефиксни начини на тргувања. Воените капацитети тесно зависат од опремувањето преку самостојно производство или набавка на алатки, па и профитирање од продажба на сопствено оружје. Затоа и на овој дел ќе се осврнеме подетално на военото производство и трговија.

Со оглед на претходно напишаното во овој сегмент произлегуваат неколку проблеми или прашања на кои ЕУ и НАТО работеа, а ги опфаќа меѓусебните односи, состојбите на целиот континент и односите со САД и останатите светски сили.

По Студената војна за очекување беше дека трошењето во областа на државите ќе се намали, а како последица на тоа помалку ќе има работа и за одбранбената индустрија. Обемот на работа на фабриките се намалува и повторно целосната иницијатива за градење на воените капацитети, што вклучува и производствена индустрија, остана на САД. Тамошната воена индустрија продолжи со засилено производство и трговија на воена опрема и тоа како зараза се прошири во ЕУ; секако под влијание на САД. Намерата на Америка беше европските воени индустрии да го продолжат нивниот тренд и покрај завршувањето на Војната истите да продолжат со активно надградување на капацитетите. Одбранбениот систем на ЕУ од овој аспект продолжи да се развива.

Првото прашање кое го образложивме поттикна други трендови во европската индустрија заради две причини:

- Европската безбедносна политика се развиваше на тој начин што Унијата се подготвуваше воените капацитети да бидат подготвени да реагираат веднаш и своите способности да ги надградуваат до ниво на поголеми флексибилност и мобилност и
- Европските држави започнаа да стават поголем фокус на своите одбранбени производи и да ја форсираат својата индустрија за поголем профит.

Ова придонесе да производителите ги нудат и да инсистираат на своите производи да се купуваат од страна на не ЕУ држави. Оваа политика на државите одеше до таму што се правеше обид американските производи целосно да се минимизираат на европскиот пазар и државите кои не се дел од ЕУ да „пазарат“ исклучиво од земјите од ЕУ. Ова за САД како стратешки партнер и несекојдневен иницијатор, како што видовме погоре, претставуваше многу „непартнерски“ тренд или потег за целосно да се „потценат“ производите на САД. Ова одеше на штета на односите со САД и главниот заштитник на Унијата. Односите можеа да се нарушат заради ова и со НАТО, без оглед што пазарната економија дозволува слободен пазар и конкуренција на производи, но, сепак, во овој случај САД како „поголемиот брат“ на ЕУ и НАТО го доживеа како контра удар и нешто што не смее еден партнер да го направи на друг. Да звучи поирично од она што го иницираше САД се создаде еден контра удар за Државите во еден од секторите кои се можеби најпрофитабилни.

Како четврто прашање кое се подигнува е дека притисокот на САД за спречување на падот во јавните финансии посветени на одбраната и поттикнувањето за постојано надградување на воените и, генерално, одбранбени капацитети ги подигна апетитите кај земјите-членки или подетално кај производителите на воена опрема. Сопствениците на компаниите и нивните вработени сакаа да имаат поголеми придобивки од целата работа заедно со партнерите на ЕУ и НАТО. Тоа значи дека амбициите на сите фактори во одбранбените производство и трговија одат рамо до рамо со оние на САД. Исто така, ако товарот го споделуваат и ЕУ и НАТО и САД тогаш, паралелно, и капацитетите на одбраната треба да се прошируваат и унапредуваат со еднаков интензитет. Ова најмногу се однесува на технолошкиот напредок кој е најсуштински за одговор на модерните потреби.

И според ова четврто прашање или тема гледаме дека одбраната е составена од синџир на акции кои се преземаат директно или индиректно и секоја постапка има свој одговор, а се чини дека секоја иницијатива на САД меѓу кои и Иницијативата за одбранбени капацитети повлекува ново барање или нова тегоба за Државите. Нивното влијание е големо, но и барањата кон нив како авторитет се зголемуваат, што е разбирливо од погоре напишаното.

Вложувањето во индустријата на одбраната е важен дел од ЕУ интеграцијата. Во тоа се согласија државите на ЕУ уште од Мастрихт, а подоцна и потврдено во Ница. Јасно беше дека ЕУ државите мора да работат на развој на одбранбената технологија и на пиедестал да ја стават одбраната како целина за да ја поттикнат и интеграцијата. Тоа ќе ја направи Унијата поподготвена и со силна одбранбена политика. Главниот фокус, како што беше кажано, се става на одбранбената мобилност и развој на технологија, како главни потреби за напредок во овој сектор. Исто така, создавањето на Европска

воена агенција од страна на САД се толкуваше како дуплирање, но тоа беше насоката за зајакнување на област за земјите-членки. Тоа е така затоа што ваква беше визијата кон зајакнување на капацитети што на крајот на денот е дел од Иницијативата на Државите. САД беа принудени да го прифатат ова затоа што впечатокот беше дека доколку не се практикуваа овие трендови Европа немаше воопшто да троши на одбраната, што е најлошото сценарио за САД и контра она на што работеше по Студената војна.

Во овој период се даде голем придонес за развој на воените и програмите на вооружување и опремување. Како последица на погорните иницијативи отпочнаа со работа Европската аеро одбрана и Вселенската компанија. Исто така, Гемранија, Италија, Франција и Обединетото Кралство се согласија да ги зајакнат и здружат програмите за вооружување и надградување на капацитетите. Ова кулминираше со Заедничкат организација за вооружена соработка во 1998-ма. Ова значеше дека лидерите на Европа се свесни и спремни за развој и поддршка на воената индустрија за што се очекуваше голем технолошки напредок.

Во 2001-ва година тогашниот Министер за Европа на Франција Алан Ричард заклучи дека европската одбрана и технологија можат да се унапредуваат ефикасно само со здружени сили и капацитети на европските земји. Преголем трошок е, според него, секој сам да делува и затоа повикува на заедничка одбранбена политика или поконкретно вложување во мобилност ит ехнологу преку здружување на силите.

„Споделувањето“ на американската воена технологија со европската е нешто што ги разбранува односите меѓу двете страни и носи различен вид на резултати и последици. Од една страна, Европа не може целосно да се потпре на оваа технологија со тоа што ќе ја запостави својата и тоа може да одведе достагнација и поголема зависност од НАТО и САД. Од друга страна, со тоа што САД ќе ја „споделува“ својата технологија може да бара учество на државите од конитенентот на многу мисии кои можат да излегуваат надвор од територијата, па и ингеренциите на Алијансата.

Ова т.н. „споделување“ е дел од стратегијата на САД за заедничко адресирање на ризиците и понесување на глобалниот товар, но од 2016-та тоа се менува и глобалното факторизирање на САД добива други димензии. Од 2016-та со Доналд Трамп на чело Државите чекор по чекор ги раскинуваат глобалните врски и се повеќе се дистанцираат од тековите кои директно не влијаат на Америка. Поддршката на НАТО е намалена, соработката со ЕУ е на ниско ниво. Така што, заложба од повоениот период денес не е така, барем додека Трамп е претседател на најсилната држава во Светот.

Што се однесува до менаџирањето на кризи и создавањето на еден таков систем кој ќе предвидува и одговара на кризни моменти НАТО, барем до 1999 година, нема таков концизен систем. НАТО нема конкретна надворешна политика иако делуваше во превенирање на конфликти како што беше случај на Косово во 199-та и во Македонија две години подоцна. НАТО нема една влада која ќе ги креира ваквите политики, туку збир на суверени влади на држави кои низ призмата на концензусот функционираат. Заради таквата поставеност Алијансата не развила конкретен кризен менаџмент.

По самитот во 1999-та година тоа се менува и НАТО се обврзува на пошироки политика во насока на превенирање на конфликти и создавање на мир надвор и од

своите граници. Иако, ова во пракса не се пренесе заедничката одбранбена политика на ЕУ, барем во теорија, го предвидува тоа, а НАТО како примарен партнер ќе земе учество во истото практикувајќи го својот начин на работа.

ЕУ во рамки на својат аодбранбена политика интензивно ќе работи за создавање на мир на глобално ниво и реагирање секаде каде што насилни методи се применуваат, преку промоција на демократски методи како што е дијалогт за разрешување на различностите. Така што, ова доведува до креирање на кризен менаџмент за на долг рок да ги решава ваквите проблеми и да создаде стратешки план за воспоставување на мир секаде каде што е можно и од интерес. Ова вклучува воен и цивилен кризен менаџмент за да се адресираат различнтие видови на кризи одделно.

Со ова гледаме дека ЕУ преку својата усогласена одбранбена политика и НАТО забележуваат многу разлики што во теорија делува дека не може да функционира еден заеднички кризен менаџмент. Во пракса, од друга страна, може да се развие оптимизам. Менаџирањето на граѓанската војна во Македонија во 2001 година го дава тој оптимизам дека еден уникатен заеднички пристап може да се креира и кризниот менаџмент да функционира на долг рок и стратешки пат.

Иднина на долги патеки

Во претходниот дел од магистерскиот труд се осврнавме на плановите и идеите за развој на одбранбената политика на ЕУ и НАТО во соработка со САД на краток и, евентуално, на среден рок. Но, мора да се гледа и на стратешки план и од овој аспект да се разгледаат наведените односи, затоа што јасно е дека кога-тогаш ЕУ ќе има своја заедничка одбранбена политика и влијанието на САД нема да е потребно како денес. Денеска се' уште асистенцијата и партнерството на САД и се потребни и на ЕУ и на НАТО, но јасно е дека тоа може да се менува. Гледаме дека овој однос се менува, но не од оној очекуван аспект. Америка се дистанцира од НАТО и партнерство со ЕУ во обезбедувањето на глобален мир само заради екстремната политика на Републиканецот Доналд Трамп. Истовремено, влијанијата на Русија и Кина, а во последен период и Турција се зголемуваат на одредени територии, меѓу кои е и Балканот. Исто така, поттик добиваат и екстремистичките сили во Европа, а неколку држави сериозно ги загрозуваат демократијата и правото.

Така што, како што ЕУ ќе ја зголемува економската и социјална кохезија, ќе продолжи да работи на интеграција и секако ќе ја гради својата одбрана. И, веројатно, тоа е едно општо очекување на долг рок, иако денес, како што утврдивме не е подготвена сама да се справува со предизвиците. Корона вирусот ќе донесе забавување, но стратешките цели остануваат.

Стратешкото планирање започна во 2003-та

Во 2003-та година за прв земјите-членки на ЕУ и самите институции на Заедницата се согласија да седнат на маса и да разговараат за заканите кои демнат и да направат една анализа и оценка на идните закани по европските граѓани. Тоа продолжи во 2008-ма година кога беше презентиран и извештај подготвен од страна на Европската комисија за текот на имплементацијата на определбите во стратегијата.

Самиот наслов на стратегијата ги одредува аспирациите на ЕУ во секојдневно менувачкиот свет – „Безбедна Европа во подобар свет“.

Европската стратегија заклучува дека ЕУ не била никогаш подемократска и попросперитетна. Економскиот прогрес и практикувањето на владеење на правото претворија многу хибридни режими во демократски држави и тоа придонесе за подигнување на безбедноста на континетот. Едновремено, овие процеси придонесоа за поголема интеграција на системот на Унијата, што е уште еден показател дека сигурноста кај граѓаните се зголемува. Секако, во сите овие процеси важна улога одигра Соединетите Американски Држави кои се главен партнер во креирањето на одбранбените политики и подигнувањето на безбедноста на европските држави.

Денес Европа живеее значително поразлично од повоениот период, но глобалните закани се’ уште постојат. Оттука, позитивен чекор е што Унијата се согласи да направи една безбедносна оценка, да ги детерминира сегашните и идни закани сето тоа да го стави во еден документ, како Стратегијата на која реферираме, и тоа да биде обврзница за сите засегнати страни да го практикуваат.

Глобални предизвици

Стратегија констатира дека безбедноста е предуслов за развој. Конфликтот носи штета на многу области. Не само на социјалната инфраструктура, туку и влијае на поттикнување на криминал, а нормалните економски процеси се невозможни. Следствено на ова, конфликтот секогаш се поврзува со чувството на несигурност и сиромаштија.

Главни закани

1. Тероризам

Тероризмот е една голема закана која се провлекува постојано низ историјата на ЕУ со интензитет кој варира. Тероризмот чини животи, тероризмот го чини општеството и позади себе остава само пустош. Тероризмот често пати потекнува од екстремизмот кој во изминатите години се зголемуваше и во демократска форма се провираше во институциите на ЕУ и целосното општествено живење.

При детектирањето на оваа состојба добро би било тука да напоменеме дека има искра оптимизам дека овие демократски форми на екстремизмот не можат да профункционираат на долг рок.

2. Зголемено производство и користење на оружје за масивно уништување

Ако некоја закана е поголема од самиот тероризам тоа е зголеменото производство, набавка и користење на оружја за масивно уништување. Овој дел Стратегијата го предвидела одлично и вели дека државите и терористичките групи ќе водат трка во оваа насока.

„Напредокот“ во ваквиот тип на оружје се очекува да биде најдоминантен на Средниот исток. Она што е уште поопасно оружјето ќе станува се подостапно и не само државите, туку и мали терористички групи ќе можат да набавуваат, да се закануваат и во краен случај да го користат.

Стратегијата предвиде многу работи, но сигурно не го предвидувала крајно неочекуваниот потег на претседателот на САД Донал Трамп во 2018 година. Се работи за повлекување од т.н Ирански договор за контрола на нуклеарното вооружување. Со тоа, Трамп ги доведе и САД и Европа и целиот свет во опасност со самото свое повлекување. Со овој потег Трамп практично му сврти грб на своите „западни“ партнери и самиот „гест“ дава измешани знаци за преговорите со Северна Кореа на истата тема.[11]

Во овој аспект важна улога има и развојот на биолошктие науки и напредокот во развој на биолошки оружја. Оттука, нападите врз цивили со хемиско и биолошко оружје од ден во ден ја намалуваат безбедноста кај граѓаните ширум светот.

И за ова имаме пример во скорешното минато. Иако, не е потврдено, сите го паметиме „одговорот“ на САД и Трамп на нападот со хемиско оружје на Башар Ал Асад и Сирија. Во април 2018-та наводно сириската влада изврши хемиски напад и со тоа загрози голем дел од населението. На ова Трамп одговори брзо и остро преку воен напад врз државата. Иако, до денес никој не е сигурен дали се работело за напад со хемиско оружје, сепак евидентно е дека нивото се подигнува и граѓаните се се позагрозени од ваквиот развој на настаните. [12]

Згора на оваа се заканите кои доаѓаат како последица на развојот на технологијата на проектили. Развој на оваа технологија ќе значи зголемен ризик за Европа.

Сепак, најзастрашувачкото сценарио е можноста која се создава терористички групи да имаат пристап до било кој вид на оружје. Помали и поголеми групи ќе можат сами да претставуваат голема закана за Европа.

3. Регионални конфликти

Регионалните конфликти, дали тоа биле воени или студени, се закана за Европа. Иако, тие може и да не опфаќаат територија на ЕУ, сепак влијаат многу на секојдневната безбедност. Такви се многу конфликти на Истокот, во Кашмир, Крим и други. Тие конфликти иако регионални можат да делуваат континентално. Влијаат на социјалната инфраструктура, економијата, се заканууваат и на човековите права, заштитата на малцинствата и други.

Понатаму, конфликтите можат да делуваат и подалекусежно. Нивниот обем може да ги потхрани тероризмот, екстремизмот, па дури и опстанокот на државните влади. Крајно, можат да влијаат експлозивно и на трката за нуклеарно оружје.

Стратегијата препорачува овој конфликт да се адресира на начин што ќе се започне со работа на постарите конфликти. Долгорочно нерешените регионални конфликти имаат потенцијал на опстанок или проширување.

---

[11] Ландлер, М. (2018) *Трамп го напушти Иранскиот нуклеарен договор кој толку го критикуваше.* Извадено од: https://www.nytimes.com/2018/05/08/world/middleeast/trump-iran-nuclear-deal.html.

[12] (2018) *„Хемискиот“ напад на Сирија: Трамп се залага за цврст одговор.* Извадено од: https://www.bbc.com/news/world-middle-east-43707023.

4. Државни и владини падови

Во изминатите години својот фокус ЕУ го става на владеење на правото, борбата со корупција и практикување на демократијата. Тоа го поставува како услов на новите земји-членки, но очигледно е дека и внатрешно се соочува со вакви проблеми. Така што, падот на една држава е отсликан на овој начин. Преку грубо кршење на човекови права земји како Авганистан доживеа таков пад и се закан за регионот.

Денеска тоа го гледаме во Белорусија, што е голем удар за демократска Европа која во самата внатрешност во одредени делови е трула.

Ваквите падови се поврзуваат со тероризам и организиран криминал и самото тоа произведува нови закани. Овој. т.н. општествен феномен претставува аларм и закана за уредувањето на државите и за регионалната стабилност.

5. Организиран криминал

Стратегијата оценува дека ЕУ е примарна цел за организиран криминал. Ваквиот криминал варира од шверц на дрога, трговија со луѓе и нелегални мигранти, како и трансфер на оружје. Организираниот криминал може лесно да се поврзе или да биде појдовна точка за тероризам и плодно поле за терористички групи.

Најранливи категории на држави од овој аспект се слабите држави, односно оние за кои пишувавме погоре и ги оценивме како паднати држави. Во многу држави каде што трговијата со дрога е на високо ниво ваквите групи владеат со државите. Дополнително, овие групи се доволно финансиски способни да имаат свои армии и ги користат своите ресурси за шверцување на дрога и со тоа зголемување на нивниот профит. Овој вид на трговија повлекува и трговија на луѓе, односно жени.

Имајќи ги во предвид овие закани кои подробно беа образложени може да се заклучи дека ЕУ се соочува со сериозни закани. Оттука потребата одбранбено да зајакне и да ја гради својата одбранбена мрежа се пошироко и се поцврсто.

После образложувањето на овие клучни закани, кои сепак не се единствени, ќе се осврнеме на главните цели на Одбранбената стратегија на ЕУ што ќе значи дека го претставува официјалниот став и долгорочен процес за адресирање на овие закани и зголемување на безбедноста на европските граѓани.

Главни цели

Европската унија веќе ги адресира по горе наведени главни закани.

- ЕУ тесно соработуваше со САД и одговори веднаш по терористичките напади на кулите близначки во САД на 11-ти септември 2001-ва. Всушност, Унијата презеде мерки за да одговори на евентуалните последици и дополнително ширење на тероризмот во европсктие држави.
  ЕУ го воспостави и имплементира т.н. Европски налог за апсење што претставува поедноставена процедура за предавање. Ова е во насока на ефикасно и побрзо спроведување на правни одредби како извршување на

затворски казни. Овој акт овозможува одредено правно дејствие или мерка преземена од една ЕУ држава да важи за сите и целата Унија.[13] Важно е дека ЕУ не застанува тука, туку ја продолжува соработката на ова поле за да се адресираат главните закани од овој тип.[14]

- Заедницата имплементира и понатамошни активности за спречување на ширење на нелегалните активности. Усогласена е проширена програма за зацврстување на меѓународната Агенција за атомска енергија, потоа мерки за зајакнување на контролите на државните граници и справување со нелегалните транспорти.

- ЕУ ги адресира и регионалните конфликти и преку специфични активности помага да се подигнат паднатите држави. Такви се Авганистан и балканските држави, меѓу другите. Преку активности за воспоставување на владеење на правото, економски мерки и одбранбена помош ЕУ ги адресира регионалнтие конфликти кои можат да бидат извор и на останати главни закани кои доаѓаат до Унијата и ја загрозуваат безбедноста.

Работа на безбедноста во околието на ЕУ

Конфликти кои се случуваат во слабите држави, воени судири во околните земји на ЕУ и нефункционалните општества се закана за Унијата. Приемот на нови членки на ЕУ е дел од процесот на работа на безбедноста. Со ова под своја закрила ги зема послабите државите кои манифестираат различни видови на конфликти и ги интегрира во своето општество за и тие да ги почитуваат усогласените начела кои ќе доведат до поголема безбедност. Главната идеја на ЕУ е да посветува внимание на истокот од ЕУ и да го контролира пределот околу Медитеранот. Се’ ова, повторно, за зајакнување на безбедноста.

Пример за вака успешните мисии е Балканот каде што заеднички напори со НАТО и САД доведоа овој предел да е стратешки безбеден и после неколкуте воени конфликти тука да не се зборува за граѓански војни или друг тип на вооружени пресметки.

За своја цел, преку оваа стратегија, ЕУ ја поставува поширокаата економска перспектива. Тоа значи дека интегративниот процес не треба да биде извор на поделби и да значи дека само членките на ЕУ ќе имаат бенефит, но не и другите. Затоа ЕУ работи на истокот од Европа за и таму да ги однесе придобивките од Унијата и со тоа да се донесе поеднаков свет и еднаквост меѓу државите.

Стратегијата предвидува и поинтензивна работа на односите на линија Израел и Средниот исток. Разрешување на овој конфликт ќе доведе до намалување на тензијата на овој дел од Светот, а со тоа и помалку проблеми за ЕУ. Имплементирањето на соработката меѓу овие страни ќе подразбира поширока поддршка и заедничка соработка за да се псотигне успех.

Но, некои настани од скорешното минато ги нарушуваат овие обиди детектирани уште во 2009-та година. Со преместување на амбасадата и прифаќањето на Ерусалим за

[13] *Европски налог за апсење.* Извадено од: https://e-justice.europa.eu/content_european_arrest_warrant-90-en.do

[14] Совет на ЕУ. (2009) *Европска безбедносна стратегија, безбедна Европа во подобар свет.* Стр. 31 - 34

главен град на САД се нарушија долгите години на работа на мир. Тоа не значи дека сите обиди се залудни, но овој чекор на претседателот Трамп ја доведува во прашање безбедноста, но и сите договори на база на соработка постигнати со учество на ЕУ, САД и сите западни партнери.[15]

Областа околу Меидитеранот е постојано во некаков немир. Се случуваат општествени немири, проблеми со економска стагнација и нерешени конфликти како најважните. Ова делува директно на земјите од ЕУ и безбедноста на граѓаните. Овие состојби бараат цврста соработка со партнерите од овој географски дел и работа на економијата, безбедноста и културна соработка меѓу народите. Во овој контекст и поширока соработка со арапскиот свет добро е да се земе во предвид, порачува Стратегијата.

Во однос на соработка со Истокот, кој е претежно муслимански, сериозни тегоби создаваат изјавите на претседател на Франција Емануел Макрон по неколкуте терористички напади. Официјалните ставови на еден од двајцата неформални лидери на ЕУ се заканuваат да ги нарушат сите досегашни напори за соработка и за адресирање на погорните закани.

Во Дака, во Багдат и други држави во октомври 2020-та се одржуваат протести како одговор на изјавите на Макрон во кои тој ја посочува религијата како одговорна за тероризмот и кажува тешки зборови за исламскиот пророк. Исто така, во септември 2020-та Макрон во свое обраќање најавува дека започнува да се бори против исламскиот екстремизам што беше почетното разгорување на огнот заедно со содржините на сатиричното списание „Шарли Ебдо“.

И се чини дека се случија многу настани во низа кои ги загрозија односите на Франција, а со тоа на ЕУ, со Истокот и целиот муслимански свет. Кратко по обраќањето на Макрон уште еден акт на насилство се случува врз наставник кој бил обесен затоа што изданието на „Шарли Ебдо“ го прикажувал на час.

Исто така, протести избувнаа и во Бангладеш и тоа со над 40 000 луѓе, а сите муслимани беа повикани да не купуваат француски производи.[16]

Така што, сите овие настани придонесоа на загрозување на она што беше поставено како цел во 2009 година. Макрон како лидер на Франција придонесе за тоа и го наруши угледот на ЕУ со самото тоа што кажува ставови кои можат да се разберат како официјални на Унијата, иако не се.

Иднината ќе покаже колку обидите кои се валоризираат во Стратегијата се нарушени, но определбите на ЕУ засега се јасни и покрај тоа што лидерот изразува ставови кои носат дополнителен оган на кревките односи.

---

[15] Ландлер, М. (2017) *Трамп го призна Ерусалим како главен град и нареди преместување на амбасадата.* Извадено од: https://www.nytimes.com/2017/12/06/world/middleeast/trump-jerusalem-israel-capital.html.

[16] (2020) *Расте гневот кон Макрон во исламскиот свет.* Извадено од: https://www.theguardian.com/world/2020/oct/28/anger-towards-emmanuel-macron-grows-in-muslim-world.

Во оваа смисла може да се зборува и за делувањето на Претседателот на САД Доналд Трамп. И како претседател и пред тоа Трамп има историја на критики и дискриминација кон муслиманското население.

Во 2017-та ја посети Саудиска Арабија за да зборува за толеранција, но со многу голем багаж во однос на Исламот.[17]

Така што гледаме дека и Трамп како и Макрон со своето секојдневно претставување на своите држави во одредени инстанци се закануваат да го нарушат веќе сработеното. Чудно е како и Макрон сега се споредува со Трамп во удирот врз основните европски вредности. Работата на овој план може да биде залудна. Најексплицитен пример се последнтие случувања во и со Франција.

Меѓународен ред базиран на ефективен мултилатеризам

Верувањата се дека исполнувањето на целите во Европа и Светот можат да се постигнат преку практикување на мултилатеризам. Тоа значи развој на поцврсто меѓународно општество, меѓународни институции кои се функционални и меѓународен ред базиран на владеење на право.

Во овој дел најмногу фокус се става на владеење на правото на меѓународно ниво, а главната меѓународна институција која треба да воспостави ред и безбедност врз основа на владеење на правото е Безбедносниот совет на Обединетите Нации. Ова повлекува дополнително зајакнување на ОН во насока на зајакнување на капацитетите за да ги исполнува своите обврски и ова е највисок приоритет на Унијата.

Крајната цел е институциите да се подготвени за да одговорат секогаш кога правото ќе биде нарушено и тоа ќе биде заканата за меѓународниот поредок.

Како пример можеме да ги земеме Светската трговска организација и останатите меѓународни финансиски институции кои постојано се зајакнуваат и надградуваат. Кина е веќе дел и тоа значи дека најголемите сили се дел од овие институции што значи дека истите се силни со тоа што најсилните економски сили се дел од истите. Затоа паралелно со проширувањето на институциите од аспект на зачленување на нови држави е и одржувањето на високи стандарди на работа и пракса.

Понатаму, овој концепт на високи стандарди ги опфаќа и самостојните влади на држави. Демократки уредуваните држави се адут на ЕУ и тие го зајакнуваат овој систем. Така што, се што беше наведено погоре од владеење на правото, почитување на човекови права, поддршка за реформи и ширење на концептот на добро владеење се најдобрите алатки за воспоставување на меѓународен ред и поредок. Самите држави ја сочинуваат ЕУ и заедно со централни институции ги создаваат и одржуваат тие високи стандарди на владеење и управување. Она што вистински на ЕУ му е потребно на долг рок, а го предвидуваа оваа Стратегија.

[17] Џонсон, Џ. (2017) *„Мислам дека Исламот не мраза" Листа на коментарите на Трамп врз Исламот и муслиманите.* Извадено од: https://www.washingtonpost.com/news/post-politics/wp/2017/05/20/i-think-islam-hates-us-a-timeline-of-trumps-comments-about-islam-and-muslims/.

Позитивно е што ЕУ одржува контакти и ја проширува соработката со Кина. Таа од година во година се продлабочува, а особено во изминатите неколку години со Доналд Трамп како претседател на САД. Забележлива е скорешната соработка и отворање на пазарот од страна на ЕУ за тестирање и развој на 5 Г технологија на кинеската Хуавеи. Ова се случува во време кога во САД се забранети производите на овој кинески производител, како и ограничена е соработката со компании кои се базирани во Државите.[18]

ЕУ потпиша договор со Кина во рамки на трката за развој на технологијата, одговарајќи на модерните барања од оваа област, но и од аспект на глобализацијата како зајакнување на својата позиција и остварување соработка со најмоќните партнери.[19]

И, ако за илустрација на напредокот е технологијата, тогаш ЕУ успева да остане во партнерство со најдобрите и да се развива на полето на технологијата. Сепак, и ова е под влијание на моменталнтие политики на САД кои се насочени против кинеските компании, меѓу кои и оваа телефонска индустрија. Дел од источните централно европски држави веќе се приклучуваат на оваа блокада на кинескиот гигант, секако под влијание на Трамп.[20]

Конекциите со Јапонија и Канада исто така се присутни и тие веќе со години покажуваат потенцијал да станат долгорочни и да се доведат до позиција кога врските ќе бидат толку многу меѓусебно зависни и самите држави и институции ќе ги направат функционални глобално само соединети.

За очекување е дека е најголемите партнери на ЕУ ќе бидат во областа на трговијата и генерално економијата. Во 2019-та Канада била втор најголем трговски партнер на ЕУ. Така што, очигледно е дека овие две страни уживаат цврсти билатерални и трговски односи, а економијата создава можности особено после недостатоците во врската помеѓу ЕУ и САД.[21]

Овде се работи за стратешки однос и стратешка соработка која е базирана на заеднички вредности, силни односи и поврзаности на меѓународно ниво и секако долгата историја на соработка. Почетоците на оваа соработка датираат од 1959 година.

Договорот за слободна трговија меѓу ЕУ и Јапонија се смета за еден од највредните договори постигнати во историјата. Исто така, ова се смета за едно од најголемите достигнувања во глобалната политика. [22]

---

[18] (2020) *Хуавеи напредува и покрај санкциите на САД.* Извадено од: https://www.bbc.com/news/business-54654806.

[19] *ЕУ и Кина потпишаа клучно партнерство, иднината на комуникациските мрежи.* Извадено од: https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/es/IP_15_5715

[20] Гремер, Р. (2020) *ногу европски држави се вртат против Хуавеи благодарение на Трамп.* Извадено од: https://foreignpolicy.com/2020/10/27/trump-europe-huawei-china-us-competition-geopolitics-5g-slovakia/

[21] *Канада и ЕУ.* Извадено од: https://www.international.gc.ca/world-monde/international_relations-relations_internationales/eu-ue/index.aspx?lang=eng

[22] (2019) *ЕУ и Јапонија ги зацврстуваат билатералните односи.* Извадено од: https://www.eubusiness.com/news-eu/japan-trade.25dx/

ЕУ и Јапонија соработуваат и во областа на технологијата, науката и друго што само по себе зборува за цврстите меѓусебни односи.

ЕУ продолжува да соработува со Русија, постои простор за напредок со Индија, потоа со Швајцарија која е во околието на Унијата и други. Политиката на ЕУ е космополитска и оттука фактите за овие долгорочни соработки кои и носат големи бенефити.

С оработката се приширува и на ниво на глобални организации. Тесна е соработката со Африкансата унија, а претходно укажавме дека ЕУ самостојно ја води кампањата за поддршка на овој регион. Последниот самит меѓу двете организации се одржа на 26 октомври како дел од долгорочната и продолжена соработка на регионите.[23]

Претходно беше напоменато, исто така, дека досегашниот однос на ЕУ кон Африка генерално беше на линија донатор и примател на донации. Целта е Африка да биде доволно силна за овој однос да биде компелемнтарен и двонасочен.

Сите овие врски покажуваат дека сите страни, држави и организации, се соочуваат со проблеми кои ги надминуваат нивните граници. Затоа неопходни се овие соработки, кои покрај адресирање на проблемите произведуваат и бенефити за сите.[24]

По или со Трамп?

Цела Европа е веќе загрижена за наредните 4 години. Во моментов на пишување на овој магистерски труд САД се уште го нема добиено својот нов или старо нов претседател. Оттука, се поставува прашањето како трансатлантските врски ќе опстојат во наредните 4 години.

Многу е важен односот меѓу ЕУ и САД. Партнерство со САД за Унијата е од особено значење за одбраната, но да не заборавиме дека трговската соработка на ЕУ е најависока со Америка. Така што, САД се од повеќе аспекти важни за Заедницата и оттука грижата за развојот на настаните во Државите како тоа ќе влијае на состојбите во и околу ЕУ, пред се', а потоа и глобално.

На годишната безбедносна конференција во Минхен се адресира ова прашање и можноста Трамп да добие уште 4 години како претседател. Волфанг Ишинџер, поранешен Амбасадор на Германија во САД вели дека не е крај на светот ако Трамп е повторно претседател. Притоа, тонот на зборување е како да се зборува како за некоја светска закана како екстремизам или тероризам. И тоа е стравот кај европските државјани, а така е и кај многу европски функционери. Иднината е во прашање според нив, со оглед на тоа дека САД под Трамп се помалку ја поддржува Европа, а постојано ги нарушува односите со другите западни партнери, излегува од глобално важни договори и друго.

---

[23] (2020) *Односите меѓу ЕУ и Африканската унија: Заедничко коминике на Советот за мир и безбедност на Африканска унија и Политичкиот и безбедносен комитет на ЕУ.* Изваден од: https://www.consilium.europa.eu/en/press/press-releases/2020/10/26/eu-african-union-relations-joint-communique-of-the-au-peace-and-security-council-and-the-eu-political-and-security-committee/.

[24] Совет на ЕУ (2013) *Европска стратегија за безбедност: Безбедна Европа во подобар свет.* Стр. 22 – 27.

Изминатите 4 години со Трамп на чело на САД донесоа голема несигурност за светот и за односите меѓу Америка и ЕУ. Една работа во која европските лидери беа сигурни е фактот дека со Трамп секоја лоша ситуација може да стане уште полоша.

Таа непредвидливост донесе големи светски поместувања, а Европа ја направи несигурна со се помалата подршка од страна на својот стратешки партнер Државите.

Многу европски политичари, меѓу кои и Ишингер, се согласуваат дека соработката меѓу ЕУ и САД е на историско најниско ниво.[25]

Во контекст на погоре кажаното, претходно утврдивме дека САД се' уште е најголемиот трговски партнер на ЕУ, но констатацијата на Ишингер може да доведе до пад во оваа, но и во многу други области. Евидентно е и дека соработката на полето на одбраната е намалена, а односот на Трамп кон НАТО веќе неколку пати го објаснавме.

Изминатите години во прашање се доведуваше и безбедноста на Балканот како илустрација на незаинтересираноста на Вашингтон и несакан ефект како резултат на ниското ниво на соработката меѓу Берлин и Вашингтон. Слично нешто се случуваше со Украина, кога Меркел одби вооружено да помогне на државата. Негде околу 2017-та ситуацијата е слична. Напредокот на Русија на Балканот се зголемуваше, а се чинеше како ЕУ и САД тоа да не го забележуваат или посветуваат внимание. Ова го констатира сенаторот Меккеин кој покажал отворена грижа за овој дел на Европа, а со референцата кон Украина реферираше на слична незаинтересираност на ЕУ и САД од минатото.[26]

Од ова гледаме дека незаинтересираноста на САД за важните работи на Европа и несаканите влијанија од конкурентските држави ширум светот се провлекуваат во текот на целиот мандат на Трамп. Таа незаинтересираност е потхранета од одредени кругови и на ЕУ, како што реферира сенаторот на Германија. Така што, одбраната е доведена до сериозно прашање и безбедноста забележува надолна крива.

На долг рок во иднина важно место ќе игра директната улога меѓу ЕУ и САД. НАТО не покажала досега стратешки грешки и плановите на Алијансата барем досега наоѓаат на одобрување. Тоа значи дека стратешкиот пат е трасиран и тука нема што повеќе да се дискутира, освен да се задржи истрајноста и да се продолжи учеството во европската одбранбена политика.

Односите меѓу ЕУ и САД како по одреден природен тек на нештата ќе заземаат важно место и ќе се развиват на долгорочен план. ЕУ станува се посилна и побогата и тоа го покажува фактот дека најголемиот број земји кои сакаат да и се приклучат тоа го прават заради економијата. Силната економија ја прави Унијата главен партнер на

[25] Херзенхорн, Д. (2020) *Страв и омраза (кон Доналд Трамп) во Европа.* Извадено од: https://www.politico.eu/article/donald-trump-eu-fear-and-loathing/

[26] Карничинг, М. (2020) *Трамп, Бајден и Германците.* Извадено од: https://www.politico.eu/article/donald-trump-joe-biden-angela-merkel-us-germany-transatlantic-relationship/

САД и на страна од одбранбената политика. Овој однос ќе се интензивира во иднина и на долг рок ќе ја обликува политиката на глобално ниво.

Најголемиот дел од глобалното влијание се очекува да биде од ЕУ или од ЕУ-САД односите како извор. Овие влијанија ќе го надминат оној воен аспект кој доминираше во минатото и се ќе се сврти кон она што произлегува од односите.

Истовремено, ова ќе биде можност за надминување на дециниските бариери меѓу ЕУ и НАТО алијансата. Гледаме дека „благодарение“ на претседателот на Франција Емануел Макрон односите за момент се заострија, но не „фатија“ тврда површина за да опстојат. Така што, односот меѓу двете организации ќе се „подмачкува“ во иднина и тоа ќе биде уште еден фактор за оформувањето на светската политика.

Ќе се надминат традиционалните бариери со САД и другите блиски партнери и тоа ќе биде уште еден позитивен аспект од развојот на геополитиката. Сите овие односи ќе го променат начинот на соработка на политичко-воен и политичко-економски план. Ваквите модернизирани односи ќе ја „поттурнат“ светската политика да се придвижи кон интересите на овие глобални партнери.

Сите овие фактори и настани кои ги наведовме не мора сериозно да влијаат и да ги променат односите на линија ЕУ и НАТО во рамки на одбранбената политиката и односите со САД во еден многу поширок аспект. Традиционалните релации не мора да се променат драстично, впроечем тие треба да бидат водилка за стратешкото планирање. Сепак, од сето ова произлегуваат неколку работи кои е вредно да се спомнат.

- Состојбата со одбранбената политика на ЕУ не треба да ги дели на еден или друг начин традиционалните соработници. И покрај иницијативата за самостојна одбрана ЕУ со НАТО и САД на долг рок треба да останат соработници и двигатели на глобалниот раст и развој.

- Воспоставување на „вистинска“ заедничка одбранбена политика на ЕУ треба да биде на високо ниво. Во тоа дефинитивно треба да учествуваат и сите партнери. Но, тоа не смее да претставува пречка или проблем за северно атлантските односи. Всушност, како што вели литературата, тоа не смее да претставува „компликувачки фактор“ во адресирањето на прашања од широка природа на Атлантикот.

- На крајот, нема причини зошто овие напори од страна на ЕУ не би донеле придобивки и похармонизиран однос со НАТО и САД. Заедничкиот напор кон една усогласена цел ќе донесе придобивки и за меѓусебниот однос кој беше предмет на пишување во претходниот дел од трудот. Преку одбранбената политика и во соработка со НАТО овие партнери можат само да ја зајакнуваат врска и чекорат посамоуверено кон воспоставените цели.

Според погоре напишаното односите на линија ЕУ – НАТО – САД имаат голема улога во глобалните политики. САД отсекогаш ја имал улогата на поголем брат на ЕУ, но со развојот на својата одбранбена политика Унијата сака да стане самостојна и помалку зависна. Сепак, како што беше заклучено погоре, ова не треба да ја смени

традиционалната врска и соработка меѓу овие три фактори. Токму напротив, сите страни ќе имаат придобивки. САД ќе добие многу посилен партнер во ЕУ со својата одбранбена политика, а ЕУ преку сопствено зајакнување повторно ќе се врати на глобалната карта како рамномерен фактор со тој плус што покрај себе ќе ги има своите традиционални партнери. Ваквото зајакнување на ЕУ, предводено од Германија и Франција, се очекува да донесе поголем ефект за приоритетните цели на глобално ниво воспоставени од Западот. Тоа влијание ќе ја зајакне врска и ќе создаде простор за адресирање на клучните проблеми и сите закани со кој денес се соочува Западот. Франција и Германија ја имаат таа задача да ја предводат Унијата во оваа нова фаза на зајакнати односи со САД, врз основа на аспектите адресирани погоре, и зголемено влијание и факторизација на глобално ниво. Преку одбранбената политика ЕУ ќе ги реализира своите цели, ќе го зачува мирот на континентот, но заедно со НАТО ќе делува и надвор од тие граници. САД ќе го добие својот долгопосакуван партнер, а Алијансата ќе биде активен учесник во политика на Заедницата кои ќе се водат за остварување на заедничките цели воспоставени уште од самиот почеток.

Инфраструктура

Во основата на движењето на силите е координацијата меѓу земјите-членки со асистенција на ЕУ. Координацијата треба да ги надмине инфраструктурните пречки при движењето на силите и размена на ресурси. Заради самата инфраструктура и нејзино користење од страни сили дел од државите предвидуваат доставување на барања за користење на информацијата и официјален одговор од земјата домаќин, нешто што одзема многу време и енергија и не е во насока на брзо и ефикасно движење и размена на силите. Овој проблем може да доведе ненамерна опструкција која дефинитивно наштетува на целиот процес на адресирање на проблемите.

За да се надмине проблемот активностите кои се предлагаат започнуваат со креирање на заеднички инфраструктурни стандарди од страна на ЕУ кои ќе бидат во контекст на воениот профил на транспорт и размена. Секако, овие елементи ја опфаќаат и постоечката инфраструктура која треба да се опфати со надградба. Иако, финансиските импликации не се одредени до моментот на објавување на извештајот, ЕУ мора да продолжи креирање на овие стандарди затоа што тие се важни за целиот процес за кој зборуваме во овој дел од магистерски труд.

Пример за унапредувањето на инфраструктурата преку создавање стандарди е Транс европската мрежа за транспорт ТЕН-Т. Оваа рамка предвидува целосна достапност до сите региони од транспортен аспект до 2050 година. Пристапот до најважните делови треба да се овозможи до 2030. Овие се главните очекувани резултати од оваа мрежа. Мрежата опфаќа вода, воздух и копно и во рамки на истата се дефинирани девет коридори.

Транспортната мрежа има свое надополнение кое е од областа на географска и техничка асистенција. Се работи за Географскиот и технички информационен систем ТЕНтек (TENtec). Платформата содржи датабаза и други информации кои служат на Европската транспортна мрежа.

Квалитетната инфраструктура бара сериозни инвестиици и менаџмент примарно за да се обезбеди ефикасна повеќе модална комуникација за меѓусебни цивил и воени придобивки. Дополнително на погоре наведените програми се сугерира имплементација на проекти на преку гранично ниво, осврнување на важни и критични инфраструктурни компоненти и др.

Надополнение на ова е одделувањето на посериозен буџет за имплементација на програмите.

Понатаму во делот што следи ќе се говори повеќе во насока на адресирање на регулаторни и процедурални прашања.

Царини. Почнувајќи од мај месец 2016-та сите царински процедури се одвиваат електронски. Тоа значително го олеснува движењето и сите процедури се решаваат брзо и ефикасно. Дополнително, во воен контекст се препорачува имплементација на мерки по теркот на НАТО 302.

Опасни добра. Овој тип на добра во воен контекст не се апликабилни во однос на регулативата што постои, а истата важи само за цивилни движења. Унапредување на легислативата на ЕУ во овој контекст ќе го олесни движењето на трупи и воена опрема.

Национални процедури. Националните процедури се важни затоа што тие се суштината на военото движење низ државите. Тие, нормално, меѓусебно се разликуваат, но извештајот повикува на сериозно размислување за создавање на една единствена регулатива која ќе биде и национална и меѓународна и ќе биде апликабилна за лесен транспорт.

Хибридни закани. Овој тип на закани играат голема улога за Унијата. Тие закани се однесуваат и на транспорт. Сите измени кои се препорачуваат се во насока на ЕУ-НАТО соработката на ова поле кои директно ги адресираат овие закани. Со имплементација на иновативни мерки ќе се зајакне цврстината на транспортната инфраструктура и ќе се обезбеди сигурно движење на силите.

Соработка со засегнати страни. ЕУ мора тесно да соработува со сите засегнати страни во областа на мобилната обрана. Впрочем, тоа е и суштината. Ефикасната мобилна одбрана која ќе решава проблеми потекнува од јасна и недвосмислена соработка меѓу сите засегнати страни. Таа соработка ќе биде и комплементатор на политиките кои се водат за мобилните воени сили и размената меѓу државите.

Најпрво, секако, НАТО алијансата се идентификува како една од главните засеганти страни. Веќе постои соработка меѓу ЕУ и НАТО во областа на одбраната, но таа мора да се осврне посуштински на мобилноста и тука да помогне во зајакнување на процесот.

Второ, самите земји-членки се засегнатите страни и страни со најголеми придобивки. Од соработката меѓу нив самите, на интерговернментално ниво, а потоа и соработката со институциите на ЕУ треба да ја произведе таа ефикасна мобилност кон која се стреми Унијата. Придобивките од соработка ќе ги имаат сите, најмногу европскитие државјани.

Така што, работата во оваа област бара сериозен дијалог и вклучување на сите страни кои имаат капацитет да придонесат. Овој процес е сеопфатен и се движи од поопшто кон подетално, односно од одбраната во целина, кон аспектот на мобилнтие воени сили. Сите засегнати страни најпрво ќе негуваат соработка значајна и за другите полиња, а потоа и ќе ја постигне воспоставената цел.

Во продолжение на кратко како заклучок во овој дел, ќе погледнете што се очекува од иднината во оваа област.[27]

Доколку ја земеме повторно изјавата на Емануел Макрон во предвид дека во идната одбранбена политика ја гледа и Велика Британија, тогаш мора да се размисли дали ова размислување носи бенефит во праксата. Зошто го велиме ова? Затоа што Брегзит колку што е лош на економски план, толку е добар кога се работи за создавање на европска армија. Имено, Британија е една од најголемите сили во ЕУ која е против создавање европска армија. Иако, Макрон го гледа Кралството во идната засилена одбранбена политика, сепак сотанува фактот дека Британија е против тоа. Секако, Макрон тоа го кажува за да покаже поголема обединетост и мотив сите големи држави да се обединат за поцврста безбедносна политика.

Се чини дека единствената позитивна работа која произлезе од Брегзит е тоа што сега Британија нема удел во продлабочувањето на безбедносната и одбранбена политика. Медиумите во тоа време пишуваа дека гласањето на референдумот за излез од ЕУ може да е првиот чекор кон отстранување на пречките кон создавање цврста одбранбена сила настрана од НАТО. Така што, дезинтеграцијата на ЕУ со излегувањето на Обединетото Кралство може всушност да даде спротивен резултат и да донесе поголема интеграција преку отворена работа на одбранбената политика.

Но, по овој краток дел за Велика Британија која претставувала кочница во продлабочувањето на одбраната овде ќе зборуваме за уште една земја, покрај Франција, која стои отворено за засилена работа на одбранбената политика. Франција не е единствената земја која се залага за ова, туку и Германија има особено важна улога, но впечатокот е дека Франција е двигателот заради експлицитноста на Макрон и неговата ажелба да се постави како нов лидер на Европа.

Германија се смета за највлијателната држава во ЕУ. Нејзината економија и ја овозможи оваа позиција и државата остава впечаток дека успешно се справува со сите предизвици. Пример за тоа е и моменталната ситуација со коронавирусот. Оттука потекнува нејзиното влијание кое се префрла и на безбедносната политика. Затоа, Германија се смета за лидерот на промените во областа без оглед што во последно се зборува за Франција и Германија како здружени сили во работата на одбраната. Германија продолжува да ја претставува суштината на секоја промена на економски, политички и на планот на безбедносната политика.

Германија станува особено влијателна по кризата од 2009-та кога го зазема својот став како лидер и предводник во сите области и вклучувајќи ја и надворешната безбедносна

[27] (2017) *Заедничка изјава на Европскиот парламент и Советот.* Стр. 2,4,5,6,7.

и одбранбена политика. Претходно, во однос на безбедноста Германија делувала како помалиот партнер на Франција и во оваа област таа имала водечко влијание.

Пресвртната точка за Германија во одбраната на ЕУ се случува со конфликтот на Крим кога по окупацијата на Русија на за неа пријателска земја Германија презема одлучни мерки во форма на санкции кон Русија. Тоа е појдовната точка кога Германија се факторизира дополнително и веќе од 2016-та зборува за посериозно лидерство во реформите на одбраната.

Но, кои се приоритетите на Германија во однос на одбранбената политика во ера на Брегзит? Ова ќе биде прашање кое ќе го разгледаме подетално.

Приоритет број 1. За Германија е важен суверенитетот на континентот, а овозможувањето на тој суверенитет започнува преку внатрешната безбедност, адресирање на немирните комшии и создавање систем кој ќе одговори на предизвиците од областа на безбедноста. Германија ја гледа својата позиција како суверена и со високо ниво на безбедност, а такво нешто посакува за останатите земји-членки и блиските држави кои не се дел од унијата.

Приоритет број 2. Вториот приоритет се однесува на поинтегрирана безбедносна и одбранбена политика. Според „белите документи“ Германија се стреми кон зацврстување на безбедносната политика преку инвестирање и зајакнување во одбранбената индустрија и интеграција на воени и цивилни капацитети. Овој втор дел од приоритет делумно се однесува и усогласување на ставовите со Франција за развојот на политиката на долг рок, нешто за што може да има одредени разидувања.

Приоритет на Германија е и одржување на заедништвото и засилено партнерство со НАТО. Од другата страна, Франција во своите извештаи зборува за ЕУ со своја одбрана и соработка со САД кои бараат поголема воена асистенција на глобално ниво и во стратешки рамки. Во овој момент ќе се потсетиме на коментарот на францускиот претседател дека НАТО е мртов проект. Тука, евидентно е мало разидување кое зборува за партнерства со две страни кои сепак се блиски. Но, ова на долг рок може да претставува и проблем во однос на приоритети и дали ЕУ да се дистанцира со своја армија и да биде рамо до рамо со САД или пак да биде десна рака на НАТО. Но, како што рековме, ова се мали разидувања, но стратешката определба останува.

Оттука доаѓаме до **приоритет број 3.** Германија, како што видовме, е за продлабочување на безбедносната и одбранбена политика, но не по цена на соработката со НАТО. Не по онаа цена која ја предлага Франција за одминување на НАТО и за тесно партнерство со САД. Позицијата на Франција би значела и американски трупи на германска земја. Оваа позиција е цврсто бранета од Германија и како што рековме тука е можно мало разединување, затоа што СР Германија ја гледа ЕУ како близок партнер или „помал брат“ на НАТО. Ова се потврдува и во националните бели документи каде што посебен акцент е ставен на партнерства во областа на одбраната. Оттука, можеме да заклучиме дека компатибилноста со НАТО останува во основата на одбранбената политика на Унијата. Од другата страна, Франција се залага за самостоен настап со цел ЕУ преку својата армија да парира на САД и со тоа да не зависи од НАТО.

Овие се принципите на Германија во креирањето на националната и меѓународната одбранбена политика. Меѓународната е се повеќе обликувана од Германија, а во последните неколку години од француско-германскиот мотор. На крајот на денот, факт е дека изминатите 10 години одбраната ива големо внимание кое на долг рок треба да резултира со уште позасилени политики.

По креирањето на Стратегијата за европска одбранбена политика беа преземени низа важни чекори кои се надополнение и во насока на првата стратегија од оваа област која датира од 2013. Тие мерки се следните:

- Постојана структуирана соработка, ПЕСКО 2017,
- Европски одбранбен фонд, воспоставен во 2017-та,
- Воено планирање и градење капацитети од 2017 година. Овој плански документ претставува дел од постојаните сили на ЕУ од областа на одбраната,
- Координиран годишен извештај за одбраната од 2019 година.

Сите овие документи се последица на Стратегијата од 2016 година што значи дека овој документ дава силен полет на одбраната и поттикнува креирање на сериозни документи и преземање на одлучни чекори за да се зацврсти безбедноста. Со стратегијата од 2016 се поставуваат основите за самостојна и целосно автономна одбранбена политика на Унијата. Тоа го констатира и Германската канцеларка Ангела Меркел уште во 2017-та кога вели дека ЕУ ја зема судбината во свои раце.

Но, Унијата има уште еден документ кој ја движи одбранбената политика во посакуваниот правец. Се работи за Постојаната структуирана соработка наречена ПЕСКО што претставува документ која ја подига соработката во областа на одбраната меѓу земјите-членки на ЕУ на едно повисоко ниво. Донесен е со Лисабонскиот договор и се работи за рамка за продлабочување на соработката на одбраната на сите земји кои сакаат и можат да земат учество.[28]

ПЕСКО е главно иницирана програма од Германија на која се повикуваат сите земји-членки да земат учество.

Но, оваа програма претставува уште една точка на сопнување меѓу Германија и Франција. Имено, гледиштето на Франција е спротивно од аспект на концептот кој го претставува Германија преку ПЕСКО. Франција ваквата програма ја гледа на „екскулизвен клуб“ на државите кои можат најмногу да придонесат и така да се зајакнува одбранбениот систем на Европа. Следствено на тоа Франција работеше на посебна програма надвор од ЕУ која се нарекува Европска интервентна иницијатива. Оваа Иницијатива е во рамки на она што погоре беше наведено дека Франција го гледа и Обединетото Кралство во рамки на одбранбената политика на ЕУ. Со тоа, Франција ги вклучува најсилните држави и тие се дел од ексклузивниот клуб на земји кои ја креираат меѓународната безбедносна политика.

[28] *Песко.* Извадено од: https://pesco.europa.eu.

Германија историски делува пацифистички и тоа одведе до многу воени конфликти заради нијзината пасивност. Во овој поглед Франција се разликува и делува поодлучно дури и по цена да влезе во активен воен конфликт. Така ја креираат и одбранбената политика и од нив произлезе идејата за европска армија, која подоцна беше поТврдена заложба на Германија. Така што, Франција знае да биде причина за несогласување, но крајните цели на двете држави се поклопуваат, што е најважно. И, најверојатно идејата за самостојна европска армија е она што ги зближи овие две држави кои се разидуваа по одредени прашања. Армијата е заедничка предвидена активност и тоа моментот кој што секогаш ќе носи меѓусебно согласување и функционирање на француско-германскиот мотор.

Но, постојат и понатамошни разлики меѓу двете држави во пристапот. Во одредени случаи на соработка при различни интервенции на глобално ниво соработката најдобро функционира кога во воените сили предничат Французите, додека во цивилните капацитети лидерската позиција ја има Германија. Франција ја гледа надворешната политика низ призмата да го зајакне својот армиски, односно воен капацитет, додека Германија настапува пацифистички и одлука за да се интервенира во одредена област може да потрае подолго. Разликата се гледа и во однос на финансирањето. Франција и во време на економска криза успеваше да оддели 2 проценти од бруто домашниот производ, додека Германија до 2024 планира да учествува со не повеќе од 1,5 проценти. Така што и од овие разлики се гледаат позициите на двете држави и тие се често причина за несогласување.

По доаѓањето на Макрон политиките во одбраната се засилуваат уште повеќе, особено во насока на поттикнување на германскиот партнер. Но, се чини дека Франција нема се' уште онаков партнер каков што сака и можеби ЕУ ја нема онаа Германија одлучна и во одбраната како и во многу други области. Француско-германскиот мотор има посилна француска страна.

Германија има дилеми заради неколку работи. Прво, самата Европска иницијатива поттикната од Франција во себе ги вклучува само „најамбициозните“ држави во областа на одбраната. Ова може да ја наруши и така слабо функционалната хармонија меѓу државите и да го подгрее понатамошно процесот на дезинтеграција внатре во ЕУ. Второ, Германија е загрижена за вклучување на земја надвор од ЕУ во оваа програма, а Франција, веќе видовме во неколку наврати стои јасно и отворено за тесна соработка со Обединетото Кралство. Трето, самата Иницијатива е во конфликт со ПЕСКО и тоа може да создаде поделености, не толку меѓу овие две држави, туку во цела ЕУ. На крајот, можеби прашање од најголем интерес на Германија е што Европската одбранбена иницијатива ќе го зголеми учеството во воени акции, нешто што е против определбите на Германија, за што зборувавме погоре.

Од другата страна, и Франција има одредени анимозитети кон настапот на Германија и функционирањето на ПЕСКО. Пред се за државата оваа платформа е премногу бирократска и тоа го забавува нејзиното работење. Второ, тоа се стреми по секоја цена да ги вклучи сите држави од ЕУ, и послабите и посилни, нешто што е контра видувањата на Франција за работа на ова поле.

Останува надежта дена Иницијативата ќе се приклучи и интегрира во ПЕСКО и со тоа ќе се обезбеди највисоко ниво на интегрираност во одбранбените политики, поконкретно во работата со европаската армија.

Подолу во табелата ќе направиме една паралела на приоритетите и активностите на ПЕСКО и ЕОИ за појасен приказ на состојбата.

	ПЕСКО	ЕОИ
Членки	ЕУ без Данска и Велика Британија	10 држави, вклучително и Велика Британија
Приоритети	Вклучување на сите земји-членки без оглед на нивното ниво на подготвеност во одбраната	Се фокусира на создавање и менаџмент на ефикасни воени капацитети и ресурси
Последици	Флексибилна соработка врз основа на типот на предметниот проект.	Заедничка одбрана со централно доминантни насоки.
	Амбиција да се постигне поблага форма на француски тип на одбрана	Наменета само за„поамбициозни“ држави, односно поподготвени од областа на одбраната.

Во заклучокот на овој дел може да се констатира дека обединета европска армија е се’ уште далечен проект. Се чини дека амбициозните изјави на Меркел и Маркон по ова прашање се пред времето и потребен е простор и повеќе работа за остварување на целта. Сепак, тука мора да потенцираме уште еднаш дека валидно е тврдењето дека во пост Брегзит ерата ова прашање и генералните безбедносни политики напредуваат побрзо.

Во продолжение ќе ги разгледаме можностите за иднината.

Во однос на амбициите на ЕУ

ЕУ се наоѓа во фазата на САД во 40-тите години од минатиот век кога се соочува со одлука за поголемо учество на меѓународен терен и заземање на ефективна стратешка улога. ЕУ, а особено Германија, која делува пацифистички, треба полека да го восприема фактот дека ваквата улога е неопходна иако таа презема големи вложувања и ризици.

Позитивно е што се зборува за една единствена стратетигија, особено по 2017-та година, наместо да се зборува за одделни стратегии на секоја членка.

Односот кон НАТО во иднина

Во однос на НАТО до скоро Германија беше во комфорна состојба. Алијансата главно е финансирана и предводена од САД, но со доаѓањето на Трамп тоа се менува и паралелно комфорната зона за Германија се стеснува. Оттука, Германија и ЕУ треба да одлучат како ќе настапат на ова поле. Дали ќе го зголемат учеството од аспект на пари, ова особено важи за Германија, и ќе продолжат тесно да соработуваат и „шлепаат“ на НАТО или пак Германија ќе се одлучи за посериозно инвестирање во единствената европска армија и целосно надминување на зависноста од НАТО.

Изјавата на Ангела Меркел дека сега Европа ја има судбината во свои раци може да значи дека сепак Германија се одлучила за втората погоренаведена опција. Јасен знак е ПЕСКО која барем за една декада ги поставува стратешките определби на одбраната. Оттука може да продолжи и поактивна работа која заедно со Франција ќе ја постигне главната цел за европска армија. Оваа политика може дополнително да го забрза својот развој доколку Франција и Германија успеат да ги „убедат“ останатите земји-членки да гледаат на одбраната како и нив – како висок приоритет кој бара зголемено вложување.

Светот се повеќе го доминираат безбедносни закани и оттука потребата за поголеми инвестиции испливува на површина. Тоа во иднина ќе ги поттикне државите и ЕУ да заборават на луксузот и да одделуваат посериозни средства за одбраната.[29]

Во овој дел ќе се осврнеме и на одредена критика кон Меркел и Берлин која доаѓа од страна на САД, а државата лидер покажува крајна незаинтересираност и лежерност за безбедноста на континетот и партнерите на Унијата.

Се чини дека во одредени области, а особено на полето на безбедноста, на Меркел и годи рамнодушноста на САД, односно Трамп. Многу од (не)преземените чекори на Германија во овој контекст укажуваат на одредена летаргија кај еден од двајцата лидери на ЕУ. Тоа не е случај со Франција, токму напротив, траекторијата на оваа држава е во обратна насока.

Оттука, не може да се обвинува само САД дека се повлекува од работата на одбраната и генерално безбедноста во ЕУ и на глобално ниво. Од 2018-та година Германија се дистанцира од речиси секоја активност на САД поврзан на надворешната политика и безбедноста. Ова се однесува на активности за адресирање на Русија, Кина, Иран, Израел, Истокот и други. Кога лидерот на ЕУ не ја дава поддршката која се бара, како што посочуваат овие примери, тогаш и самата Унија е многу лесно да се обвини за одредени несакани настани и генерално да ја загрозува безбедноста на европските граѓани, односно да не презема чекори во заштитата.

Слично нешто се провлекува и во односот со НАТО кој се’ уште е главен заштитник на Заедницата од одбранбена и воена гледна точка. Така, Германија не само што не го достигнува поставениот лимит на финансирање на одбраната, туку и константно ги намалува средствата за оваа намена. Ова се однесува и на генералните практики на

[29] Куна, А. (2020) *Одбранбена политика по Брегзит: Дали Германија се насочува кон европска армија?.* Извадено од: https://www.e-ir.info/2020/07/05/post-brexit-eu-defence-policy-is-germany-leading-towards-a-european-army/.

воено опремување и надградба на капацитетите на Алијансата. Овие недостатоци можат да донесат намалување на меѓусебната доверба меѓу партнерите затоа што Берлин не го исполнува она што го ветила. [30]

Имајќи го во предвид намаленото вложување во одбраната и намалениот фокус на овој сектор се заканува да ја наруши историската врска меѓу ЕУ и САД, а особено дека доаѓа од држава која во минатото го пропагираше концептот на НАТО.

Овој однос на Германија е дополнителна закана затоа што поддршката за НАТО од САД е многу ниска и политиката на Америка е насочена кон нарушување на либералниот светски поредок.

Она што е дополнително загриживачки е дека промената на меѓународно и глобално ниво доаѓа од внатрешните политики. Во 2017-та година новата власт во Германија, односно христијанско демократската коалиција, го известува НАТО дека ќе одделе 1,5 проценти од бруто домашниот производ. Тоа е за 0,5 проценти помалку од усогласениот минимум од 2 проценти од НАТО самитот во 2014 година. Од Германија се очекува да одделува дури и повеќе од тие 2 проценти така што овој пат е дотолку запрепастувачки.

Голем проблем е што ова е одраз на внатрешните политики, односно новата влада која очиглендо ги променила приоритетите на претходната. Нешто вакво не е дозволиво особено за сериозна држава како Германија од која најмалку се очекува по вакви големи прашања да ги менува ставовите. Ова зборува за влијание врз надворешната политика како нус производ на внатрешната што често пати може да значи штети по самата држава, но и меѓународниот поредок.

Згора на сето ова, проценките се поставуваат дури и на пониско ниво од ова. До 2023-та Германија ќе одделува 1,25 проценти од БДП за одбраната со што тоа е на рекордно ниско ниво, особено што доаѓа од држава која е лидер во одбраната и Европа. Германија со најсилна економија ќе стане најслаба воена држава меѓу најсилните држави на континентот. Ова само по себе е апсурд и зборува за долгорочните приоритети на државата. [31]

Поаѓајќи од овие факти се наоѓа причината зошто Франција иднината на европската одбрана ја гледа со вклучување на Велика Британија. Не само заради фактот што Обединетото Кралство е една од најсилните алатки на европската одбрана, гледано историски и сега, дури и заради слабото вклучување на Германија и поставување на одбраната на подолните места на листите на приоритети.

Еден позитивен настан кој дава малку светлина на ова ретерирачко однесување на Германија е проширувањето на воените сили кое е прво покачување по обединувањето

[30] (2019) *Намаленото инвестирање во добраната на Германија го ослабува НАТО.* Извадено од: https://www.ft.com/content/303ec9e8-5c3d-11e9-9dde-7aedca0a081a.

[31] (2019) *Германија планира да го намали вложувањето во 2020-2023 непосредно пред извештајот на САД.* Извадено: http://www.defense-aerospace.com/article-view/release/203991/germany-plans-to-cut-military-spending-from-2020-to-1.24-of-gdp.html.

од 1999 година. Германија ќе додаде 14 300 трупи и ќе отвори нови 7 000 работни места.[32]

Но, ова е вест од 2016 година што уште еднаш укажува дека со промена на партиите кои учествуваат во власта во Германија и како тоа влијае на надворешната политика. И, овој дел можеби нема да се промени, но ќе остане фактот дека до 2023-та оваа држава ќе вложува помалку во својата, а потоа и во континенталната одбрана, што е контра приоритетите на Унијата.

Иако, од Германија се очекува најмногу, сепак не се единствени и овој план на НАТО се доведува во прашање заради слабиот ангажман на мнозинството држави и членки на НАТО. Во годишниот извештај за 2019 години НАТО известува дека само 7 од членките на Алијансата го исполниле минимумот од 2 проценти за инвестирање во одбраната. Токму заради ова Претседателот Трамп кажуваше големи критики, а Алијансата се трудеше да ги побие овие критики со тоа што ќе се зголеми инвестирањето во оваа област. Но, очигледно, барем за 2019-та, тоа не било случај.[33]

Гледаме дека генералниот концепт на НАТО се урива на некој начин, а поставувањето на одбраната за приоритет на државите очигледно не успева. Германија предничи, но не е единствена. Оттука и критиките на Трамп, кои често пати се исмејувани сега држат вода.

Критиките на Трамп во одбраната се само проширување на незадоволството кое доаѓа од енергетската соработка меѓу Германија и Русија. А, кога се работи за одбраната не само САД, туку и многу од партнерите на Германија ја критикуваат за нејзиниот недоволен ангажман. Така што, се чини дека Геманија како лидер на Европа во многу области ќе доживува најголеми критики од сите НАТО членки кои не го исполнуваат минимумот. Тоа е за очекување затоа што се очекува лидерите на Европа да ги почитуваат најмногу усогласените приоритети.

Дополнителен аргумент за овие критики е суфицитот на германската економија која го забележува од 2015 до 2019 година. Затоа и самите носители на одлуки во германската влада знаат дека критиките се оправдани и вистинити. Ова е дотолку точно затоа што НАТО ја „снабдува“ Германија со високо ниво на безбедност и бенефитите од работата на Алијансата, повторно, ќе бидат на страната на оваа држава. Се проценува дека доколку НАТО не постоеше Германија ќе мораше двојно да ги зголеми вложувањата и капацитетите на одбраната. Односно, да вложува над 3 проценти од БДП во овој сектор.

---

[32] (2016) *Германија ќе додаде 14 300 трупи како прво зголемување по обединувањето.* Извадено од: https://www.chinadaily.com.cn/world/2016-05/12/content_25241499.htm.

[33] Браун, Р. (2019) *Извештај на НАТО: Само 7 држави го исполнуваат зададениот таргет.* Извадено од: https://edition.cnn.com/2019/03/14/politics/nato-defense-spending-target/index.html.

Определбите на ЕУ според Одбранбената стратегија од 2013

По 10 години работа на полето на одбраната и безбедноста ЕУ ја создава Стратегијата за одбрабена политика и нотира низа успеси. Меѓу успесите се вбројуваа Грузија во 2008-ма, Африка, Косово и други. Меѓу другото во воведот стратегијата нотира дека со бројот на земји членки и број на жители од околу пола милијарда ЕУ мора да работи и на полето на одбраната. ЕУ е глобален играч со оглед на економијата, учеството во бруто производот, близината и историјата на соработка со големите сили и друго таа мора да прерасне и во глобален играч на полето на одбраната.

Големото мнозинство од граѓаните на државите од ЕУ, според извештајот, се изјаснуваат за водење на заедничка безбедносна и одбранбена политика и тоа претставува истовремено и мотив и обврска да се работи на ова поле и да се постигне што е можно повеќе.

На 12-ти септември ЕУ ја воспоставува Европската безбедносна стратегија да одговори на глобалните прашања од областа. Настаните од блиското минато не само во ЕУ туку и надвор од неа, како нападот на кулите близначки на 11 септември 2001, отвори едно ново поглавје во европската политика. Поттикната од овие немили настани Европскиот совет ја носи оваа стратегија која, можеме да констатираме, до денес претставува основ за развивање на политиките на одбраната и безбедноста.

Стратегијата реферира директно на европсктие државјани и обезбедување на нивна сигурност. Исто така, стратегијата се однесува и на националните одбранбени системи на одбрана и безбедност за и самите држави да добијат насоки како да работат во областа, односно посериозно дасе сфати вложувањето и менаџирањето на одбраната.

На самиот почеток на Стратегијата се дефинираат пет главни закани по безбедноста на ЕУ кои можат да влијаат и глобално.

1) Меѓународниот тероризам,
2) Зголемено производство на оружје за масовно уништување,
3) Регионални конфликти,
4) Неуспех на државите,
5) Организиран криминал.

Врз основа на овие утврдени опасности кои служат како причина за овој сериозен пристап се констатираат три цели:

1. Новите закани мора рано да се адресираат со користење на сите инструменти кои стојат на располагање на ЕУ за постигнување на подобар резултат. ЕУ треба да делува секаде каде што постои опасност за раѓање на конфликти и тоа е приоритет на Унијата за да обезбеди мир и безбедност за своите граѓани,
2. Стратегијата опфаќа широк дијапазон на проблеми од аспект на одбраната кои сугерира да се адресираат. Со овој документ ЕУ се поставува како глобален играч и заедница која треба да учествува во разрешување на конфликти на глобално ниво. Но, исто така, Стратегијата предвидува справување со

немирната околина на ЕУ. Затоа, ЕУ ќе преземе мерки за унапредување на системите на државите на границата со источна Европа и Медитеранот со воспоставување на стабилни и демократски влади. Со ова уште подетално се адресира безбедноста на европските државјани и тоа е една од стратешките цели на Заедницата.

3. Светскиот поредок ЕУ го гледа со практикување на мултилатерализам и меѓународно право. Констатацијата за ваквиот начин на настап е дека една држава не може сама да се справи со глобалните проблеми кои ја опфаќаат и неа, а меѓународното право е теркот по кој се воспоставува ред.

Од овие поставени цели и очекувани резултати јасно е дека се бара поактивна надворешна политика на Унијата преку користење на сите ресурси за да разрешува конфликти, да работи на постконфликтна реконструкција и да учествува во проектот за мир во светот. Така што, ова подразбира покрај воени активности да се преземаат дипломатски, политички, трговски и развојни политики во форма на акции насочени кон погоре наведените цели.

Во 2008-ма година од страна на Високиот претставник за заедничка надворешна и безбедносна политика е направена евалуација на ефектот што го дала Стратегијата за одбранбена политика од 2003-та, односно оценка на тоа колку од напишаното се преточило во стварноста. Заклучено е дека Стратегијата е добра основа за генералната надворешна политика на ЕУ и мора да се надоградува за да ги адресира и новите закани кои во оваа евалуација се претставени. Новите закани кои мора да бидат ефикасно адресирани доаѓаат од областа на сајбер безбедноста, климатските промени, животната средина, енергија и друго. Исто така, се анализирала и состојбата со државите во развој.

Во заклучокот евалуацијата ги повикува државите и Унијата да продолжат со имплементација на Стратегијата и да работат на изнаоѓање нови инструменти и ресурси за адресирање на прашањата од одбраната. Се’ ова мора да се направи на еден покоординиран начин со постојана соработка на сите засегнати страни.

Гледаме дека евалуацијата ја оценува Стратегијата како добра, но со препораки истата да се унапредува и да работи на секојдневно променливата околина. Секој ден се раѓаат нови закани кои можеби не се детално опфатени со Стратегијата, но мора да се работи на нови инструменти кои ќе бидат алатка за справување со овие нови предизвици. Исто така, очигледно е дека уште од тогаш се сугерира на поголема соработка, на вклучување на сите засегнати страни, опфаќајќи и меѓународни организации и држави. Пристапот мора да биде заеднички за да донесе поголеми ефекти.

За да се обезбедат дополнителни капацитети за заеднички пристап во одбраната во 2004 година се формира Европската одбранбена агенција. Примарната цел на Агенцијата е да помогне на земјите-членки и Советот во надградување на капацитетите

од аспект на менаџирање на кризи и создавање одржлива безбедносна и одбранбена политика.[34]

Фондацијата Ханс Сеидел детерминира низа воени барања на глобално ниво. Овие барања мора да се исполнат за да се подигне нивото на воена и одбранбена подготвеност. Русија и Кина во скоро време претставуваат предизвици за ЕУ. Со инвазијата на Крим во 2014 година Русија стана закана за тамошната граница на ЕУ. Исто така, економскиот развој на Кина почнува да делува глобално и опфаќа и други области кои проиведуваат влијание на оваа држава, како политички и воени. Дури и НАТО констатира дека развојот и ширењето на Кина претставува и придобивка, но и предизвик за безбедноста на ЕУ.

Така што, овие две држави, заедно со неизвесниот однос на САД во иднина претставува важно прашање за ЕУ и особено западно европските држави. Предизвикувачко е тоа што овие прашања доаѓаат на маса во време кога впечатокот е дека ЕУ ја смета одбраната како секундарна и вложувањето во истата е во таа насока.

Многу аналитичари сметаа дека ЕУ и НАТО треба да ги разгледаат нивните меѓусебни односи и да ја разјасна политичката димензија на одбранбената политика. Ова подразбира и поголема стратешка автономија на патот на разрешување на погоре наведените дилеми. Оваа стратешка автономност всушност значи независност од САД и кој пат ќе го фати ЕУ на стратешки план по однос на ова прашање.

Заедничко прифатлив заклучок е дека граѓаните на ЕУ мроа да добијат повеќе во однос на нивната безбедност. Мора да има конкретна и цврста одбранбена политика за секојдневието на Европа да може да донесе поголеми успеси во сите сфери на функционирање. Претходно наведовме дека важна е поголемата интеграција и координација во однос на одбраната и тоа со овој извештај на Фондацијата се потврдува уште еднаш.

ЕУ мора да работи засилено за да одговори на воените барања кои се издигнуваат пред нејзините институции без малку секојдневно. Преку подигнување на капацитетите, унапредување на системот за менаџмент на одбраната и посериозно вложување од страна на земјите-членки е императив во оваа фаза на ЕУ. Не само што е императив, туку претставува и итност и тоа го одредува изворот на кој реферираме.[35]

Еуроактив за 2020 година предвиде неколку прашања од областа на одбранбената политика на ЕУ на која треба да се работи и внимава.

1. **Дилемата на европската одбранбена политика**

Главната заложба на ЕУ во 2020 година е да ги постави основите на заеднички воени сили и да ги обедини поединечните инвестирања на државите членки. Исто така, целта на ЕУ е да се обединат под иста капа ПЕСКО, Европскиот одбранбен фонд кој допрва

[34] (2009) Европска безбедносна и одбранбена политика. Стр. 7, 8, 12, 13, 21.

[35] Беро Судро, Л. Бојд, Х. Чајлдс, Н. Гигериш, Б. Хакет, Ц. Нуенс, М. (2020) *Европска одбранбена политика во време на обновен натпревар на моќ.* Извадено од: https://www.iiss.org/blogs/research-paper/2020/02/the-future-of-european-defence.

треба да се создава и заеднички воени сили со заеднички операции раководени од Европската комисија.

Очекувањата за овие амбициозни потфати се нарушуваат со скептицизмот кој се демонстрира. Најпрво, тоа доаѓа од изјавите на многу европски политичари, а потоа и се дава една критика преку нивото на одделување на буџетски средства. Одделувањето на 22,5 милијарди евра за 10 години е навистина мала сума за постигнување на повисоките цели на ЕУ.

Во насока на таргетирање на овие критики ЕУ веќе воспоставува начини за „извлекување“ повеќе средства за зголемување на буџетските инвестиции. Во рамки на ПЕСКО веќе функционираат 47 иницијативи за изнаоѓање извори на пари, а дел од процесот се 25 земји-членки. Така што, гледаме дека ЕУ сепак директно ги адресира овие проблеми и укажани критики во однос на водењето на одбранбената политика.

За целиот овој процес да помине во најдобар ред потребно е да се работи на поголема координација и интеграција за овој процес да помине 100 %успешно. Ова го велиме затоа што Финска, на пример, изразува незадоволство од поголемо финансирање на одбранбените политики. Исто така, претходно видовме дека самата Германија, еден од лидерите на проектот се двоуми во однос на поголемо инвестирање и до 2024 година ќе оддели само 1,5 проценти од националниот буџет за намената. Така што, пред да продолжи процесот на зајакнување на политиките, институциите мора да го сработат и овој дел и да придонесат запоголема координација и со вклучување на повеќе земји кои ќе инвестираат да се постигне задоволително ниво на интеграција.

2. **Воена мобилност**

Воената мобилност е една од определбите на Унијата. Претходно елаборираме за тоа и констатираме дека ЕУ ќе вложува во унапредување на воените капацитети, но и на сите аспекти на уредување на национален и меѓународен план за да обезбеди непречено движење на трупи за поголема безбедност и спремност за одговарање на предизвиците.

НАТО ги рестартира свотие оперативни зафати кои вклучуваат и вежби на територија на други држави. Над 37 000 војници се поставуваат во Полска за да се обезбеди готовност за Балтичките земји и заканите кои ги добиваат. Ова е особено важно заради ветото кое Турција го има на Договорот за безбедност на Полска и Балтичките земји.

Ваквата воена подвижност е самостојна цел и на ЕУ. Преку Европската агенција со идни цели за воспоставување единствена армија ќе работи оспособување на сопствени сили кои ќе ја гарантираат безбедноста на граѓаните. Во рамки на определбите на Агенцијата од 2021 ќе се инвестира во унапредување на инфраструктурата за да се осопособат основните предуслови за постојано движење на силите. Оваа инфраструктура опфаќа не само унапредување на патишта, железници и слично, туку уредување на регулатива и унапредување на процесот на донесување на одлуки на национално ниво за ефикасно да се постигнат целите за пдовижност.

3. НАТО наспроти Кина

По приемот на Северна Македонија во НАТО Алијансата се насочува на глобалните цели. Зајакнувањето на Кина како воена сила го запали црвеното светло во НАТО, а така треба да биде и во кулоарите на ЕУ.

Со новите политики НАТО станува поблизок соработник на земјите-членки, а ЕУ инвестира во одбраната преку сајбер безбедноста и нејзино подобрување и присутноста во Африка. Кина станува ривал и тука НАТО и ЕУ настапуваат блиско заеднички.

Заканата од Кина значи нов пат за НАТО. ЕУ мора да биде силен партнер на НАТО во овој процес преку ивнестирање во одбраната. Така ЕУ ќе се воспостави повторно како светска сила и на полето на одбраната.

Овие се неколку прашања кои се фокусни во оваа 2020-та. Очигледно ЕУ треба да напредува внатрешно, да остварува соработки со НАТО и да се фокусира на инвестирање во глобалниот мир.[36]

Овој е новиот ветар на промени на ЕУ кој оди во партнерство со НАТО. Стратешките определби на Унијата с еновите промени во одбранбената политика и очигледно е дека институциите дошле до коснтатација од овој дел од уредувањето на Заедницата е важен.

Коронавирусот и одбранбената политика на ЕУ

Состојбата со коронавирусот која трае веќе повеќе од половина година создава вистински предизвици за ЕУ генерално, но и ги тестира темелите на одбранбената политика. Евидентно е дека ова статус кво во рамки на безбедносна и одбранбената политика ќе потрае затоа што целиот фокус сега е свртен кон коронавирусот. Да, здравјето е дел од одбранбената политика, но тоа ќе биде единствениот дел во кој ЕУ сериозно ќе посвети време, а дали ќе се постигне одреден напредок е нејасно. Сега ЕУ е ставена на тест да ги заштитува своите граѓани од еден вирус на кој не му се гледа крајот. Пандемијата ја потресе ЕУ и ја натера да одделува неверојатни пари за да ги намали штетите.

Покрај здравствената криза, пандемијата ќе поттикне и друг тип на предизвици кои лесно можат да се претопат во нови кризи. Најпрво тука е кризата на легитимитетот на ЕУ која на почетокот не успеа да одговори соодветно на коронавирусот и со тоа максимално да ги заштити своите граѓани. Сепак, Унијата има простор да го промени тој впечаток, додека на долг рок да продолжи сериозно да инвестира и во здравството и пронајдоците од оваа област. ЕУ мора да продолжи со работа на одбранбената политика и покрај на воениот дел да се посвети и на здравјето.

Во овие моменти се разнишуваат и повисоките кругови. Сега се поставува прашањето каде лежи високата моќ и кој од највисоките редови треба да го понесе товарот на кој

[36] Брзозовски, А. (2019) *Ветар на промени во европската одбранбена политика.* Извадено од: https://www.euractiv.com/section/global-europe/news/wind-of-change-in-europes-defence-policy/.

ќе се потпрат земјите-членки. Ова е особено важно прашање за одбраната и бзбедноста. Унијата мора да покаже дека има легитимитет да се бори и со ваков тип на кризи и предизвици од несекојдневни размери. Кризата со коронавирусот веќе сериозно го погодува одбранбениот систем, но начелата на солидарност колективниот капацитет на кризниот менаџмент. ЕУ е сериозно повредена, а последиците допрва ќе се проценуваат, но Унијата мора да извлече поука од оваа пандемија за да во некоја наредна да ги сведува негативните последици на минимум.

Пред корона пандемијата во рамки на Заедницата се водеа сериозни дебати за одбранбениот систем и продлабочување на работата на стратешките определби. ЕУ се насочи кон воените способности, воената мобилност и работеше стратешки на одбраната. Во тој контекст ЕУ работеше во две насоки:

1. Инсистираше на поинтегрирана и поконкурентна Европа во рамки на одбранбената индустрија и одбранбениот пазар. Овие аспекти беа наведени претходно и речиси во секој извор што го цитиравме се зборуваше за интеграција ан ЕУ како еден од приоритетните активности и
2. Унапредување на стратешката автономија на ЕУ со цел да се намалат ризиците од внатрешни и надворешни кризи.

Од друга страна, пак, работата на едно повисоко супранационално ниво отвори и сомнежи за транспарентноста и и легитимитет во работата на одбраната.

После констатирањето на овие работи главната сугестија е ЕУ да направи краткорочни и долгорочни последици од пандемијата. Корона вирусот го менува светот на долги патеки и тоа е доволна причина Унијата да размислува стратешки за да ги анулира или барем намали последиците од оваа пандемија која очигледно ќе трае. Заканите по одбраната и безбедноста се големи и затоа мора да се пристапи сериозно кон проценка на последиците од пандемијата за да се направат и краткорочни и долгорочни планови за справување и одржување на безбедноста на граѓаните.

Но, од друга страна, во екот на пандемијата иницијативите за продолжување на инвестирањето во одбранбената политика не се стишија целосно. Не се стишија целосно затоа што преносот на медицинска опрема, помагала и лекови се базираат на одбраната и одбарнбената политика. Исто така, како што беше наведено погоре, самиот здравствен систем и подигнување на нивото на безбедност од овој аспект на граѓаните е дел од пдбранбената надворешна политика на ЕУ.

ЕУ воспостави сили уште на почетокот на пандемијата за да ги пресретнат сите потреби на здравствениот систем и со тоа да се заштитат граѓаните. Посебните цели од почеток работат на мобилизирање на национални армии на пренос на патници и медицинска опрема од една држава во друга. Во овој сегмент, точно е, одбраната ја има клучната улога и се базира на соработка на националните армии и цели државни системи кои пак го сочинуваат одбранбениот заеднички систем на Унијата.

Оваа мерка означува чекор поблиску до зајакнување на целосниот систем кој ќе биде подготвен за идни вакви слични ситуации кога здравјето на граѓаните ќе биде загрозено. Ова се однесува и на адресирање на евентуален биолошки напад, односно хипотетичка биолошка закана.

Според погоре кажаното важно е, во овој момент да се напомене дека се ова ќе води до зголемување на буџетот на ЕУ за одбрана. Ова претставува среќа во несреќа со оглед на фактот дека коронавирусот ги поттикна институциите на ЕУ одлучно да работат на зајакнување на безбедносната политика преку зголемување на финансиите за овој сектор.

Шефот за надворешна политика на ЕУ очекува ваквата поддршка за ЕУ, која се предвидува во време на пандемија, нема да исчезне во иднина затоа што коронавирусот е еден друг тип на закана и државите мора да бидат подготвени на долг рок да одговорат на предизвиците. Се' на се', ова се очекува да резултира со поцврста одбранбена политика и оваа несреќа наречена корона да донесе позитивни работи за Унијата. Ова е гледиштето на Џосеп Борел кој како одговорен за надворешната политика на ЕУ се чувствува како најповикан да дава вакви изјави и да ги преземе сите чекори кои ќе бидат детектирани како неопходни.

Во безбедносната и одбранбена политика одредени случувања и повлекувања на чекори резултираат со многу други работи кои произлегуваат како последици. Овде ќе зборуваме за позитивните последици и на тој начин ќе видиме дека одбранбената политика на ЕУ е дел од синџирот на Унијата за нејзиното функционирање. Па така, брзиот и полесен пристап до медицински лекови и медицински помагала ќе се подигне на повисоко ниво и тоа е дел од безбедноста на европските граѓани и нераскинлив дел на сеопфатната одбранбена политика. И тоа веќе го гледаме во справувањето со коронавирусот. На пример, се прави заедничка набавка на маски кои најголемиот дел се произведуваат во Кина. И преку оваа заедничка набавка ЕУ добива на својата интегрираност и нуди помош на државите во справувањето со овој проблем. Овој чекор е само еден пример како една одбранбена и безбедносна политика би функционирала.

Така што, гледаме дека оваа криза може да донесе многу позитивни работи за ЕУ. Од оваа криза ЕУ може да излезе, пред се', поподготвена за слични предизвици, да ги зголеми интегрираноста и единственоста и да биде помалку ранлива, односно преку својот пазар да се снабдува со она што и е потребно и да не биде зависна од туѓи пазари. Дали тоа навистина ќе биде така е тешко да се предвиди затоа што институциите на Унијата се мачат да обезбедат единственост и се чини дека ЕУ станува се поподелена. На корона вирусот можеби се' уште не му го гледаме крајот, но да се надеваме дека е почнат крајот на дезинтегрираната унија, и во рамки на одбранбената политика секако, која што ја имаме денес пред нас.[37]

Секако, денешната криза ќе има последици врз неколку полиња на ЕУ во наредните неколку години. ЕУ и државите ќе треба да преземат, повеќето веќе работат на тоа, храбри чекори за да се намалат штетите и да се прифати новата нормалност. Тоа се однесува на економија, општествениот живот и подеднакво на одбранбената политика.

[37] Лазаро, А. (2020) *ЕУ сака пари за „посилна одбранбена политика" во време на корона закана.* Извадено од: https://www.euronews.com/2020/05/14/eu-wants-funds-for-stronger-defence-policy-amid-coronavirus-threat.

Оттука, одбранбената политика која забележува незабележана досега динамика во нејзиниот развој и вложување се чини дека ќе претрпи. Тука зборуваме за ПЕСКО, за европскиот одбранбен фонд и други „алатки“ за кои претходно говоревме, а се создадени да го зајакнат овој дел од европското делување. Европскиот фонд ќе претрпи се чини најмногу. Зошто? Затоа што финансиите за овој фонд беа драстично намалени во претходните преговори кои се однесуваат на периодот од 2021-ва до 2027-ма година. Сега со оваа состојба се очекува државите да бидат уште понесигурни и да ретерираат во однос на финансирањето, а видовме дека финансирањето е она што ЕУ најмногу го бара. Ова може да се смени доколку Комисијата ги убеди несигурните држави дека тоа навистина ќе помогне во справувањето со корона вирусот.

Понатаму, како втора негативна последица е она за што надолго и нашироко зборувавме претходно, а се детектира како една од најголемите закани за граѓаните на државите од ЕУ. Зборуваме за адресирањето на состојбата со државите на источната и јужната граница, односно немирното соседство во овој дел од континентот. Напоменавме претходно дека ЕУ од 2016-та активно го адресира овој географски предел од политичко безбедносен акт. Со избувнувањето на кризата се очекува да се снижи нивото на политичка волја да се продолжи и да се засили справувањето со немирното соседство. Ова значи дека работата на безбедноста на европјаните ќе оди со намален интензитет затоа што фокусот на политичките фактори ќе биде сериозно свртен.

Третата очекувана последица особено пред вториот бран на коронавирус оваа зима е предвидувањето дека земјите ќе бидат уште повеќе насочени на внатрешен план и ќе го загубат интересот за делување кон надвор. За да се спречат нови бранови на ширење на коронавирусот државите, на некој начин се повеќе ќе се затвораат и ќе работат внатре. Тогаш ќе претрпи одбранбената политика секако, а за многу барања на ЕУ државите можат да бидат глуви.

Скоро се случи еден позитивен настан во одбранбената политика на ЕУ. Унијата и НАТО ја лансираа ИРИНИ за да го надгледуваат ембаргото на ОН во Либија. Сепак, во кризава ќе биде се’ потешко мобилизирањето на сили за ефикасно спроведување на оваа мисија. Државите свртени кон внатре ќе размислуваат се помалку на мировните мисии на Унијата. Евентуални нови огништа во Либија, Сирија или Украина тешко дека ќе го разбуди вниманието на државите и да ги прифаќаат иницијативите на Унијата во насока на зајакнување на одбранбената политика.

Понатаму, овие очекувани несакани последици за ЕУ треба да го натераат Брисел да изнаоѓа креативни начини како да ја поттикне солидарноста меѓу државите кога се зафатени со кризи како оваа. Ова треба да стане дел од заедничката безбедносна и одбранбена политика и треба да стане тренд кај државите. Корона вирусот не’ научи дека солидарноста е особено важна со оглед на фактот што сите држави се во иста „каша“ и на сите им треба солидарност. Заедничкиот пристап може да доведе до поголема соработка и интеграција на Унијата на долг рок.

Но, кога зборуваме за инвестициите во одбраната и на национално и на меѓународно ниво особено во време на пандемија како оваа не смее да се заборави дека самата криза од светски размери повлекува повеќе трошоци за адресирање на тој проблем. Државите

од средината на годината се соочуваат со значително зголемени „инвестиции“ за справување со корона вирусот. Насекаде низ ЕУ се подготвуваат и имплементираат економски „пакети“ за да се заштитат работните места, да се редуцира големото затворање на бизниси и да се излезе од оваа криза со што е можно помалку последици на економско-социјален план. Покрај државите и самата ЕУ подготвуваше и започна со имплементација на ваквите економски пакети за да помогне на државите-членки, но и на сите оние каде што има интерес. Државите и ЕУ се во големи трошоци и „инвестиции“ и кога на тоа ќе се додаде барањето за поголемо финансирање на одбраната тогаш доаѓаме до едно сценарио кое наликува на ќорсокак. Така, ЕУ и државите покрај справувањето со вирусот мора да одделуваат зголемена количина на пари и за одбраната. Иако, видовме дека одбраната е дел од процесот за справување со пандемијата сепак ова барање не наидува на плодна почва и тешко е да се разбере од страна на државите кои се соочени со голема смртност и закана од нови бранови.

Во ваков контекст ова звучи неприфатливо и оксиморон, но понатаму подетално ќе го разгледаме во овој момент и ќе разбереме во каква состојба се државите на ЕУ и како ова се перцепира од самите институции на Унијата.

Стивен Ерлангес за „Њу Јорк тајмс“ (Nyw York Times) пишува дека корона вирусот застана на патот на големите планови на ЕУ од кои што не е поштедена ни одбраната. Тие големи планови доживеаа силен шо со избувнувањето на кризата. Одбраната претрпи затоа што инвестирањето во областа беше особено потенцирано по изборот на Доналд Трамп за Претседател на САД во 2016-та година. Тогаш и Макрон и Меркел се согласија дека на ЕУ и треба т.н. „одбранбена автономија“ за да може да се справува со заканите и да ги решава проблемите кои доаѓаат од соседство без да биде зависна од САД и НАТО по секоја цена. На ЕУ по 2016-та и треба интеграција, автономија и, пред се’, подготвеност за да може да делува и воено за да ги решава проблемите и да осигура безбедност за своите граѓани. Сето тоа е доведено во прашање и при така редуцираниот буџет на ЕУ за одбрана пред почетокот на пандемијата.

Претходно се осврнавме на повикот на Шефот за надворешна политика за поголемо инвестирање во одбраната како една од алатките за одговор на пандемијата. Но, се чини дека тоа нема да наиде на слух, особено економската „дупка“ во ЕУ која настанува со излезот на Велика Британија од Заедницата. На овој тренд ќе влијае и лошото справување на САД со вирусот со што Европа се чувствува уште поранлива на оваа криза на која се’ уште не и се гледа крајот.

Имајќи ги во предвид овие неколку работи може да се заклучат два резултати. Едниот вели дека оваа криза навистина ја зајакна автономијата и интегритетот на ЕУ. Денеска најголемиот дел од граѓаните на државите-членки имаат зголемена доверба во ЕУ во контекст на справување на криза. Ако по утрото се познава денот, тогаш ова истражување на јавното мнение може на долг рок да резултира со поинтегрирана унија која ќе има поплочен пат заеднички да настапува и консолидирано да ги развива политиките.[38]

[38] Суг, М. (2020) *Истражување: Довербата во ЕУ се зголемува, но не и во државите.* Извадено од: https://www.politico.eu/article/survey-trust-in-eu-has-increased-while-trust-in-national-government-has-dropped-coronavirus-pandemic/.

И, ако кризата ја зацврсти автономијата на ЕУ, сепак идејата за зголемено инвестирање преку националнтие буџети и од ЕУ виси. Следствено на ова, ако не се инвестираат пари во одредена област токаш нема резултати и нема сериозност при работата во истата.

Програмите како ПЕСКО и Европскито одбранбен фонд донесоа многу позитивни работи за европската одбрана. Особено важен дел се 6,8 милијарди евра инвестирани во иницијативна за мобилност на воени ресурси. Овие програми дадоа еден полет на одбраната и тоа го видовме претходно во овој труд. Но, по излегувањето на Британија од ЕУ плановите на Унијата за одбраната се срушија како кула од карти. Во последниот 7-годишен план планираните инвестиции паѓаа постојано. Па така од 6,5 милијарди на 2,5, на 1 и пол и на крајот се сведоа на тоа. Да не заборавиме дека ова се случува во периодот пред пандемијата. Така што, ЕУ доживува силни удари, првиот е од Брегзит, а вториот од корона вирусот. И двата се' уште траат.

Оттука, од една страна имаме иницијативи за зголемено инвестирање, но стратешките планови во програмите на ПЕСКО и ЕОФ се сведуваат на минимум, а некогаш, како што видовме, на нула.

Денес во ситуација на корона вирусот до дека се подготвуваат нови „пакети" за одбраната речиси и да не се зборува. Иако, како што кажавме претходно, одбраната е дел од борбата со вирусот.

Глаудија Мејор од Германскиот институт за меѓународни и безбедносни прашања очекува ЕУ по кризата да креира само едно или две-годиншни планови за развој на одбраната, а не како претходно на седум и повеќе години.

Понатаму, кога сме кај корона кризата многу важни луѓе од европската безбедност се согласуваат дека оваа криза ги истакна и така големите проблеми на ЕУ. Според Јенс Столтенберг, генералниот секретар на НАТО, потенцира дека ЕУ е многу поназад и константно уназадува од одбранбен аспект споредбено со Русија и Кина. Кина и Русија инвестираат во воените капацитети, во сајбер безбедноста и справувањето на тероризмот. Овие две држави постојано се надградуваат себе си и работат на дополнително оспособување од одбранбен план. Во меѓувреме ЕУ покрај краткорочното инвестирање по 2016-та година често ги менува своите планови и со тоа одбраната ја става на „стенд бај". Државите околу, особено овие помоќните кои можат да бидат директно конкурентни и да ги „помешаат" плановите на ЕУ, постојано инвестираат, ЕУ стои во место и е ангажирана околу самата себе. Дополнително, доаѓа и коронавирусот која се чини многу повеќе ја чини Унијата, отколку наведените држави. Кина и Русија не ги менуваат своите планови заради вирусот, додека ЕУ се' запоставува и се псоветува да работи краткорочно.

Секретарот Столтенберг констатира дека ЕУ, барем во овој момент, не може самата да спроведе ефикасна одбранбена политика. Во овие моменти ЕУ без САД и без НАТО не може да се одбрани, односно зависноста на Унијата е се' уште „активна", а целта е нешто спротивно, како што видов порано во овој труд.

Иако, оваа изјава доаѓа од висок претставник на една алијанса која е близок соработник на Заедницата истата треба да се земе со резерва. Ова не е кажано за да се подрие авторитетот и придонесот на генералниот секретар на безбедност во ЕУ и сите земји-членки на НАТО, но неговото мислење е пристрасно и субјективно заради страната која ја застапува. Во една претпоставена ситуација, ЕУ ги има сите капацитети да се одбрани од било каква воена закана и да има целосно изграден систем на одбрана, односно да најде замена за НАТО – што тоа би значело за Алијансата? Можеби тоа ќе значи дека ќе ја изгуби смислата на постоењето и сите инвестиции во областа на одбраната државите поединечно можат да ги пренасочат кон системот на ЕУ. Влијанието на НАТО секако би се намалило во една таква ситуација и генерално Унијата би била способна сама да ги решава сите проблеми од оваа област.

Од овие причини останува простор да се верува дека ЕУ има одреден одбранбен систем на кој му треба да се надоградува уште многу за да може да биде целосно независен. Зависноста од НАТО и САД е присутна, но Унијата од 2011-та вложува сериозни напори да ја замени нивната улога. И, на долгорочен план веројатно така и ќе биде. Во моментов останува ЕУ да соработува со НАТО и да ги гради капацитетите за сопствена одбрана.

Сепак, има и друга димензија на изјавата на Јенс Столтенберг. Тој не дава силна критика за Европа, туку носи констатација која е прифатлива за сите страни и де факто е вистина. Тој одбива да обвинува и да наоѓа луѓе, институци и процеси кои треба да сносат одговорност за ниското ниво на изградба на одбранбениот систем.

Спротивно од него, Хоџ од Центарот за политички анализи не се штеди и на свој начин ја опишува состојбата со оваа област во ЕУ. Тој вели дека ако некој европски лидер повикува на стратешка одбранбена автономија, а истовремено Унијата и државите не вложуваат ниту едно евро за мобилност, тогаш никој Европа не може да ја сфати сериозно. Ниту САД, ниту НАТО, а можеби не и дел од граѓаните нема да го сфатат тоа сериозно.

Оваа критика на Хоџ јасно покажува на што треба да се насочи развојот на заедничката одбранбена политика на ЕУ. Вложувањето преку финансиски средства во целина е суштината на развојот, односно самите држави преку пропорционално инвестирање да ја зајакнуваат политиката. Поконкретно, Хоџ става акцент на подвижноста која треба да има изградени капацитети за движење и размена на трупи и други „алатки“ на одбраната. Тоа е суштината на зајакнувањето на оваа област и овозможување спремност за одговор на заканите.

Ана Висландер експерт за одбрана исто така се осврнува на воена т.е. одбранбена мобилност. Таа ги критикува финансиските средства кои се одделувале пред корона кризата, а уште повеќе и сега. Според неа, исто како во претходниот случај, не може да се зборува за ефикасна одбранбена политика без сериозно инвестирање во мобилноста од ваков тип. Уште помалку, со вакви инвестиции, може да се зборува за одбранбена автономија, она кон што се цели ЕУ. Според неа ЕУ се оддалечува од оваа цел со вакви „дебакли“ од аспект на инвестициите во мобилноста.

Потребата за ова расте дотолку повеќе со лошиот лидершип во САД и растот на Кина и Русија. Во оваа констатација Висландер се согласува со Францускиот претседател

Еманuел Макрон. ЕУ се повеќе, а најмногу во моменталната криза, ја чувствува потребата да се осамостои и да може автономно да се брани. Поддршката од САД се редуцира, додека заканите растат.

Ваквото намалување на буџетско учество во одбраната ќе повлече несакани чекори и од САД без оглед на тоа кој ја води администрацијата. САД ќе продолжат да бидат по посветени на Кина и генерално Азија и нема да можат да водат две битки истовремено. Оттука, поддршка на ЕУ кон САД е нопходна за самата одбранбена политика на Унијата. Поддршката е неопходна за ЕУ пред се да ги задржи своите стратешки пријатели, затоа што со невложување во одредена област секој свој пријател го оттурнува се повеќе кон своите проблеми. ЕУ може на долг рок да почне да ја губи поддршката од овие пријатели и да биде оставена сама на себе со капацитети такви какви што се. Ресурсите на САД ќе бидат насочени кон решавање на своите поблиски проблеми.

На крајот на денот, вирусот ќе поттикне една целосна ревизија на политиката на одбрана на државите, меѓу кои ќе спаднат САД и ЕУ. Тоа сигурно ќе се случи во Велика Британија, како една важна алка во изградбата на системот и по напуштањето на Унијата, затоа што тоа беше планирано и пред оваа криза. Корона вирусот ќе донеси нови цели, нови критериуми и ќе создаде една нова визија за одбраната, затоа што предизвиците од ден во ден се се поразновидни и бараат поголема флексибилност и брза прилагодливост на новите закани од повеќе страни.

Оваа криза за толку краток период одзеде број на животи кои се недостижни за ниту една од големите држави. Токму тоа ќе ја „раздрма“ одрбанбената политика на големите сили.[39]

Стратешка автономија на ЕУ

Погоре беше спомнат терминот автономија, а најновата омилена „фраза“ на Унијата е стратешка автономија. Тоа е надоврзување на веќе спомнатиот термин на автономија кој ЕУ сака да го постигне во одбраната, додека овој нов термин се однесува на погенерален контекст кон кој Унијата во време на корона вирусот, а и потоа ќе се стреми.

За претседателот на Европскиот совет Чарлс Микел се работи за стратешка независност која е новата определба на ЕУ на долг рок. Но, почетното презентирање на овој концепт донесе мала грижа кај либералите кои со право се прашуваа дали Унијата ќе почне да практикува протекционизам, кога се зборува за економијата. Ова е опрвдана грижа затоа што доаѓа како против одговор на „Прво Америка“, логото на Трамп и затоа беа искажани одредени ставови како страв од зголемување на „заштитата“ на европската економија што би можело да донесе наштетување на слободниот пазар. На ова, претседателот на Советот вели дека се работи за токму спротивен концепт – за дополнително ослободување на пазарот и економијата.

[39] Ерлангер, С. (2020) *Европската одбрана и „стратешката автономија“ се исто така жртви на коронавирусот.* Извадено од: https://www.nytimes.com/2020/05/23/world/europe/defense-autonomy-europe-coronavirus.html.

Овој термин е релативно нов и не е докрај јасен, односно значењето на истиот не е се' уште унифициран и со тоа се дозволува државите членки не ЕУ да го толкуваат по слободна волја. Разбирливо, тоа носи разлики во толкувањата и затоа за очекување е да се искажуват одредени загриженост како она погоре.

За Европската комисија „стратешка автономија" значи зајакнување на одбраната преку зацврстени меѓудржавни граници, од една страна, а од друга страна поттик европската индустрија да стана понезависна. Кога се зборува за индустријата се мисли на се, а не само на одбраната.

За Урсула Фон Дер Лајен, Претседателката на Комисијата, главната поента на автономијата е и независноста на индустријата и нејзино зајакнување за да одржува чекор со останатиот дел од светот, особено со партнерите.

Имајќи ги во предвид овие ставови, одредени истражувања имаат поинакво и, би рекол, потесно и поканализирано толкување. Според нив стратешка автономија се однесува на поставување на приоритети и донесување на одлуки за зајакнување на надворешната политика и безбедноста на континетот. Едновремено, ова повлекува зајакнување на внатрешните институции за да ги спроведат овие политики.[40]

Со ова не разбира само одбраната, туку процесот на достигнување безбедност во целина и насочување на надворешната политика не само за да се создаде влијание, туку, пред се', да се обезбеди сигурност за ЕУ. Во суштина, според ова истражување, стратешка автономија значи застапување и борба за своите вредности и интереси. Тоа значи создавање на систем кој ќе биде доволно силен да ги одбрани и да ги проширува своите интереси и да осигура зголемено влијание за своите вредности.

Овој термин не треба да се доживува како нов. Тој се внесуваше во контекст во 90-тите години и почетокот на 2000-те по конфликтите на Балканот. Потоа и во војната на Ирак и друго. Денес, најчесто овој термин се користи од страна на САД кога сака да укаже на посериозен пристап кон одбраната од страна на ЕУ. Да не биде се на рамената на Америка, туку Унијата автономно да преземе чекори за да ја зајакне својата засебна одбрана. Гледаме дека во овој контекст стратешката автономија се толкува искучиво во контекст на одбраната, а не безбедноста како целина, нешто што го видовме погоре.

Терминот е повторно заживеан со новите иницијативи во Европа за одбраната, кои послужија како индиректно објаснување на концептот и како ЕУ го разбира истиот.

Стратешката автономија не треба да се толкува како нешто дали Европа го има или го нема. Туку на начин што ќе се подразбира дека го има, но со прифатливи и неприфатливи аспекти. Со ваквото разбирање ЕУ ќе има став да ја унапредува автономијата и да ги надминува тие несакани аспекти од областа.

Под стратешка автономија се подразбира и ЕУ да преземе „позрел" пристап во споделување на товарот кога се работа за својата одбрана и глобалната безбедност. Иако, постои опасност ова да се разбере погрешно, односно да се разбере како против тежа на трансатлантските заложби.

[40] Липерт, Б. Ондарза, Н. Пертес, В. (2019) *Европска стратешка автономија. Вовед.*

Концептот за споделување на товарот го разгледавме и претходно и заклучивме дека тоа е главен приоритет за САД, пред се', а потоа и за сите партнери. Не само што овој концепт нема да се разбере погрешно, туку и се инсистира час поскоро ЕУ да ги оспособи своите капацитети за да можеме да преземе добар дел од товарот. Впрочем, тоа е една од главните цели кога се зборува одбраната на ЕУ. Унијата да биде доволно способна за да може да парира на своите партнери во заедничката работа на глобално ниво и работата на безбедноста внатре во Заедницата да ја преземе самостојно. ЕУ мора да фати чекор со своите партнери во насока на подобрување на капацитетите, осамостојување, во смисла на намалување на зависноста од НАТО, и спроведување на глобални политики самостојно како што тоа го прави во Африка. Она што е важно е ЕУ да се оспособи воено затоа што мисијата во Африка не бара воени интервенции и затоа Унијата е зависна од НАТО и САД при мисии кои бараат воени капацитети.

Исто така, се заклучува дека Европската унија сепак уште не е подготвена за да отиде ниво погоре во одбраната и безбедноста, генерално. Но, мора да се потенцира дека покажува одредена одговорност и повисока свест за безбедноста во државите припадници и генерално на глобално ниво. Со ова заклучокот е дека ЕУ тргнува на прав пат.[41]

[41] Фјот, Д. (2018) *Стратешка автономија: Кон стратешка автономија во одбраната?.* Стр. 1.

Заклучок

Од сите овие наведени извори и сите елаборации што ги направивме јасно е дека ЕУ мора да продолжи да работи на поставените основи од Европската стратегија за одбрана од 2016-та. Одбраната е важен елемент за сите области во кои ЕУ доминира. Но, важни се и сите документи почнувајќи од 2003-та кога за прв пат се воспоставила одбранбена и бебзедносна политика.

Сите тие упатуваат јасно на создавање на една цврста заедничка безбедносна и одбранбена политика која станува се понеопходна во свет во кој кога се очекува да владее мирот, се' уште се користат методи карактеристични за едно дамнешно време. Стратегиите јасно ги исцртуваат потребите и определбите на ЕУ на долгорочен план.

Од праксата, Емануел Макрон се испостави како неформален лидер во областа на одбраната и токму тој го движи очигледно поделениот француско-германски мотор. Но, и покрај различностите сепак целта е единствена – да се води една цврста и одлучна одбранбена политика која опфаќа инвестиции во инфраструктура, ресурси и долгорочни планови.

Во магистерскиот труд видовме дека има и одредени скорешни текови кои самиот претседател на Франција ги предизвика, а кои очигледно наштетуваат на европската одбрана и не се во интерес на обезбедување на поголема сигурност за граѓаните на ЕУ државите. И покрај тоа, Макрон сепак ќе остане еден од главните заложбеници на концептот на осамостојување на европската одбрана. Впрочем, неговиот план за надградување на овој сектор е многу поамбициозен од страна на германскиот концепт што само по себе укажува на големата сериозност во ова стратешко планирање и поставување на ЕУ на глобалната сцена, а со приоритет на безбедноста на своите граѓани.

Германија и Франција се најважните играчи на ова поле. По излегувањето на Велика Британија од ЕУ овие две држави остануваат најголемите, најсилните и најпроевропските. Со различни визии тие го развиваат системот на ЕУ, но позитивен знак е што свеста од важноста за одбранбена политика се подигнува. Тоа ќе придонесе за поголем развој на економијата, поголема интеграција, справување со екстремните и недемократски сили и што е најважно обезбедување на сигурност и чувство за безбедност на граѓаните на земјите од ЕУ.

Видовме дека Велика Британија останува главен партнер во одбраната на ЕУ, барем според планот на Франција. Обединетото кралство е еден од најлијателните и лидер во одбраната историски гледано до денес, но во идејата на Германија за развој на овие политика ОК го нема. Ова останува процес кој допрва ќе се „отплеткува", паралелно со излегување на Британија од ЕУ, нешто што предизвикува сериозни последици за ЕУ. Без оглед на тоа, ЕУ мора да изнајде волја и механизам да го надмине големиот недостаток од Британија и тоа може да го направи со имплементирањето на придонесот во одбрана на ОК, токму онака како што се рпедлага од Франција.

Безбедносната и одбранбена политика опфаќа широк дијапазон и таа не се однесува само на воениот аспект. Оваа област ги опфаќа миграциајта, настаните во третиот свет, случувањата на границата со ЕУ и земјите кои не се членки на Унијата, а се граничат со земји-членки. Потоа, дел од оваа политика е и сајбер безбедноста, заштитата на животната средина и користење на енергијата на паметен начин. Безбедносната и одбранбена политика опфаќа широк опсег кој опфаќа разновидни теми, области и случувања. Тоа детално го разгледавме во трудот и посочивме детално на кои области

во целина работи или како што сугерираат валидни документи треба да работи Унијата. Веројатно, најголемиот фокус се става на воената подготвеност, но тоа не значи дека тука завршува концептот на одбраната. Овој широк концепт спаѓа во вложувањата кои се бараат да ги направи Заедницата. Од една страна е НАТО која се залага за минимум 2 проценти вложување преку буџетски средства, но се сугерира секоја држава дополнително да вложува во секој наброен и потенциран аспект на одбраната и подигнување на нивото на безбедност кај граѓаните.

Преку стратегиите, извештаите и француско германскиот „мотор“ се опфаќаат сите аспекти на одбранбената политика, но посебен фокус, барем во овој магистерски труд, се става на одбраната во воен контекст, воената подвижност, а централен дел е европската армија. Разгледавме и неколку публикации, покрај стратегиите, кои алудираат на се она што треба да го преземе Унијата, под лидерството на Германија и Франција, а со асистенција на САД и НАТО. Најголемиот фокус се става токму на овие две држави лидери да ја предводат Унијата кон високо поставените цели.

Колку за илустрација на иницијативата на овие две држави и што се очекува од нив е отворените заложби за создавање на заедничка европска армија. Европската армија е проект заеднички за сите. Крајната цел на сите политики токму ваквата армија која треба да ја направи ЕУ глобална сила и од овој аспект е нешто околу кое сите големи држави се согласуваат. На овој начин Армијата ќе помогне да се надмине зависноста од НАТО, ќе се креираат партнерства со САД и на еден ефикасен начин ќе се решаваат проблемите од третиот свет. Со европската армија ќе се опфатат сите цели на унијата кои се провлекуваат од нејзиното основање, а самиот чин на креирање на армија ќе значи зацврстување на ситемот на Заедницата и овозможување нејзино постоење и овозможување убав живот на долг рок. Овој процес ќе го поттикне процесот на интеграција, нешто што и не се случува така лесно.

Европската армија треба да го започне т.н. процес на споделување на товарот со своите партнери. Ова, како што видовме во трудот, е едно од поголемите барања, особено од партнерите САД. Тоа значи дека Унија треба да стане компетентна на ниво на НАТО и САД за да може да учествува во глобалните мисии, а, од друга страна, да може да води и свои мисии без по секоја цена да се вклучува НАТО или САД. Армијата треба да обезбеди воена независност, што пак ќе резутира остварување на уште една заложба на Америка – поефикасна соработка во мисиите преку споделување на товарот.

Така што, видовме дека иако овој проект засега е далечен сепак е можеби клучното и крајно решение за сите усогласени ставови на партнерите на Западот. Европската армија секако нема да ги покрие сите области на безбедноста, но дефинитивно ќе го зголеми капацитетот на ЕУ сама да се справува со претходно дефинираните закани и да го зајакне партнерство со САД, НАТО и другите партнери. Повторно, ова е уште една иницијатива на француско-германскиот „мотор“

Во време на дезинтеграција на ЕУ и е потребна соработка и поттикнување на внатрешна и надворешна интеграција. Неопходна е одлучност во овие стратешки определби како што е одбраната. Но, ЕУ е систем кој своите зачетоци ги има уште на средината на 20-от век, така што и покрај одредени разединувања Унијата има капацитет да ги постигне своите највисоки цели.[42]

[42] Сернатони, Р. *Предизвици на европската безбедносна и одбранбена политика: Кон европска одбранбена зима?.* Извадено од: https://carnegieeurope.eu/2020/06/11/eu-security-and-defense-challenges-toward-european-defense-winter-pub-82032.

Во магистерската работа детално беа разгледани и стратегиите во областа на одбраната и безбедноста. На тој начин беше направен еден целосен преглед на реалноста на ЕУ и што и на кој начин треба да се постигне напредок за да се одговори на моменталната реалност. ЕУ нема друга иднина освен одбранбено осамостојување.

Користена литература

1. *Партнерство и заедничката стратегија на ЕУ и Африка.* Извадено од: https://africa-eu-partnership.org/en/partnership-and-joint-africa-eu-strategy.
2. *Евромедитеранско партнерство (ЕУРОМЕД).* Извадено од: https://www.ilo.org/brussels/ilo-and-eu/euro-mediterranean-partnership/lang--en/index.htm.
3. *Иницијативата на претседателот Макрон за Европа: Суверено, обединета и демократска.* Извадено од: https://www.diplomatie.gouv.fr/en/french-foreign-policy/europe/president-macron-s-initiative-for-europe-a-sovereign-united-democratic-europe/.
4. Крук, К. (2019) *Факторот Крим: Како ЕУ одговори на инвазијата на Русија над Крим.* Извадено од: https://warsawinstitute.org/crimean-factor-european-union-reacted-russias-annexation-crimea/.
5. Крук, К. (2019) *Факторот Крим: Како ЕУ одговори на инвазијата на Русија над Крим.* Извадено од: https://warsawinstitute.org/crimean-factor-european-union-reacted-russias-annexation-crimea/.
6. (2016) *Имплементација на заедничка безбедност и одбрана.* Членови: 3,9,12,15,17, 24, 27, 32, 39, 41.
7. Винтор, П. (2020) *Макрон ја образложува 10-годишната визија за ЕУ и повикува на поголема интеграција.* Извадено од: https://www.theguardian.com/world/2020/feb/15/emmanuel-macron-sets-out-10-year-vision-for-eu-with-call-for-more-integration.
8. Хантер, Р. Одбранбени капацитети и Иницијативата за одбранбени капацитети. *Европска безбедносна политика: Партнер или непријател на НАТО.*
9. Хантер, Р. Одбранбени капацитети и Иницијативата за одбранбени капацитети. *Европска безбедносна политика: Партнер или непријател на НАТО* (45-50).
10. Хантер, Р. По Хелсинки: Воспоставување на односот меѓу ЕУ и НАТО. *Европска безбедносна политика: Партнер или непријател на НАТО* (71,72).
11. Ландлер, М. (2018) *Трамп го напушти Иранскиот нуклеарен договор кој толку го критикуваше.* Извадено од: https://www.nytimes.com/2018/05/08/world/middleeast/trump-iran-nuclear-deal.html.
12. (2018) *„Хемискиот“ напад на Сирија: Трамп се залага за цврст одговор.* Извадено од: https://www.bbc.com/news/world-middle-east-43707023.
13. *Европски налог за апсење.* Извадено од: https://e-justice.europa.eu/content_european_arrest_warrant-90-en.do.
14. Совет на ЕУ. (2009) *Европска безбедносна стратегија, безбедна Европа во подобар свет.* Стр. 31 – 34.

15. Ландлер, М. (2017) *Трамп го призна Ерусалим како главен град и нареди преместување на амбасадата.* Извадено од: https://www.nytimes.com/2017/12/06/world/middleeast/trump-jerusalem-israel-capital.html.

16. (2020) *Расте гневот кон Макрон во исламскиот свет.* Извадено од: https://www.theguardian.com/world/2020/oct/28/anger-towards-emmanuel-macron-grows-in-muslim-world.

17. Џонсон, Џ. (2017) *„Мислам дека Исламот не мраза" Листа на коментарите на Трамп врз Исламот и муслиманите.* Извадено од: https://www.washingtonpost.com/news/post-politics/wp/2017/05/20/i-think-islam-hates-us-a-timeline-of-trumps-comments-about-islam-and-muslims/.

18. (2020) *Хуавеи напредува и покрај санкциите на САД.* Извадено од: https://www.bbc.com/news/business-54654806.

19. *ЕУ и Кина потпишаа клучно партнерство, иднината на комуникациските мрежи.* Извадено од: https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/es/IP_15_5715.

20. Гремер, Р. (2020) *ногу европски држави се вртат против Хуавеи благодарение на Трамп.* Извадено од: https://foreignpolicy.com/2020/10/27/trump-europe-huawei-china-us-competition-geopolitics-5g-slovakia/.

21. *Канада и ЕУ.* Извадено од: https://www.international.gc.ca/world-monde/international_relations-relations_internationales/eu-ue/index.aspx?lang=eng.

22. (2019) *ЕУ и Јапонија ги зацврстуваат билатералните односи.* Извадено од: https://www.eubusiness.com/news-eu/japan-trade.25dx./

23. 2020) *Односите меѓу ЕУ и Африканската унија: Заедничко коминике на Советот за мир и безбедност на Африканска унија и Политичкиот и безбедносен комитет на ЕУ.* Извадено од: https://www.consilium.europa.eu/en/press/press-releases/2020/10/26/eu-african-union-relations-joint-communique-of-the-au-peace-and-security-council-and-the-eu-political-and-security-committee/

24. Совет на ЕУ (2013) *Европска стратегија за безбедност: Безбедна Европа во подобар свет.* Стр. 22 – 27.

25. Херзенхорн, Д. (2020) *Страв и омраза (кон Доналд Трамп) во Европа.* Извадено од: https://www.politico.eu/article/donald-trump-eu-fear-and-loathing/.

26. Карничинг, М. (2020) *Трамп, Бајден и Германците.* Извадено од: https://www.politico.eu/article/donald-trump-joe-biden-angela-merkel-us-germany-transatlantic-relationship/.

27. 2017) *Заедничка изјава на Европскиот парламент и Советот.* Стр. 2,4,5,6,7.

28. *Песко.* Извадено од: https://pesco.europa.eu .

29. Куна, А. (2020) *Одбранбена политика по Брегзит: Дали Германија се насочува кон европска армија?.* Изведено од: https://www.e-ir.info/2020/07/05/post-brexit-eu-defence-policy-is-germany-leading-towards-a-european-army/

30. (2019) *Намаленото инвестирање во добраната на Германија го ослабува НАТО.* Изведено од: https://www.ft.com/content/303ec9e8-5c3d-11e9-9dde-7aedca0a081a

31. (2019) *Германија планира да го намали вложувањето во 2020-2023 непосредно пред извештајот на САД.* Изведено: http://www.defense-aerospace.com/article-view/release/203991/germany-plans-to-cut-military-spending-from-2020-to-1.24-of-gdp.html

32. 2016) *Германија ќе додаде 14 300 трупи како прво зголемување по обединувањето.* Изведено од: https://www.chinadaily.com.cn/world/2016-05/12/content_25241499.htm

33. Браун, Р. (2019) *Извештај на НАТО: Само 7 држави го исполнуваат зададениот таргет.* Изведено од: https://edition.cnn.com/2019/03/14/politics/nato-defense-spending-target/index.html

34. (2009) Европска безбедносна и одбранбена политика. Стр. 7, 8, 12, 13, 21

35. Беро Судро, Л. Бојд, Х. Чајлдс, Н. Гигериш, Б. Хакет, Ц. Нуенс, М. (2020) *Европска одбранбена политика во време на обновен натпревар на моќ.* Изведено од: https://www.iiss.org/blogs/research-paper/2020/02/the-future-of-european-defence

36. Брзозовски, А. (2019) *Ветар на промени во европската одбранбена политика.* Изведено од: https://www.euractiv.com/section/global-europe/news/wind-of-change-in-europes-defence-policy/

37. Лазаро, А. (2020) *ЕУ сака пари за „посилна одбранбена политика“ во време на корона закана.* Изведено од: https://www.euronews.com/2020/05/14/eu-wants-funds-for-stronger-defence-policy-amid-coronavirus-threat

38. Суг, М. (2020) *Истражување: Довербата во ЕУ се зголемува, но не и во државите.* Изведено од: https://www.politico.eu/article/survey-trust-in-eu-has-increased-while-trust-in-national-government-has-dropped-coronavirus-pandemic/

39. Ерлангер, С. (2020) *Европската одбрана и „стратешката автономија“ се исто така жртви на коронавирусот.* Изведено од: https://www.nytimes.com/2020/05/23/world/europe/defense-autonomy-europe-coronavirus.html

40. Липерт, Б. Ондарза, Н. Пертес, В. (2019) *Европска стратешка автономија. Вовед.*

41. Фјот, Д. (2018) *Стратешка автономија: Кон стратешка автономија во одбраната?.* Стр. 1.

42. Сернатони, Р. *Предизвици на европската безбедносна и одбранбена политика: Кон европска одбранбена зима?.* Извадено од: https://carnegieeurope.eu/2020/06/11/eu-security-and-defense-challenges-toward-european-defense-winter-pub-82032